# *Методија Андонов Ченто*

**Фиданка Танаскова**

# Методија Андонов Ченто

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2017 by Fidanka Tanaskova & Risto Stefov

e-book edition

**********

December 5, 2017

**********

## СОДРЖИНА

МЕТОДИЈА АНДОНОВ ЧЕНТО .................................................4
ПРЕСУДА - Од името на народот .................................................5
ТЕЖОК ЖИВОТ НАДНИЧАРСКИ .................................................9
СКАНДАЛОТ ВО ПРИЛЕПСКАТА ГИМНАЗИЈА ...................21
ОТВОРЕНИОТ СУДИР МЕЃУ ЧЕНТО И ТЕМПО ...................36
ОВАА ОСТАВКА ЈА ПОДНЕСУВАМ .......................................48
АПСЕЊЕ, СУДЕЊЕ, ЗАТВОР И ПОТОА ..................................54
ЧЕНТО: НЕ СУМ ШПИОН, НЕ СУМ ПРЕДАВНИК НА СВОЈОТ НАРОД .................................................63
ИСТОРИЈАТА НИКОМУ НЕ ПРОСТУВА .............................108
КРАТЕНКИ.................................................110

**МЕТОДИЈА АНДОНОВ ЧЕНТО**

***

Ова е труд што донесува непознати или помалку познати факти и сознанија не само за едно светло име Методија Андонов Ченот како наше наследство, туку и за еден период и за еден систем што се потпираше врз едноумието и едногласието.

Понудената аргументација и вистина во книгава, претставува драгоцено сведоштво за нас самите и несомнено го привлекува вниманието на читателот во земјава и сред емиграцијата.

Напишана читливо, занимливо, и уверливо, богато илустрирана, првата монографија за првиот претседател на македонската држава на Фиданка Танаскова има масовни читатели и предани приврзаници.

Д-р Блаже Ристовски

***

Вистината за Методија Андонов Ченто, човек кој секогаш за македонскиот народ бараше право на слобода и среќа, е вистина за Македонија и македонскиот народ. Овој труд е обид вистината за големиот Ченто да стане колективно историско благо за нашиот народ и да влезе, како трајна историска вредност, во национално-политичката свест на македонскиот народ.

Со еден збор, авторот ги коригира и "учените" што го почитувале принципот "кога не можам да ја кажам вистината, претпочитам да лажам", и уште еднаш потврди дека "зборот секогаш треба да биде вистина, а вистината секогаш да се изразува преку ненавреден збор".

Д-р Стојан Киселиновски

***

**ПРЕСУДА - Од името на народот**

Методија Андонов Ченто (44) се лишува од слобода 11 години, со присилна работа и губење на политички и одделни граѓански права, освен родителските и тоа, пет години по издржувањето на казната... Окружен народен суд во Скопје. Претседател Панта Марина, членови Лазар Мојсов и Коле Чашуле, помошен јавен обвинител Благоја Поповски. Пресудата е според Законот за кривични дела против народот и државата, а по одржаниот главен и јавен усмен претрес на 19, 20 и 21 ноември.

Во Скопје, 23.11.1946 година

Така му пресуди Народниот суд на првиот претседател на Република Македонија. Така му пресуди, а конечно, така заврши и се изврши за Методија Андонов Ченто. Неговата жалба, адресирана до Врховниот суд на Македонија и до Окружниот суд во Скопје, беше одбиена и новопонудените аргументи не излегоа на мегдан за да можат пред лицето на правдата и пред лицето на јавноста, евентуално, да повлијаат на строгата казна – 11 затворски години со присилна работа, кои станаа и останаа Чентова судбина, а само малку подоцна и негов дефинитивен крај.

Дали тоа беше праведно одмерен аршин за грешките и сторените дела? Можеби данок за непокажаното покајание на никогаш не понуедната молба за прошка?

Дали тоа беше данок кој мораше да се плати.

А кои се големите Чентови гревови, што му ја донесоа омразнатата и неславна титула на предавник, шпион, грешник, соработник со непријателите и со странските сили... Ред до ред, најтешки, опасни, обвинувачки квалификативи, кои во тоа време, па и во други времиња, доволно се уривачки, лесно и бргу, речиси одеднаш да го збришат и избришат човека од јавната, па дури и од историската сцена, засекогаш.

Дали историјата (не) се пишува додека се хероите живи? А, како ќе се пишува кога хероите заминуваат, тоа сигурно како и досега, а и во иднина, ќе покаже и докаже времето, чиј суд низ столетијата бил некаде со променлив успех, но главно бил суд, верен и непогрешлив. Треба ли и во оваа 1990 година не само да се прави обид, туку многу настојчиво да се трага по расветлувањето (па нека е и делумно) на оние често споменувани црни петна – бели петна, на оние неразјаснети периоди од нашето минато да се одгатнуваат мистериите за одделни личности итн.

Зашто, одвреме-навреме, за последниве години позасилено, случајот на - Методија Андонов Ченто ги бранува духовите, бидејќи и наметнувајќи многу дилеми и прашања, отворајќи непознати простори, нудејќи непознати факти и трагајќи по нови одговори!

Но, како да се пишува и опише, како да се допре всушност, до вистината – Ченто? И кој беше Ченто? Каков беше неговиот животен пат? Кои му беа идеалите, за што се залагаше? Дали е невина жртва, или го доби тоа што му следуваше?

Тешко и неизвесно беше повеќемесечното наше барање изворни документи, молби за контакти и средби со љубезните, колебливите, нељубезните и воздржаните соговорници. Потоа, дилемата – како да се прекине молењето на дел од значајните сведоци. Како да се одговори на заканите и “добронамерните одвраќања” од вакви “жешки теми”? Конечно, малку нешто можеше да биде посилно од желбата да се трага чесно, за да се дојде, да се допре до вистината, толку-колку што е можно, толку-колку што дозволуваа условите и околностите. Тој предизвик, беше навистина голем.

Најпрво, за ѕидот на молчењето и сомничавото вртење на главата, затворањето телефони и избегнувањето на натамошни контакти, само при споменувањето на името Ченто. Така и се случуваше, претходниот договор веќе утредента да не важи, бидејќи дел од идните соговорници се премислуваа преку ноќ и сметаа дека сепак, најдобро е тие да останат подалеку од оваа тема, со шепнување и кусо возвраќање оти нивните кажувања и

записи ќе се отворат, но, само по нивната смрт или по смртта на одделни врвни личности од тој период?

И, кога кај некои луѓе се успеа да се појде, па макар и само на консултативна средба, тогаш авторот на овие редови не ретко беше дочекуван со сомничавост и со првата и најважна резерва (или одлука) – тие не сакаа да зборуваат.

И ова не е се:

Упорноста и желбата да се допре до архивите, да се отворат досиејата, да се проверат одделни факти, останаа, сепак, повеќе желба отколку стварност, зашто и тука се немаше којзнае каква среќа. Имено, во писмото испратено до ЦК СКМ, баравме да ни се овозможи да ги добиеме на увид документите од партиското политбиро, поточно од состаноците во почетните дни и месеци на 1946 година кога, не само што е период на најжестоки критики на Ченто, туку е време кое, практично, е и пресудно за оставката што набргу потоа ќе следува – заминување од функцијата претседател на Президиумот.

Писмото од ЦК СКМ, навистина бргу пристигна, меѓутоа, со разочарувачки одговор, зашто во тамошните архиви воопшто не постојат записници или друга “употреблива” за нас документација од тој период. Оттаму, беше и логично прашањето: каде се тие? Кој имал пристап и дозвола да ги земе и да ги однесе? Кому не му одговарало да останат сведоштво за генерациите? Дали завршиле (најверојатно и најголем дел) во приватни, лични депоа или, пак, намерно им е избришана секоја трага поради (не)познати причини? Дотолку повеќе што ги нема, барем не, поцелосно ниту во Архивот на Македонија како што повеќемина не упатија, а и ние со нив малку наивно верувавме оти е така.

Писмо со лична содржина, поточно со барање да ни се стават на увид дел од досиејата на Методија Андонов Ченто, упативме и до РСВР. Меѓутоа, и тука ни беа променливи и среќата и надежта.

При затворени врати и доста испразнети архиви, барем со она најважното, најнужното, при одбивање и сомничави приеми кај одделни живи и значајни сведоци, кои можат и треба да говорат и да проговорат, остануваше да се потпреме на подадената рака за соработка, разговор и ставање на увид како на расположливите материјали, така и на сеќавањата и желбите за помош кај сведоци – директни и индиректни учесници, блиски и далечни луѓе, оние кои изразија готовност и волја да проговорат и да помогнат во настојувањето да се обелодени вистината за случајот Ченто. Случај, кој цели 44 години останува да биде, за еден голем дел, да не речеме огромен број луѓе табу-тема, под чиј превез се крие многу нешто некажано или недоискажано, нејасно, таинствено, рашомонски... До тврдењето и сомневањата, што не следеа речиси постојано, дека тоа е монтиран процес, со изманипулирани актери и сведоци, од тогаш некаква раздвижена машинерија итн. итн.

Но, како може да се премолчат пораките и прашањата што ги содржат паролите и плакатите кои осамнаа на ѕидови во Скопје, Охрид, Прилеп: “Ченто живее”, “Кој го уби Ченто”, “Вистината за Ченто”, “Прозборете за Ченто”. Потоа, плакатите што продефилираа на митинзите на младите и на еколозите: Барањето од страна на македонски организации од Торонто, од Перт и од Сиднеј, барања чуени и од трибините на новооснованата МААК и Лигата за демократија за враќање и сместување на Ченто во оние историски рамки во кои и беше оваа личност. И најсилно, и најмасовно од сите, остана она ехо – Ченто, Ченто! што прозвучи од илјадници грла на скопскиот собир на солидарност со Македонците во Бугарија, кога и неколку слики на првиот претседател на Република Македонија беа наредени крај оние другите, високо издигнати револуционери и заслужни македонски дејци.

Отворањето на досието на Методија Андонов Ченто, но, од оваа временска дистанца, навистина нуди една повидоизменета, подолга животна сторија, проследена низ годините на неговата младост и зрелост, како работник дуќанџија, граѓански напреден активист, видна личност на прилепската чаршија. Потоа, сторија за излегувањето во партизани, членувањето во Главниот штаб на НОВМ, за доаѓањето на тронот – прв

претседател на Основачкото собрание на Президумот на АСНОМ, прв претседател на македонската Република – па се до разногласијата, несогласувањата и поинаквото видување, до неговите поинакви ставови за одделни потези и решенија на раководните органи и личности во тоа време и се до падот и заминувањето од политичкиот живот, апсењето, судењето, затворот и смртта.

Овој широк и знаен, но по многу нешто непознат мозаик, чие заокружување (како што споменавме) бараше доста време, трагање и стрпливост, да се надеваме дека, сепак, ќе даде една поцелосна слика и ќе проговори (по)автентично за табу-темата наречена Ченто. Со отворени страници за сите оние кои би понудиле ново, неистражено, а значајно за оваа личност.

## ТЕЖОК ЖИВОТ НАДНИЧАРСКИ

*Години минати во битката за леб и преживување на младиот Методија*

*Прекарот Ченто од лапсусот-напред чето!*

*Големи игри и надмудрувања во изборните трки на тогашната власт. На листата е и Андонов со голема поддршка од напредните младинци и своите сограѓани*

Кој е Методија Андонов Ченто?

Сепак најдобро е да се тргне од почетокот:

Методија Андонов Ченто е роден на 17 Август 1902 година , во Прилеп, во сиромашно семејство и во средина, во која мајка му Захарија (од Прилеп) и татко му Андон (од селото Лениште) се доселиле во градот под Марковите Кули, само неколку месеци пред да му се израдуваат на своето прво родено машко дете. Зашто, ниту едно од трите девојчиња пред него не преживеало. Болестите, сиромаштијата и општите животни услови го земале својот суров данок.

Без покрив, без земја, без пари, фамилијата Андонови, надницарела на афионските и на тутунските Прилепски полиња, заработувајќи толку колку да може одвај да живее. Судбината е иста и за Методија којшто, од првите дни на детството и на младоста ја почивсвувал на сопсвената кожа борбата за опстанок и повеќе пати поради неисхранетост бил на работ меѓу животот и смртта. Многу рано морал да печали и да придонесува во семејното ќесе, главно со аргатување и чиракување, снаоѓајќи се на сите можни начини во тоа време. Но и покрај сета суровост на животот околу него, тој имал силна желба да учи, колку што, се разбира, му дозволувале условите. Така дошол до четворто одделение и кога била прекината наставата поради почетокот на Првата балканска војна и Српската “капа” над Македонија, учењето на туѓ јазик и се друго одново му паѓале тешко, но не го поколевале, туку напротив, на тој, по извесни прекини, и учи, и работи по бавчите и дуќаните, по железничките пруги, тунели и на изградба на патишта.

Во 15-тата година, неговото работно место е од рано наутро па се до доцните претполноќни саати. Преголемо и пресилно оптоварување за слабиот и недохранет млад организам. Меѓутоа, маките и проблемите го следеле како проклетство. По тешката таткова болест, Методија рано станува главата на Андновви. На 17-годишна возраст веке е принуден да почука на вратата на темните, правливи хали на Прилепсиот монопол. Работодавците го дочекуваат сомничаво. Вртат со главата и не сакаат да примаат едно од кожа и коски момче, кое и натаму упорно, со судни маки докажува дека е веќе возрасен и со многу тешка материална положба, па некако, сепак, успева да влезе низ вратите на монополот.

Тешките времиња, живот неизвесен, евтино надницарење во правливите сали на Прилепскиот монорол и по многуте тутунски полина - е разочарувачко, но, ете неминовно секојдневие на младиот Методија Андонов, кому борбата за опстанокот му се наметнува како неминовна преокупација и таа станува негова судбина. Меѓутоа тој се ќе поднесе стоички, исчекувајќи подобри времиња и правејќи планови за една поинаква своја иднина.

Отворењето на стручното Трговско училиште во градот одвај го дочекува, се запишува со голема волја и го завршува во рокот, со одличен успех. Околу 1921 година е основано и првото гимнастичко друштво во Прилеп каде што набргу станува еден од неговите најдобри членови, толку добар што честопати лично самиот ги водел редовите вежби на четата. Еден ден, при командувањето наместо да извика "напред чето" тој направи лапсус, па нареди "лнапре ченто". Другарите прснале во смеа, шегата ја престориле во вистина и од тогаш така почнала да го викаат постјано својот приател. Во почетокот многу им се лутел на овие прилепски врсници и младешки играрии, но кога мајтапчиите го разнеле прекарот низ чаршијата веќе се било готово. Ченто се помирил и прекарот му останал за секогаш.

Во ова меѓувреме почнува со работа и Гимназијата. Методија е повикан од својот учител, кој, како на одличен ученик, му предлага државна стипендија и можност да го продолжи школувањето во Белград или во Загреб. Но, како да замине од Прилеп? Може ли да се остават на милост и немилост најблиските, домашните. Многу тешката фамилијарна состојба и низа други причини биле на крајот пресудни за конечното – не, и тој останува во Прилеп. Кога е затворен и монополот, Андонов одново се враќа по заработката во чаршијата и во тамошните крчми и дуќани.

Што утре, како натаму – биле постојаните дилеми на Методија особено во оние чирачкокалфински предолги денонокија во прилепската чаршија. Не можејќи повеќе да го издржи тоа темпо во трката за гол живот, цврсто се амбицира, ја минува тогашната процедура и во 1926 година го добил првото уверение од властите за лично крчмарско право, со што почнуваат неговите мошне успешни дуќанциски години и децении. Тој есента ја отвора својата прва, вистина скромна бакалница, но тоа е почетокот на сите оние времиња натаму, кога станува еден од видните личности на прилепската чаршија, а дуќанот едно од значајните места на средби и договори, на минување и на состаноци на најнапредни, прогресивно ориентирани сили и на интелигенцијата од градот под Марковите Кули. Секако значајно место, бидејќи тука, во тој

дел, речиси пулсирало срцето на еден вистински богат, интересен, несекојдневен градски живот, каде што се одигрувале многу добри и неубави случки и настани.

Инаку, уште од трговско-училишните дни тој почнува да чита социјалистичка литература, за правото на работниците, па ќе рече: “Како гимнастичари, како членови на мандолинскиот оркестар не воспитуваа да го сакаме кралот и да прифатиме дека сме јужносрбијанци. Меѓутоа, очекувањата и резултатите на властите им беа обратни. Зашто, колку повеќе мислеа оти не убедуваат во тоа, двојно повеќе во нас буеше и себесознавањето и револот оти не сме тоа што други ни наметнуваат и посакуваат. Членувањето во соколското друштво го прифативме за да можеме почесто да се среќавме, да ги провеpуваме идеите меѓу нас, да разговараме и да се договараме, без да страхуваме оти ќе паднеме во очи на полицијата која забрануваше собири посебно во вечерните часови…”

Во оние интересни па и незаобиколни настани од неговиот живот ќе ја споменеме и брачно-венчалната рашомонијада, чиј расплет траел дури шест години. Имено, по свршувачката во 1929 година, со стројната мома Василка Поп Атонасоа, попска внука, му било префрлено дека, кога веќе влегува во таква фамилија не би требало да се занимава со политика и тоа со погрешна, марксистичка, која нема добри мисли за црквата. И згора на се, проповедот на некојси свештеник Грдановиќ кој бил најгласен во предупредувањето дека не чини тоа што е здружен со противници на кралот и на државата, зачинето на крајот со најсериозната закана дека мора да му е јасно оти црквата може да не му даде согласност за венчавка.

Останувајќи непомирлив со лицемерството и на свештеникот Грдановиќ, но и на други црковни лица кои, според него, проповедале еднаквост, а најмалку правеле неа да ја има, на таквата уцена за покорност, одговорил дека во бракот може да стапи и без помош на црквата и пркосно решил сепак да биде по негово: заминува во Нови Сад, се пријавува за привремен жител и таму 1930 година склучува граѓански брак со Василка Поп Атанасова, што била невидена “дрскост” и шок не толку за

попското семејство, колку за некои други во градот. Само, новопечениот младоженец и не претпоставил уште колку судски и канонски пречки и други прагови ќе го чекаат за да стекне полноважен, озаконет брачен статус. Ова невесело поглавје на стартот од новата животна заедница е окончано дури во 1936 година, и тоа со одлука на Касациониот суд во Белград.

Во тоа време фамилијата Андонови е зголемена за два сина, а Ченто доста напреднато и веќе со стекнато солидно име и реноме работи во чаршијата. Се дружи со прогресивни младинци од градот, а неговиот дуќан е место каде што се собираат напредните студенти кои имале и носеле слободољубиви и прогресивни идеи. За тоа подоцна Методија Андонов ќе рече: "Најмногу се восхитував кога дискутиравме за минатото и за новото, за подобрата и посреќна иднина, наша македонска, која мора да се избори и оствари. За великаните од овој крај Ѓорче Петров и Пере Тошев, за другите видни македонски имиња од револуционерното минато. Тоа многу ме исполнуваше и ми даваше чудесен елан и волја…"

Некаде пред крајот на 1934 година прилепските студенти ги пренесуваат директивите од Белград кои носеа порака, Комунистичката партија да се бори и да настапува против власта, преку легалните напредни опозициони партии. Се настојуваше да се формира нов македонски фронт наречен Македонски национален покрет или МАНАПО, чија платформа ќе е автономија на Македонија и нејзина самостојност во заедничка федеративна Југославија.

Младите стануваат се поактивни, носители се и креатори на новото и прогресивното и почнуваат да испишуваат нови страници на прилепскиот живот и македонската вистина. Почнуваат да се испишуваат и растураат и летци. Летци донеле и студентите од Белград со потписот на Драгољуб Јовановиќ, за кого и Ченто верувал дека искрено ја поддржува борбата за македонската самобитност, а против Љуба Давидовиќ кој не сакал ни да чуе за Македонија и за Македонците. За учество во акцијата и за пренесувањето и растурањето на летците Ченто е поткажан и набргу потоа затворен.

Ова предупредување и закана на властите уште повеќе го предизвикуваат, па продолжува многу поупорно да се активира во политичкиот живот во градот. Во 1935 година, со помош на своите сомисленици и напредни граѓански претставници, е кандидиран на изборите на Здружената опозиција на Мачек, кој е за федеративно уредување на Југославија. Меѓутоа, со фалсификат и со нечесни игри, битката на изборите е загубена. Една година подоцна, врз основа на пријавата од началникот на околијата, за наводно организирање на политички собир без претходна пријава и дозвола од полицијата, Ченто е осуден на казна затвор и глоба од 4.000 динари. Не помогнала ниту жалбата до бансКата управа во Скопје, која не го погазила првостепеното решение на "ревносниот" началник, па во август Ченто мора да ја одлежи казната и да ги плати парите. Навистина, Управниот суд во Скопје ја поништил банската пресуда, но кога веќе било доцна, дури на самиот крај на 31.12.1938. Мала сатисфакција, особено што правдата стасала по цели две години влечење на тој процес.

Инаку, во текот на оваа година Ченто е се поактивен во политичкиот живот и ценет човек на чаршијата. За него своевиден предизвик се и изборите за Народната скупштина каде го чекала неизвесна битка. Тој во родниот град, пред се, морал да ја добие поддршката за пратеник на Здружената опозиција, што едновремено значело и потпора, во инаку силната трка на партискиот мегдан. Ченто го форсираат и студентите со кои одлично соработувал, со членовите на КП, чин имиња и презимиња и тогаш, а во наредните години уште повеќе ќе бидат познати и ценети, како активисти и борци во Македонија и подалеку: Кузман Јосифовски, Мирче Ацев, Борка Талески, Јоска Јорданоски, Љубен Лапе, Димче Мире…

Следала друга изборна трка кога влегува на листата на Земјоделската партија, која е член на Здружената опозиција. Многу жестокои отворено е водена битка околу тоа – дали водачите на српската Земјоделска партија на чело со Јоца Јовановиќ ќе се борат за националните права на Македонците, зашто отпорите од почетокот биле огромни. Но, упорните прилепчани не мирувале и не денгубеле во исчекување на

нечија милост и добра волја, па затоа и директно контактирале со лидерот Влатко Мачек кој ги поддржувал националните права кои би ги добиле Македонците во федеративно уредената држава. Јовановиќ и Земјоделската партија подоцна исто така дел од тие права и барања прифатиле, но со услов да не бидат истакнувани пред, туку по победата.

Наближувањето на изборната трка претпоставувало доста договарања, работа, добро организирање и повеќе патување. Ченто бил двојно ангажиран и како меанција со тоа што неговиот дуќан бил собирно место на членовите на партијата, а и како човек кој работел директно на теренот. И не случајно на изборите, речиси главна била паролата Ченто – Мачек, што во конечна сметка подразбирало очекување на уверлива победа на оваа партија и нејзиниот кандидат.

На денот на изборите просторот околу дуќанот на Ченто бил претесен да ја прими масата народ која надоаѓала од сите страни кон центарот на градот. Покрај многубројното граѓанство биле присутни и неговите другари од соколското, од велосипедското друштво, планинарите, фудбалерите на Хајдук итн.

Штотуку формираната колона со високо кренати транспаренти на кои впечатливо биле испишани паролите за демократија и за народни права и слободи, тргнале кон гласачките места, минувајќи низ центарот на Прилеп, и натаму, по битолското џаде пристигнале кај месноста Ѓогдере, каде што се нашле очи во очи со полицискиот и воениот кордон. Поворката се претворила во демонстрации. Учесниците извикувале пароли “за демократија”, “Долу владата”, но веќе биле немоќни пред бајонетите и разбеснетите жандарми па на крајот морале да се разотидат.

Исчекувањето на резултатите од изборниот дуел и носел и не носел сомневање. Пребројувањето на гласовите набргу му донело возбуда на Ченто, кој со другарите веќе бил убеден во победата, затоа што се покажало оти од 3.815 тој добил 2.113 гласа. Меѓутоа, ЈРЗ партијата, која добила мнозинство, го искористила законското право да одземе од опозицијата 40

отсто од изгубените пратенички места, меѓу кои потпаднал и Ченто. Веројатно затоа што идната владеачка партија ЈРЗ не сакала и се плашела во Собранието да има такви противници.

По тие валкани изборни игри и по некои други нечесни подметнувања на Мачек, а подоцна и на Гавриловиќ, било повеќе од јасно оти "никој не ќе му подаде рака на Македончето", како што запишал Ченто, туку дека без никаква помош мора сам да ја води и добива битката за правда и вистина, независно дали ќе бидат тоа изборни трки или други начини. Зашто, за каква и да е поддршка, секогаш платената цена била превисока, а корисноста, речиси никаква.

Очигледно било дека речиси секој од лидерите на режимот, ветувал и се додворувал на свој начин, главно за да собере и однесе гласачки поени во изборните трки, кои кога ќе бидат завршени, тогаш оделе во неврат и силните ветувања и нудените "добродетелства" за народот.

Затоа, развенчавањето со мачековци, гавриловиќи, цветковиќи и со некои други, станало неминовност, а збивањето, зајакнувањето на сопствените редови, неотстапна определба на таа силна и доста политизирана прилепска маса прогресисти и патриоти.

Како човек од еснафот, од народот, како дуќанџија, Ченто бил избиран и за претставник од страна на трговците и угостителите од Прилеп во Индустриско-трговската комора во Скопје, при што на седниците на нејзиното собрание поставувал доста "незгодни" прашања и смело и отворено истапувал против политиката што ја води комората, политика која била во полза на индустријалците и на државата, но на штета на трговците кои пак, оптоварени со глоби и давачки, своите сметки ги наплатувале и од онака сиромашниот џеб на своите муштерии.

Не можел и не го премолчал и постојаното трубење дека Кралството многу сторило за народот на Јужна Србија (односно за Македонија) кој занесен за некаква си Македонија ништо не и возвраќа на државата. "А кој го прашувал кутриот народ. Па тој бил пљачкосуван и черечен на сите начини, даночно товарен

толку многу што не можел глава да крене”, рекол Ченто, кој чемерно ги примал овие режимско попувачки навреди, па еден ден, не можејќи повеќе да го издржи сето тоа, станал и на седницата на Комората, меѓу другото, рекол:

“Доста ни е од ваквите префрлувања дека сме неработници и дека државата многу повеќе ни дала отколку што зема во изминатите години. Јас ви велам – не! Нам државата многу ни зема, а ништо не ни дава, па, ајде оставете не ние самите да ја управуваме слободна Македонија. Знаејќи ја денес како изгледа, дојдете по пет и десет години и ќе видите што ќе биде од неа…”

“Каква ли дрскост било тоа. Каква ли смелост да се стане и да се проговори такво нешто”, запишале будните режимочувачи кои за овој “инцидент” и директно го информирале претседателот на Министерскиот совет и тоа со строго доверливо писмо од 8 јуни 1940 година во кое му се изложува загрижувачкиот дух на сепаратизмот: “Идејата за создавање на слободна Македонија се пробила во толкава мера што била доволна само искра (особено) младината да пламне…”

Отворни стрели му се упатуваат на Ченто кој се нарекува познат автономист и сепаратист од Прилеп и огорчен противник на режимот. Меѓутоа, не можејќи да го замолчат, тие се му паметат и бележат до следното апсење, до следните полициско-затворски одисеи…

На пленумот на Трговската комора од Скопје пред 60 претставници од сите краеви на Вардарската бановина тој одново се огласува: .Зошто поднесуваме резолуции и молби. Зошто зборуваме кога оние надлежните од Белград се покажаа неспособни да водат држава и стопанска политика кај нас, во Југославија… Нека ни дадат слободна Македонија…”

Непомирлив е и натаму; па гледајќи оти управата навистина тера по свое, тој писмено се обратил до скопскиот бан барајќи да се суспендира тогашната управа во која биле само Срби, но и до изборот на нова, банот во комората да постави комесар. Секако овие јавни истапи веќе му ја скроиле капата, и покрај

другите квалификативи, неговото однесување е оценето како дрскост, и како штетно за големосрпската власт. Дежурните режимски мирочувари со загриженост ќе запишат и ќе напишат до министерот во 1940 година дека во "Прилеп веќе не се чувствува оти има Срби. Дека во јужните краеви загрижуваат активностите на комунистичко-сепаратистичките сили".

За Прилеп посебно ќе нагласат оди од100 луѓе, 98 се против Србите. Доказен материјал за аларм и за лавина од остри мерки и конкретни закани. Ченто има посебно место "на топ-листата" на најбунтовните и бележитите, на неподобните и опасните, за човек кој отворено истапува и сее немир кај се поразбудената народна свест. Режимлиите правеле се само за да се "заштитат" младите од поматување на умот и од инфицирањето со национал-патриотските чувства.

Еден од многуте примери е секако оној кога властодржците и нивните истомисленици, пред крајот на 1940 година, во ФК Хајдук од Прилеп, кој инаку го формирал и го финансирал Методија Андонов, прават обид за "изборна диверзија". Го користат неговото отсуство, свикуват набрзина собрание, избираат ново раководство и се бара целосен прекин со Ченто.

Запаметен во Прилеп останал и второавгустовскиот излет на ден Илинден во месноста Шаторов камен, кој иако бил под доушнички надзор, сепак, организаторите во целост успеале да ја остварат својата намера. На тој ден сите што се викале Илија, по стариот добар обичај, честеле за имендените, Ченто честел за својот син, а трети пак нашле трет повод за доаѓање и собирање. Кога се видело дека е насобрано доста народ, Коле Чашуле му дал збор на Методија Андонов, кој пред поголема група излетници, меѓу другото, вели:

"Не, ние не треба да му веруваме никому од страна, зашто нивните ветувања се празни и ги користат само за лични интереси. За нашата правда и слобода ние самите можеме да се избориме. Гледајте што стори Мачек, кој ветуваше федеративно уредување на Југославија и национални права за Македонците. Каде е сега Мачек, (во тоа време потпретседател на владата на Цветковиќ) да им дозволи и на шпанските доброволци да се

вратат од Франција, а кога заминуваа да се борат на фронтовите за слобода на Шпанската република тој ги поддржуваше, зашто беше во опозиција. Нашиот пат се нашите илинденци. Да живее Илинден, да живее слободна Македонија…”

Од Шаторов камен, враќајќи се во Прилеп, излетниците почнуваат веќе организирано да слегуваат во градот, и така се формира колона на демонстранти, за цело време приклучувајќи и се се повеќе луѓе. Пристигнуваат на корзото каде што пред демонстрантите говори Борка Талески. Продолжувајќи натаму низ градот тие замиуваат накај монополот, извикувајќи долж патот пароли “Долу кралот и династијата”, “Да живее слободна Македонија…” Завршен говор во Тризла одржува Кузман Јосифовски, но додека се уште е пред насобраниот народ, настапуваат жандармите и војската при што дошло до тепачка со голоракиот свет.

Ченто успева и се провлекува низ масата луѓе, доаѓа дома, но полицијата, како и на некои други личности, веќе му е зад петиците. Неговата стара и болна мајка не ќе отвори на силното полициско тропање на порти, наоѓајќи изговор со нејзината болест и неможност, меѓутоа, знаејќи дека го имаат во рацете еден од главните непослушници и учесник на илинденскиот собир, тие остануваат саноќ пред влезот.

Изутрина, на излегување, Ченто е уапсен и однесен в затвор каде што веќе се доведени Борка Талески, Трајко Тарцан, Коле Чашуле, Коце Ќурчија. Зад решетките тие остануваат со недели. Па дури и дента кога му умира мајката, Ченто одвај, со придружба на жандармите е пуштен да појде на одарот за последното зборување со својот сакан родител.

Возбудената полициска агентура ја пробдеала ноќта педантно составувајќи го извештајот за “немилиот настан”. Утредента, на 3 август 1940 година, началството на прилепската околија ќе опише и ќе запише во својот одново доверлив документ, се во детали што се случувало на Илинден, а посебно тоа, дека, организаторите заедно со критиките упатени на адреса на власта жестоко и безобѕирно го повикувале народот да му се спротивставува на режимот, да не оди војска итн. Најдебелиот

крај го извлекле Талески, Курчија, Тарцан и Ченто, кои обвинението ги товари дека се огрешени од Законот за заштита на јавната безбедност и поредокот, па како такви немирници и опасни за околината се испратени во затворот на Ада Циганлија и во почетокот на септември предадени на тамошниот истражен судија. Четири седмици потоа ќе бидат префрлени во затворот во Велика Кикинда каде што ќе останат до крајот на ноември 1940 година.

Заминуваат потоа дома, но кај Ченто останува горчината за она парадно славје кога жандармите, врзан со синџири, а околу него бајонети, на очиглед на народот и на семејството го носеле на железничката станица за да го испратат во затвор во Србија.

Главоболките на властите во овој крај не само што не стивнуваат, туку тие тлеат и стануваат се поголеми. Нив особено ги предизвикуваат и главни носители се вакви и слични "националисти", по кои непослушниот и "заведен" народ, ете, не сака веќе да зборува ниту на српски јазик, што во полицискиот извештај е оценето како "едно од најголемите зла".

Македонската интелигенција, младите работници чаршициите, учениците на сите јавни места и во секоја пригода наместо српски, нормално, го зборувале македонскиот јазик. Тоа било карактеристично таму каде што противрежимското движење било и изразито присутно и имало се поголемо влијание.

Ченто во тоа време, иако има семејство со четири деца од 18 месеци до 8 години, е активен со другарите во иницирањето и во директното учество во акции кои биле отворена атака, немирење со постојаното и израз на револт и нетрпеливост кон властодршците.

Скандалот во Прилепската гимназија бил без преседан во тоа време и најочигледен пример на тврдокорноста и неотстапувањето од своите идеи и убедувања и не само од нив, независно притоа каква и колку ќе биде сурова тортурата и одмаздата.

Имено, се се случува на 8 декември 1940 година: тој ден во Народната гимназија во Прилеп вриело од народ. Околу 200 родители биле повикани на многу сериозен разговор – на наредба и закана нивните деца, гимназијалците, да не зборуваат на македонски јазик ниту дома, а за во училишните клупи не смеело да стане збор.

Ченто не ги заборавил тешките затворски дни и месеци во Прилеп, на Ада Циганлија и во Велика Кикинда, премногу му се свежи сеќавањата на се она што преживеал таму, а ете, одново влегува во силен оган и пркосно се впушта во нова битка, прифаќајќи го ставот на Месниот комитет, пренесен од Јоска Јорданоски, да настапи во Гимназијата.

## СКАНДАЛОТ ВО ПРИЛЕПСКАТА ГИМНАЗИЈА

*Ченто: Нашите деца мора да го зборуваат својот мајчин македонски јазик*

*Жестоки полициски контроли и тортури, затвори и логори, но Методија Андонов храбро поднесува се*
*И уште похрабро се бори за својата идеја и за својот народ*

Кога директорот го отворил состанокот, тој многу загрижено, луто и со прекор што бил закана, им се обратил на родителите оти "чудни времиња" се тоа, па еве, учениците, не само дома, туку и за време на одморите, дури и на часови, меѓусебно зборуваат на некој чуден друг јазик, а не на мајчиниот српски, книжевен. И што е уште позагрижувачки, дури вршат влијание и на српските деца, кои веќе за жал, го зборуваат тукашниот јазик, делејќи се на Срби и на Македонци. Со оглед на тоа што ова било раширена појава, директорот уште еднаш апелирал до родителите, дома со учениците, да не зборуваат поинаку освен српски...

Кажал што имал да каже строгиот гимназиски раководител и кога завршил, станува Методија Андонов и пред насобраните родители, ученици, наставници и други присутни, рекол: "Господине директоре, вие не можете да го варате тоа од нас. Ниту вие, ниту кој било друг не може да им забрани на децата

дома и овде, во Гимназијата, да не зборуваат на својот мајчин, македонски јазик. Нашите деца имаат право да зборуваат токму на него. Исто како што ниту некој друг смее да им забранува на српските деца да го говорат својот јазик. Ако ги немаме нашите политички и национални права за самостојност во една федеративна држава кои ни ги одзеде овој политички поредок, тогаш ќе дојде ден кога оваа земја нема да се вика Јужна Србија, туку тоа што е – Македонија и која ќе биде самостојна држава. Југославија има повеќе покраини со разни нации и тие единствено можат да живеат заедно со федерацијата..."

Како шок, како вистински скандал одекнал тој смел настап на Методија Андонов пред насобраните родители, професори, пред писарот и доушниците во Прилепската гимназија.

"Уште додека зборував", ќе раскажува подоцна Ченто, "полицискиот писар Миливое Матиќ веќе ги загуби нервите и почна силно да ми се дере: "Престани со политички и со антидржавни пропаганди..." Не можејќи да издржи и да дочуе се што имав да кажам, се нафрли и физички да ме нападне. Му се придружија и некои професори и србомани, па против сите нив веќе беше тешко сам да излезам на крај".

Веднаш по овој инцидент Ченто е одведен во полицијата каде што го чекала жестока тортура. Непрекинато е тепан 12 часа. Во тоа оргијање неколкупати губи свест, му кршат ребро, му корнат коса и кожа од главата, а по телото му нанесуваат повреди и рани, од кои не ќе може да стои на модрите стапала а од силните болки што го мачат од бубрезите не ќе може ниту да седне, ниту да прилегне.

Тепањето и сето друго малтретирање не изнудило покајување, а најмалку порекнување на што било од оној "црн арсенал", што го рекол во еден здив во Гимназијата. Напротив, решен да истрпи се, тој само ги повторил веќе чуените барања за национални права што уште повеќе ја разбеснело, и без тоа, збеснатата полиција.

Овој скандал без преседан, добил широки димензии и Ченто одново е турнат во голема немилост кај режимот и е предаден

на државниот обвинител за да подигне обвинение за сторените дела, казниви според Законот за заштита и безбедност на поредокот. Меѓутоа, за да не се случи да го искористи тоа жестоко малтретирање за лична одбрана а за напад на полицијата во идното судско соочување, на 4 јануари 1941 година одново го интернираат во Србија и тоа во Баина Башта. Е, тогаш, ќе му ги соберат на куп и сите поранешни непослушности и гревови, паметејќи му се, а го стасува и обвининието за говорот кој своевремено го одржал во Трговско-индустриската комора кога настапува со барање да и се дозволи на Македонија да биде федерална единица во Југославија и сама да ги покрива своите расходи од сопствените приходи.

Од Баина Башта, Андонов требало да биде одведен во Белград каде што ќе му суди државниот суд. Меѓутоа, планот (само донекаде) го нарушува нападот на хитлеровска Германија, зашто на 15 април утрото кога било заземено Ужице, тој со уште тројца Германци е изведен на стрелање. Снаодливо и овојпат успеал некако да се извлече од жандармериските канџи, но само до пописднето. Имено, приоѓа кон една група луѓе за да чуе какви било новости. Меѓутоа, бидејќи доушниците и полицајците биле на секој чекор, го поткажуваат новодојдениот, му прилепуваат оти е петоколонаш, фатен е веднаш од воената полиција, вратен во касарната и прекиот суд го осудува на смрт.

Пресудата веќе била готова, а претседателот на судот, инаку потписник на најстрогата казна, си заминува со пајтон накај градот. На патот го пресретнале група видни граѓани, инаку Чентови познајници, се распрашале што станува со Андонов и на одговорот дека му е одмерена казна смрт и можеби е веќе стрелан, тие го опколиле и настојчиво го убедувале гарантирајќи му оти станува збор за чесен граѓанин, а не за петтоколонаш, па затоа молат да биде ослободен.

Претседателот на судот, веројатно веќе убеден оти со Ченто е завршено, сепак покажал добра волја и им предал куса белешка на тие упорни граѓани и пријатели во која напишал дека го ослободува тешко обвинетиот. Ченто, кој веќе бил врзан за дрво

и околу него стоеле егзекуторите чекајќи да му ги врзат и очите, спасил глава во последен миг. Во тој страшен претстрелачки час дотрчале луѓето и откако капетанот го прочитал писменцето, наредил да се одврзе затвореникот, кој не можел да им поверува на сопствените очи. Па само до пред еден миг бил на работ на смртта. Восхитен од овој незаборавен гест на пријателите, тој ќе најде начин и пријателски да им се оддолжи натаму во животот.

Но ова не било крај на неговите потреси и стапици. Главата и по третпат ја извлекол, следната вечер, кога четници, преоблечени во униформи на финансиски контролори, ја нападнале куќата во која имал пристан. Ченто се спасува благодарение на чесните граѓани на Баина Башта, па таа вечер бил сместен на сигурно, кај пријатели, во блиското село Вишесава. Неколку дни потоа, на 22 април, добива објава и заминува за Македонија.

Тоа била последната од многуте пред тоа полициско-апсански епизоди, крај на еден, големосрпскиот, но за жал, почеток на друг, на бугарскиот фашистички режим, кој бргу и многу агресивно почнал да ја плете својата уценувачка пајакова мрежа, атакувајќи на повеќе активисти и граѓани и не избирајќи средства и начини како да ги оствари своите мрачни цели и планови.

Враќајќи се дома и овојпат се што му поминало преку глава, а ете, веќе е повикан на разговор, но сега во Македонскиот национален комитет и тоа по аберот на адвокатот Атанасов од Кавадарци. Не знаејќи со кого има работа, прифаќа разговор, но понудената платформа била големо разочарување за него, и уште веднаш му станува јасно какви им се намерите на тие “вредни” активисти на Комитетот. Тие му нудат кметска функција во Прилеп и соработка со бугарската власт, бидејќи, како што непрестајно ќе го убедуваат, “Македонија конечно се обедини со Бугарија”, па и се потребни луѓе како него.

Видно огорчен Ченто реагирал многу решително, одговарајќи оти како Македонец никогаш не се борел за обединување со Бугарија и е далеку од умот да се споменува такво нешто, туку

дека се бори за обединета Македонија и за националните права на својот народ. По така отсечно дадениот одговор, Атанасов останал вџашен и стаписан, и тоа бил прв и последен разговор со Македонскиот национален комитет, своевиден експонент на бугарофилската политичка пресија секој на македонската територија да се изјаснува за бугарска националност.

Андонов не се приклонувал кон вакви и слични комитети, независно какви платформи имале и какви последици следеле за него самиот: "Јас одбив да соработувам со бугарската влада зашто бев Македонец. Се борев против окупаторите, за мене беше најважно обединувањето на цела Македонија, но, не со Бугарија, туку на Македонија, и добивање национални права на Македонците", (26 април 1941).

Во Прилеп, бугарските гестаповци, агентите и началникот Цветан Могилански, претпоставиле дека Ченто ќе сака да им се одмазди на сите оние кои така жестоко го малтретирале во Гимназијата и во полицијата, а кои толкупати пред тоа го затворале, па сега му нудат одврзани раце за вратка и за расчистување на "старите сметки". На ваквите великодушни понуди, Ченто само одмавнал со кус коментар дека тој никогаш не бил, ниту пак сега е за некаква одмаздничка вратка и секој нека си ја гледа работата, што многу го разочарало Могилански. Конечно, пропаднал неговиот обид, по секоја цена да го врбува и да го придобие овој претставник на прилепскиот еснаф и на напредното револуционерно крило.

Интересно било секојдневието во прилепската чаршија, а бројните случки од тоа време остануваат запаметени, некои како необични, други како тажни, трети како попријатни. Така едно претпладне во Чентовиот дуќан влегува Кузман Јосифовски и кој како што си имал обичај веднаш отишол кај радиоапаратот сакајќи да ги чуе утринските вести од Радио Лондон. Во истиот миг реагирал газдата Методија Андонов, кој застанал до Кузмана и пред очи му го затворил радиоапаратот, прекорувајќи го гласно оти доаѓаат само за да слушаат музика, без притоа динар да поарчат. Кузман Јосифовски го погледнал изненаден од ваквиот однос и онака поприлично зачуден излегол надвор.

Каква услуга со тоа, всушност, му направил Ченто, Кузман ќе дознае набргу, кога му објаснил оти морал да му го затвори радиото пред очи, зашто во дуќанот биле бугарски агенти, предупредувајќи го притоа, кога ќе влегува другпат тука најпрво добро да извиди и да внимава дали се тука поткажувачите и агентите, зашто доколку тогаш го пушти радиото и двајцата ќе ги затворат. Ова појаснување од Ченто, Кузман го примил со олеснување и со благодарност.

Првите летци против фашизмот, против Хитлер и против бугарските окупаторски власти во Прилеп се фрлени на Петровден, во јули 1941 година, и истиот ден Ченто е затворен, заедно со браќата Никола и Благоја Попоски, Вера Ацева и Борка Модерното. И само благодарение на тоа што калфите на Ченто – Јоска и Борка Јорданоски навреме им сториле абер дека полицијата ги бара под дрво и под камен насекаде, Кузман Јосифовски и Мирче Ацев успеале да куртулат од апсење. По ова, Кузман, Мирче, Борка и Тарцан, заминуваат во илегала.

Кога побарала Василка Андонова одговор од властите зошто е уапсен Методија, кого до вчера го затворале Србите, а денес тоа го прават и Бугарите, и било речено оти е тој водач на комунистите кои се лоши луѓе, со лоши идеи, па затоа и е зад решетки... По неколкудневните затворски испитувања и малтретирања, Ченто и другарите се пуштени на слобода освен Аспарух Јосифовски, кого го мачеле за да изнудат признание – каде се крие братот Кузман.

Во тоа окупаторско време напредните младинци, граѓаните, илегалците и комунистите се повеќе се организираат, а нивната акција од ден на ден конспиративно се шири во градот под Марковите Кули. Наближува Илинден и кога допираат вестите оти Бугарите подготвуваат илинденска прослава китејќи се со туѓи заслуги, личности и настани, во анот на Ченто веќе забрзано се испишуваат транспаренти за слобода, за демократија, за тоа дека илинденците се Македонци, а не Бугари итн. Меѓутоа, дежурните агенти ја провалиле акцијата, предаден е Јоска Јорданоски, кој дознавајќи го тоа навреме, по своите канали, се скрива и оттогаш со уште неколкумина

другари заминуваат во илегала, со што и овој список постојано се шири со нови, значајни имиња и борци.

Во Прилеп станува се помасовно и посилно јадрото на отпорот против окупаторскиот режим и акциите сврзани со подготовките за оруженото востание неговиот скорашен почеток.

На 11 Октомври 1941 година, на овој голем ден за историјата, одекнуваат слободарските истрели, се огласува првата пушка во Македонија. Пламнува Прилеп, пламнува октомври, почнува востанието и оружените акции.

Во ова време Ченто не учествува директно во тие акции околу нападот на Участакот од страна на прилепските партизани, но во есенските дни, во зимските месеци и потоа ги помага борците и испраќа пари за храна, снаоѓајќи се тоа да го чини на најразлични начини и по низа тајни канали и врски.

За таквите акции во 1942 година одново е провален и затворен со калфата Борка Јорданоски, додека неговиот ортак Крумен Волнароски успева некако да се спаси па потоа и тој да замине во илегала. Непријателските власти наоѓаат некаков повод, прават претрес во куќата на Ченто, го пронаоѓаат Уставот на Советскиот Сојуз и тоа е нов "несоборлив" доказен материјал за "опасниот елемент" за кого веќе нема место во Прилеп па затоа и ќе биде однесен во битолските зандани.

И по се она што се случувало околу него, Методија Андонов малку ќе минува дома, меѓу своите. Веќе во првите месеци на есента тој одново се наоѓа на списокот на опасните противници на бугарскиот режим, а поводот е ист, како и претходниот – ги помага партизаните. Меѓутоа, сега казната е тешка. Ставен е на списокот на групата што ќе биде стрелана кај Дабница, а го спасува единствено случајноста, што за време на апсењето не е во градот. Со оглед на тоа што при секоја акција на комунистите веќе е осомничуван и затворан, тој често заминувал надвор од Прилеп, по набавка на производи за компанијата за која работи.

Бргу се расчуло за големото дабничко злосторство, па така, Ченто речиси цел месец и половина се задржува низ разни места на тиквешкиот крај. Оттаму заминува за Скопје, каде што се среќава со Кузман Јосифовски, при што овој виден активист му предлага веднаш да оди во партизани. На Ченто пред очи му излегуваат опасните репресалии што одмаздничкии ги вршат жандармите над семејствата на партизаните. И, што да се стори? Како да се заштитат сопругата и четирите деца, мисла постојано присутна кај него.

Се враќа дома, но само што пристигнува во Прилеп, одново е со синџири на рацете. Овојпат, веднаш е одведен во Скопје, каде што продолжуваат истражните тортури и присилбата да ги признае и да ги открие врските со партизаните. Отсечното, многу решително негирање на било какви контакти или помагање на партизаните, им ги избило адутите на иследниците, па ниту соочувањата со сведоците не помагале да ја променат ситуацијата, за да биде тој конечно обвинет. Без докази, полицијата останува со празни раце, па не можејќи да подигне обвинение, барем си игра пинг-понг со нервите, одново враќајќи го во прилепските зандани, а малку потоа, назад во Скопје.

И тоа не е се: го испраќаат во озлогласените софиски и пловдивски затвори, каде што, во нив вистина останува кусо време, но апсанските одисеи продолжуваат со интернацијата дури во Родопите, на турската граница.

На 2 јануари 1943 година, тој е во гратчето Златоград, обземен од грижата за опстанокот на семејството. Еден месец потоа, добива налог за нова затворска селидба. Сега ќе биде одведен во Горски Извор, турско село на два часа одење од Златоград. Запаѓа во тешки услови на живот, се бори со глад, со вошки и со глувци, но најмачно од се е што полицијата му врши непрестајна пресија.

Кон крајот на април го пуштаат, се враќа во Прилеп, меѓутоа, одново само за кусо време. Радоста на семејството од повторната средба траеле триесетина дни, зашто само толку бил со нив. Власта пак му става синџири и сега го испраќа во

логорот во Чучулигово Рупел, каде што одново се соочува со неподносливи услови, со тешка работа и со глад, групата прилепчани издржува се до почетокот на август 1943, кога се извлекува од овој логорски пекол и се враќа дома.

Конспиративните врски, состаноци и јавки, продолжуваат како и сето време пред тоа, кога Ченто работи во чаршијата која, како што во неколку наврати повторуваме, е се пополитизирана, а левичарско-собирниот центар – неговиот дуќан, продолжува да им биде трн во окото на режимочуварите. По се она што го преживеал претпазливоста му е многу поголема. Меѓутоа, не попушта, ниту пред честите апсења, ниту пред суровата окупаторска одмазда. Не можат да го скршат и замолчат.

Воените операции се разгоруваат во многу краеви на Македонија, борбата за слобода во своите редови има се повеќе борци и симпатизери, а окупаторските фашистички режими прават се за да ги зачуваат своите позиции и власт.

Кузман Јосифовски му испраќа абер на својот повеќегодишен пријател и соактивист Методија Андонов, во кој бара средба околу излегувањето на Ченто во партизанските редови. Писмото од Скопје до Велес го носи Драга Вражалска, а јавката за местото и за датумот на средбата, во Прилеп му ја предава Круме Волнароски.

Веќе на 24 септември 1943 година, во една куќа во Скопје, срдечно се поздравуваат старите пријатели Питу и Ченто и очи во очи седнуваат да се договорат за заедничките и за некои други активности и потези кои допрва ќе следуваат.

"Во Кузмана имав голема доверба, бидејќи беше искрен. Тој ми предочи дека за остварување на идејата којашто за сево ова време се боревме и јас, и тој, за наша слободна Македонија, време е да стапам во борбените редови, зашто, како што рече и Кузман, на револуцијата и требаат луѓе патриоти со авторитет меѓу народот, докажани за слобода и правда. Ме потсетуваше на моите зборови дека само ние сами и обединети можеме да се избориме и дека за тоа моментот е сега. Ми зборуваше а јас

многу му верував. Се согласив без колебање, дури ако е можно, и веднаш да заминам”, ќе рече подоцна Ченто, присетувајќи се на оваа многу важна средба со Кузман Јосифовски Питу.

Врската преку Скопје не успева да пристигне, па Методија Андонов е принуден да се врати во Прилеп и преку Охрид да чека нови вести за натамошното продолжување кон Дебарца. Тој веќе има 41 година, четири деца и, секако, посебна е мислата и грижата за нив, но се става на една карта – револуцијата – и заминува.

Кузман Јосифовски го опишува делумно разговорот со Ченто во писмото до ЦК КПМ од 4 октомври 1943: “... Многу е напреднат откако го знам. Известен е оти е примен за член на ГШ. Веднаш даде согласност да замине... Решителен, самостоен, активен. Познат, почитуван и ценет во чаршијата и граѓанството...”

Во писмото пак, потпишано од Кире Гаврилоски Јане, познат партиски активист и револуционер, покрај другото стои: “Мислењето на тукашната партија е дека Ченто е чесен Македонец кој за време на големосрпската хегемонија е неустрашлив борец, во добри односи со Партијата и соработува со неа. По капитулацијата на Југославија, решително стои на тоа дека не треба да се соработува со окупаторот. Популарен е во градот и околијата...”

Заминувањето во партизани не оди лесно. Јавките, врските доста тешко се пробиваат насекаде, а на западната територија посебно, со оглед на големата концентрација и напливот на непријателските сили од разни страни, од повеќе насоки. Вториот обид да замине по патот кој води преку Охридското Езеро исто така е неуспешен, зашто брановите, времето и неможноста да се пробие човекот од врската, се заедно е збрано, па Ченто и неговиот придружник, студентот Борис Шајнов, се принудени да се вратат назад. Третиот пат одново има некои непредвидени проблеми, меѓутоа, најпосле се е во ред и тој на први октомври 1943 година заминува кон Западна Македонија и набргу пристигнува во Главниот штаб во Дебарца, каде што им се приклучува на другите другари.

Во ноември месец се формира и Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и Методија Андонов е избран за претседател на ова тело, кое ја претставува револуционерната власт, дава упатства за нејзиното организирање и посочува на решавањето на низа прашања од пошироко значење што ги наметнуваат животот и времето. Се работи темелно и неуморно и на подготовките, на задачите и на одлуките што треба да бидат набележани, запишани и донесени на Првото заседание на АСНОМ.

Инаку, заминувањето на Ченто во партизани е проследено со видлив одглас во Прилеп и Прилепско. Од овој крај излегуваат се повеќе нови борци во редовите на народноослободителните единици а јакнат и силите на отпорот.

На боиштата, на теренот и во заднината, состојбите се менуваат речиси од час на час, да не говориме за менувањето од ден на ден. Акциите на борците врз непријателските упоришта и единици се се поголеми, поубоити и помасовни. Во тој револуционерен пламен на разгорени битки и вонредни услови, била неопходна огромна мудрост и тактичка вештина, во командувањето и во донесувањето на одлуките. Се заедно барало брзо, често секавично реагирање, без да се има време и услови за пошироки консултации и договарања, но, не тоа да биде правило (привилегија) или компетенции, само на неколкумина и на поединци кои ќе ги влечат главно сите потези, зашто, врвното македонско воено раководство имало и врвен команден кадар, а одлуките низ заеднички договори, проверка и размена на мислења имале поширока верификација, поширок одглас и значење.

Ченто (и не само тој) се залагал токму тоа – одлуките и решенијата да не бидат право и привилегија на поединци, (независно дали се инструктори на Врховниот штаб на ЦК КПЈ), туку пред се, колективна обврска и одговорност на Главниот штаб, не исклучувајќи ги сигурно ситуациите кога се знае кој, како и зошто командува и чиј збор е конечен.

Страхил Гигов во книгата “Сеќавања” ќе напише: “Венко (Марковски) и Методија Ченто сакаа да се мешаат во сите сектори од работата на Главниот штаб, дури и онаму каде што за тоа не беа овластени. Бараа за сите работи најпрвин да се расправа во Штабот и дури откако таму ќе се донесе решение, тогаш да се дејствува...”

Инсистирањето секако не било без основа. Но, времето бргу минува.

На сите простори силно се разгорува НОВ. Македонија е на нозе, борбата станува се пожестока, а нашите сили се се побројни. Во првите денови на декември 1943 Германците се повторно во офанзива во содејство со балистите од реонот на Тетово, Гостивар, Дебар и од Албанија. Почнуваат нови непријателски напади во Западна Македонија. Главниот штаб (во кој е и Ченто), членовитена ЦК КПМ и други другари, од Дебарца треба да заминат во нова насока.

Жестоки се тие денонокија есента и зимата во западните простори на Македонија 1943 година, кога Германците во содејство со балистите почнуваат нови непријателски акции а партизанските единици прераснуваат во се поцврст бедем пред непријателските налети. Во ова време во оптек се појавуваат две варијанти за тоа, кој правец да биде одбран за заминување на Главниот штаб, на членовите на ЦК КПМ и инструкторите на ЦК КПЈ. Темпо сил на мислење за префрлување на единиците во Србија, меѓутоа, во Главниот штаб одделни другари, меѓу кои се Цветко Узуновски и Методија Андонов се спротивставуваат на ваквиот Темпов предлог, залагајќи се маршрутата натаму да води на југ, кон Егејскиот дел од Македонија.

Според сеќавањата, според кажувањата и на Цветко Узуновски разногласијата пред дефинитивната одлука биле значително присутни. Така на пример, Ченто меѓу другото на Темпо му рекол дека овие единици се за да ја ослободуваат Македонија, а ако бидат префрлени во Србија, што ќе рече македонскиот народ, што ќе речат борците... Кога Темпо му одговорил “овде нема опстанок”, на тоа Ченто возвратил: “ако нема овде, тогаш

има во егејскиот и во пиринскиот дел, и тоа е Македонија која треба да се ослободува…”

Главниот штаб на НОВ и ПОМ кого го сочинуваат: командант Михаило Апостолски, политички комесар Цветко Узуновски, членови, Методија Андонов Ченто, Хамди Дема, Страхил Гигов, Венко Марковски, Петар Пирузе, Иван Танев, Никола Минчев, Јелисие Поповски и Кузман Јосифовски, заедно со останатите другари и соборци, на 5 декември го почнуваат маршот преку Преспа, кон Егејскиот дел од Македонија. По 13-дневни напорни битки, со условите, со времето, со непријателските заседи и со другите пречки на патиштата, пристигнуваат во реонот на Фуштани, со што целта е речиси во целост постигната.

Но, за да се согледа и да се оцени општата, вкупната состојба и да се анализираат претходните дни и наредните акции, на 21 декември е одржано фуштанското партиско советување, а на 22 декември 1943 година Првиот конгрес на Антифашистичката младина на Македонија. Потоа, единиците натаму веќе заминуваат кон Тушини при што во ова време и на оваа територија има повеќе жестоки акции со непријателските сили, кои земено во целост покажале дека нашите ослободителни единици многу храбро и тактички мудро се борат и напредуваат по врвиците, по маршрутата на Егејскиот дел од Македонија.

Патот ги води кон Зборско, Големи Ливаѓе, Женско, Шугово... Ова набројување на местата е без посебна систематизација, така што во времето од 31 јануари во 18 часот, до 9 февруари 1944 година во 24 часот, за осумте напорни дни, изминуваат околу 180 километри (со искачување и до 1.750 метри), или просечно, по 22 километри на ден.

Вардар е преминат во близината на Солун и поради големата тајност за времетраењето на маршот, реката е помината без борби и на единствената неразрушена скела која останала на делот Гевгелија – Солун. Меѓутоа, загубено е доста време, зашто Вардар тука бил широк 500 и длабок повеќе метри. Напријателот не успеал да ги открие нашите единици при преминот низ Егејска Македонија каде што се заборавало на

маките, каде народот масовно со восхит и со помош ги пречекувал и испраќал на овие простори. Посебно запаметени се Оризарци на Вардар и Амаранта во атарот на Дојранското Езеро каде што се одржани митинзи и општонародни манифестации. Во извештајот, на 9 февруари, Вера Ацева, меѓу другото, ќе напише: “За херојството на нашата борба чуда се прикажуваат... Ченто е тука мошне популарен”.

Натамошниот марш Третата група баталјони го продолжува кон Источна Македонија на пат доста тежок и долг, кој барал голема подготвеност и тактичка мудрост. Во текот на походот требало да се преминат Струмица, Петрич, Штип, Кочани, Куманово, Крива Паланка, Струмичката, Брегалничката, Крива Река и другите пречки. На 10 февруари 1944 година, на еден час пред полноќ, почнува пробивот кон Источна Македонија, следен со тешки временски услови, со снег, со дожд и со непријателски замки и обрачи. На патот биле уште и големите пречки Беласица, Оражден, Плачковица, Осоговските Планини... Но и покрај се, силно се напредува и од 10 до 22 февруари се поминати 260 километри, при што им се зададени големи удари на бугарските окупаторски сили, се пробиваат обрачи, се разбивани единици.

По напорните маршеви и борбата со времето и тешките пречки, по многуте пробиви, партизаните веќе можат да здивнат. Тие се во манастирот “Прохор Пчински” каде што на 27 февруари се организира и советување на кое е извршена анализа на воено-политичката организација и дотогашните борбени дејства на единиците, со акцент на потегот Куманово-Крива Река, Врање, и Лужница. Се создава се поголема слободна територија во Македонија.

Едновремено со тешките и напорни акции, во текот на непрестајните топовски канонади и жестоките борби, се вршат засилени подготовки за одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и свикување на конференции за избор на неговите претставници. Овој возвишен, толку значаен, и толку исчекуван историски чин, барал темелни подготовки и вонредно ангажирање и работа од цел тим највидни активисти и борци, пред се, во Иницијативниот одбор.

Првото заседание на проширениот Одбор за свикување на АСНОМ е одржано на 30 април 1944 година на слободната кумановска територија. Состанокот го отвора генерал Михаило Апостолски, а присуствуваат 15 делегати од цела Македонија. Во проширениот Иницијативен одбор за свикување на Македонското народно собрание кое е едногласно одобрен, се наоѓаат: Претседател Методија Андонов Ченто (Прилеп), потпретседатели: Мане Чучков (Штип), Бане Андреев (Велес), секретари: Кирил Миљовски (Битола), Кирил Глигоров (Штип). Членови: Михаило Апостолски (Штип), Цветко Узуновси (Ресен), Кирил Петрушев (Богданци), Епаминонда Поп Атанасов (Струмица), Страхил Гигов (Велес), Никола Минчев (Кавадарци), Петре Пирузе (Охрид), Мара Нацева (Куманово), Благој Хаџипанзов (Велес), Владо Полежина (Кичево), Ристо Бојалџалиев (Гевгелија), Борко Темелков (Прилеп), Тодор Пецов Циповски (Тетово), Панко Брашнаров (Велес), Тодор Звездин (Скопје), Генадија Лешко (Бродско) и Милан Стефанов (Прилеп). Се разговара доста отворено, се покренуваат најразлични прашања и проблеми, се наѕираат контурите на АСНОМ.

Едногласно е усвоен предлогот Методија Андонов Ченто, како претседател на Иницијативниот одбор, да биде на чело на делегацијата што ќе треба да отпатува на Вис на средба и разговор со маршалот Тито за непосредно да ја изнесе вистината за вкупната положба и за состојбите во Македонија.

Многу дни трае патувачката одисеја на македонската делегација до овој јадрански остров и тоа по патишта непознати, низ непријателски обрачи, низ огнени а студени денонокија кога морало да се прегази надојдената снегова Морава, да се искачи Јабланица, да се минат многу километри пат до Јастребац и од таму, со авион преку Јадранското Море да се префрлат до италијанскиот град Бари а потоа со англиски воен параход на Вис. По многуте премрежија, тие стасуваат на островот очекувајќи ја средбата со маршал Тито.

Се заборавaат маките доживеани на долгиот пат и веќе на 24 јуни 1944 година седнуваат на заеднички договор членовите на

Националниот комитет за ослободување на Југославија и делегацијата на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ. Со состанокот раководи Тито, а разговорот од обете страни е доста отворен и непосреден...

## ОТВОРЕНИОТ СУДИР МЕЃУ ЧЕНТО И ТЕМПО

*Несогласувања каде да заминат нашите борбени единици, кон Егејска Македонија или кон Србија*

*Што ја подгреа и ја вжешти атмосферата?*

*Судир олколу членувањето на Видое Смилевски во одборот на народната власт*

*Ченто: “Ако е Македонец Видое –да го избереме, нека се изјасни...”*

На долгите, тешки и неизвесни пробиви низ толкуте бури и непријателски канонади, на тој пат од Македонија до Јадранското Море, во сите изминати деноноќија од почетокот на мај, па се до 24 јуни 1944 година, сега веќе се гледа само како на една епизода која треба што побргу да се заборави.

На Вис седнуваат заедно членовите на делегацијата на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ и на Националниот комитет за ослободување на Југославија. Присутни се претседателот Јосип Броз Тито, маршал на Југославија, потпретседателите Едвард Кардељ и Владислав Рибникар, повереницитe Влада Зечевиќ, Иван Милутиновиќ, Едвард Коцбек, д-р Владимир Бакариќ, како и Александар Ранковиќ и Милован Ѓилас, членови на Президиумот на АВНОЈ.

Делегацијата од Македонија ја сочинуваат членовите на Иницијативниот одбор за свикување на македонското собрание: Методија Андонов Ченто, Мане Чучков и Кирил Петрушев; присутен е и инструкторот на Врховниот штаб на НОБ и ПОЈ во Македонија Светозар Вукмановиќ Темпо. Со седницата

претседава Јосип Броз Тито, а записникот го води Владимир Бакариќ.

Според усвоениот дневен ред прва точка во разговорите е – рефератот на делегацијата на Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ, а како втора точка, дискусија за македонското прашање. Извештајот го почнува Мане Чучков, изразувајќи надеж дека македонскиот народ во текот на оваа борба ќе ги оствари своите национални права. Веднаш потоа Тито го изнесува ставот на Националниот комитет за некои актуелни прашања во Македонија.

Методија Андонов и Кирил Петрушев го дополнуваат рефератот на Чучков, а Ченто посебно ги запознава присутните со записниците од двете седници на Иницијативниот одбор. (од 30.04.1944 и од 6.05.1944). По рефератот, по прочитаните записници и заедничката дискусија во поглед на општата линија на Одборот, кога ќе биде конституиран АСНОМ, заклучоците се формулираат во следниве точки, цитираме:

1. Македонскиот народ го изразува својот историски стремеж за обединување на сите негови делови. Тоа е негово национално право и затоа, овој стремеж, останува како негово постојано барање.

2. Со оглед на сегашната меѓународно состојба, потоа на внатрешната положба на македноскиот народ и во соседните земји, како и степенот на развитокот на вооружената борба на македонскиот народ, би било прерано поставувањето на неговиот национален стремеж во форма на акционо барање, било да е од страна на врховните претставници на Федеративна Југославија, или пак од страна на раководните органи на македонскиот народ. Таквото поставување во денешно време би го кочело единството на антихитлеровскиот фронт на обединетите народи, што би ја довело во неповолна меѓународна положба и Југославија во целина и македонскиот народ посебно.

3. Патот кон ослободување и самоопределување на сите делови на македонскиот народ оди денес преку развивање на широко

ослободително народно движење против фашистичките окупатори на чело со Хитлер и преку организирана решителна вооружена борба против овој главен негов непријател. Во рамките на тоа движење и на борбата на македонскиот народ надвор од границите на стара Југославија, може да се постави барање за национално самоопределување и за демократски права.

4. Македонскиот народ во Југославија сака развивање на Народноослободителната борба против фашистичките окупатори во сите негови делови, свесен дека токму со таква борба, стекнува право на ослободување и самоопределување на целата своја земја. Во согласност со таа желба тој ќе ги помага сите слични ослободителни движења без оглед на тоа каде би се појавиле тие.

Освен ова, заклучено е што побргу да се свика основачко собрание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија и да се пристапи кон организационо формирање на Народноослободителниот фронт на Македонија.

По заседанието на АСНОМ Методија Ченто треба да се врати во Националниот комитет.

Вис. 24 јуни 1944 година
Претседател, Маршалот на Југославија
Тито

(Овој записник од заедничката средба на Вис дури од неодамна им е ставен за употреба на науката и на публицистиката.)

На делегацијата којашто толку дни патуваше до Вис, одново и е потребно доста време за враќање кон Скопје и кумановскиот крај.

Меѓутоа, наближува август и денот на одржувањето на Антифашистичкото собрание за ослободување на Македонија. Подготовките на сите сектори и за многуте прашања, одлуки и решенија, мора да бидат што побрзи, а едновремено и што

потемелни, сеопфатни и навремени, со оглед на тоа што е веќе во тек втората половина на 1944 година.

Така, на пример, дискусиите за текстот на првиот подготвен Манифест на Главниот штаб биле исполнети со доста полемични тонови и спротивставени погледи. Внесени се одделни интервенции, но според мислењето на еден дел членови, сепак му било недоволно отстапен простор на македонското прашање. Тие барале тој дел да има една подруга димензија и позасилени и појасни ставови. Впрочем, се заедно е и уочливо кога ќе се направи споредба на манифестот што го донесува Главниот штаб, од една страна, и текстот на Манифестот кој го донесува Првото заседание на АСНОМ, од друга страна.

Разногласија се појавиле и за некои кадровски прашања, конкретно меѓу Темпо и Ченто, гледања кои добиле пошироки димензии и довеле до отворен судир. И Цветко Узуновски Абаз во писмото што му го испраќа на Темпо не се согласува со кадровската политика што во последно време ја води во Македонија. Имено, инструкторите на ЦК КПЈ им наметнувале кадровски решенија делејќи ги притоа кандидатите на подобни и на оние во кои не можело да се има целосна доверба, меѓутоа, по свое наоѓање.

Ваквите и слични размисли и потези во констелација на тогашните односи, не останувале без поширок одглас, без спротивставување на погледите, без борба на мислења и до судири. Страхил Гигов во своите “Сеќавања” пишува: “Првите и најголеми недоразбирања настанаа околу изборот на Лазар Колишевски и Мара Нацева за членови на Президиумот на АВНОЈ. Еден ден од Главниот штаб во кој бев и јас заедно со Темпо и со Боби сметаа дека во составот на Президиумот, треба да влезат Колишевски и Нацева како најодговорни другари од нашата Партија и покрај тоа што тие не беа тука, а судбината им беше неизвесна. Најгласни противници од сите беа Методија Ченто и Венко Марковски. Им се придружи Апостолски, а почнаа да се колебаат и други...”

Спроти одржувањето на Заседанието на АСНОМ избива и спорот околу предлогот, за член на Иницијативниот одбор на народната власт да биде Видое Смилевски, кој во тоа време доаѓа од Србија во Македонија, па бидејќи него малкумина го познавале, Методија Андонов и некои други другари побарале Смилевски да се искаже и да каже, кој е и што е. “Ако е Македонец, да го избереме, но, ако е Србин, тој не може да биде во власта”, рекол меѓу другото Ченто.

Разногласијата и спорот што настанал околу тоа дали Видое Смилевски треба да биде член на Иницијативниот одбор на народната власт, добиле пошироки димензии. Темпо, кој бил известен за случајот, дошол на седницата на Одборот за да го разреши настанатиот спор. Неговиот совет бил: “Откажете се од вашето барање. Навредливо е да се бара од еден Македонец да се изјаснува за својата национална припадност само затоа што живеел и се борел против заеднички непријател во редовите на друг народ. Тоа е чист национализам”.

На овие зборови веднаш изреагирал Методија Андонов кој, обраќајќи се кон Светозар Вукмановиќ, му рекол: “Ти другар Темпо, не треба да се мешаш во нашите работи. Ти не би требало да присуствуваш ниту на овој состанок...”

“Бев изненаден”, запишал во својата книга Темпо. “Ги погледнав и другите членови на Одборот. Сакав да дознам дали се согласуваат. Молчеа. Значеше дека го одобруваат она што го рече Ченто. Тоа длабоко ме навреди. Со наведната глава јас веднаш излегов”. Темпо одново се навраќа кон овој случај: “Кога предложивме (не посочува кој) во Одборот да влезе и Видое Смилевски, во меѓувреме инаку кооптиран во ЦК КПМ, настанаа несогласувања. Повеќемината членови на одборот побараа Смилевски претходно да се изјасни дали се чувствува Македонец, бидејќи пред војната живеел и работел во Србија”.

Во “Сеќавања”-та на Страхил Гигов видувањето на овој настан е пренесено на следниов начин: “Кога Темпо почна да зборува на состанокот, тогаш претседателот на Иницијативниот одбор Методија Андонов Ченто не му дозволи ниту да се доискаже: ‘Вие другар Темпо, му се обрати остро, би можеле да го

напуштите состанокот. Впрочем, и немате право да присуствувате тука. Сега заседава Иницијативниот одбор, а, колку, што ми е познатао, вие не сте негов член’. Мнозинството од нас тоа веднаш го осуди...”

Судирот меѓу Ченто и Темпо во предвечерјето на историското второавгустовско Прво заседание на АСНОМ, настанат во врска со членувањето на Видое Смилевски во Одборот, внесува доза на немир, видливо неспокојство и своевидно исчекување. Темпо ја напушта седницата, меѓутоа, по негова сугестија е формирана комисија на ЦК КПМ која требало да го сослуша, да даде свое мислење и свој суд за Методија Андонов. Притоа, за претседател на Комисијата Темпо го одредува Видое Смилевски поради кого и дошло до настанатиот спор, до различните видувања, коментари и до отворениот судир.

Според некои кажувања, Ченто по формирањето на Комисијата (на чело со Смилевски) бил доста повреден, па дури, во еден момент и решен да напушти се и да замине од Прохор Пчински. Но...

Осамнал долгоочекуваниот нов ден, Илинденски, второавгустовски 1944. Во манастирот “Прохор Пчински” пристигнуваат гости и претставници од многу страни и места, од сите краеви на Македонија. Попладнето во пет часот, при целосна тишина, како што запишале хроничарите, најстариот член на Иницијативниот одбор Панко Брашнаров со тивок и растреперен глас го отвора Заседанието. Пространата сала на историскиот манастир е сета украсена со македонски и југословенски знамиња и слики. Одекнува химната “Изгреј зора на слободата”.

По овие свечени мигови, Панко Брашнаров, сведок на два Илиндена, се обраќа кон присутните со следните зборови: “Во овој момент, во ова историско место “Свети Отец Прохор Пчински” и на овој историски ден Илинден, објавувам дека е отворено Првото Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија. Душата ми е преполна со радост и пред моиве веќе слаби очи, ги гледам како се раздвижиле сите реки на овие простори од Пчиња и Вардар, до Места и

Бистрица, заплискувајќи ја целата македонска земја, сакајќи да го измијат од македонскиот народ десетвековниот ропски срам од пропаста на Самоиловата држава за да се роди денес нова, светла и слободна македонска земја...”

По овие емотивно изговорени пораки на Панко Брашнаров, по читањето на телеграмите и по поздравните говори, работниот дел на Заседанието го отвора и со него раководи претседателот на Иницијативниот одбор Методија Андонов Ченто. Веднаш потоа се чита извештајот на Иницијативниот одбор и двата реферата кои ги поднесуваат Бане Андреев и Мане Чучков.

Се се одвива во една свечена, во една возвишена атмосфера, во еден историски миг и време. АСНОМ ги донесува најзначајните одлуки и решенија меѓу кои прогласувањето на АСНОМ за врховно, законодавно и извршно народно претставничко тело и највисок орган на државната власт на демократска Македонија. Се избира Президиум на АСНОМ за чиј прв претседател е избран Методија Андонов Ченто. Потпретседатели се Панко Брашнаров и Мане Чучков. Секретари, Љубомир Арсов и Владимир Полежиноски. Членови: Венко Марковски, Цветко Узуновски, Богоја Фотев, Михаил Апостолски, Страхил Гигов, Петре Пирузе, Кирил Петрушев, Јован Ѓоргов, Епаминонда Поп Андонов, Генади Лешков, Кемал Аголи, Лазар Соколовски, Вера Ацева, Камбер Хасан, Ацо Петровски, Младен Челопечки и Лилјана Чаловска.

На тој историски собир во “Прохор Пчински”, АСНОМ го донесува и Манифестот на Првото заседание, во чиј текст, меѓу другото, стои запишано: “Тргнувајќи од вековните идеали на македонскиот народ, Првото македонско Народно собрание ја прокламира пред целиот свет својата праведна и неотстапна желба за обединување на целиот македонски народ. Со тоа ќе се стави крај на ропството во сите делови на македонската земја и ќе се создадат услови за искрена солидарност и мир меѓу балканските народи...”

Заседанието во “Прохор Пчински” е завршено и наредните дни и месеци продолжуваат динамичните активности на Президиумот на АСНОМ, кои натаму имаат значителни

обврски во поглед на преточувањето во живот на усвоените одлуки, а истовремено и донесувањето нови, неодложни, толку значајни за иднината на македонската држава. Веќе на 6 август 1944 година во селото Рамно е одржано Првото заседание на Президиумот, на 14 август членовите се одново на седница, овојпат во шумата во Петрова Гора, а од 2 до 5 септември во “Прохор Пчински” се одржува и Третото заседание на Президиумот, кога се поставуваат и верификуваат одделни решенија донесени во тоа меѓувреме.

Така, покрај другото, испратена е телеграма до Националниот комитет со која се бара при преговорите за примирје со Бугарија да се земе предвид и прашањето за Македонците во оваа земја. Во врска со стопанската обнова на Македонија, се усвојува планот на поверенството со барање да се соберат неопходните податоци за пустошењата од 1941 до 1944 година, и од кого се сторени тие, неопходни показатели, кои натаму ќе послужат да се поднесе барање за воена отштета. Поверенството на овој состанок на Президиумот прими сугестија и за пустошењата и за колонијалното управување на Македонија од 1912 - 1941 година, кои ќе бидат, всушност, поткрепа пред сојузничките сили за тоа кога ќе се поставува прашањето за Македонија под Грција и Бугарија. Пред Националниот комитет тие показатели ќе послужат како илустрација за причините за економската заостанатост на Македонија и како поткрепа за неопходсноста да и се додели поголем дел од воената отштета за да може економски побргу да се развива и да се издигне.

Во врска со донесеното решение на оваа седница за колонистите, Мане Чучков на 17 ноември 1944 година, на седницата на НКОЈ, предложил “командата на градот да прекине со издавањето пропусници за Македонија, бидејќи... се работи за лица кои на незаконит начин добиле земја во Македонија за време на стара Југославија”. Овој предлог е усвоен.

Натаму, во наредните месеци забрзано работат органите на новата македонска држава, поставувајќи и донесувајќи бројни прашања, одлуки и документи за уредувањето и

организирањето на народната власт, на стопанскиот, културно-просветниот, здравствениот и друг живот.

На 15 април 1945 Година, Народното собрание на Македонија за свој претседател го потврдува Методија Андонов Ченто. Президиумот станува политичко-извршен орган кој привремено ги врши работите на народна влада се до нејзиното формирање кога се раздвојуваат функциите на Президиумот, кој останува со политичко-извршна, а владата со извршна, управна власт.

Вековно очекуваната и со крв прескапо платена и извојувана слобода, веќе е на сета територија. Се одржуваат митинзи и собири. Народот и борците ги слават победоносните походи во својата слободна Македонија. На дел од тие бројни собири присуствува и говори Методија Андонов, чие име е често извикувано и испишувано.

Наближува есента, се вршат подготовки за првото одбележување на 11 Октомври, на историскиот ден кога се огласени слободарските истрели во Прилеп и Куманово. За овој голем настан и на овој голем празник се очекува доаѓањето во Скопје на маршалот на Југославија Јосип Броз Тито.

Тој ден сиот град е на нозе. Пристигнувањето на Тито е поздравено бурно. На Скопската железничка станица, од името на Президиумот на Народното собрание, му приоѓа претседателот Методија Андонов Ченто и го поздравува високиот гостин: "Другар маршале, драги гости, среќен сум што можам од името на македонскиот народ да ве поздравам со добредојде, во столицата на Македонија, во Скопје. Македонскиот народ никогаш во својата историја не бил толку среќен колку што е среќен денес, кога Вие првпат сте во Македонија".

"...Вие доаѓате како наш гостин на 11 Октомври, на овој ден кога македонскиот народ крена оружје за да се бори против крвавиот фашизам. Нашата благодарност ние мислиме најдобро да ја искажеме на 11 ноември кога ќе се одржат првите слободни избори во Југославија. Голема е нашата благодарност и кон нашите сојузници кои најмногу помогнаа за нашата

слобода. Благодарност кон Советскиот сојуз, Велика Британија и Америка.

На крајот јас Ви пожелувам среќно да си поминете во нашата претстолнина и да однесете најдобри спомени од македонскиот народ", рекол Ченто.

(Ден 11 Октомври 1945 година, објавено во "Нова Македонија").

Во слободната македонска земја веќе се преземаат се побројни акции за да се залекуваат тешките рани од пустошењата и злосторствата на окупаторските и фашистичките режими. Народната власт, Президиумот, Народното собрание, и сета раководна гарнитура се речиси во постојано заседание, вложувајќи огромни напори за воспоставување и за што поефикасно функционирање на сите пори од животот, донесувајќи притоа многу закони одлуки и многу потези и мерки.

Навраќајќи се кон другите значајни датуми и собири во ова време, секако е незаобиколно приспомнувањето и на Второто (Прво вонредно) заседание на АСНОМ, кое почнува на 28 декември 1944 година, и за време на неговото траење има интересни реферати; богата дискусија и голем одглас. Претседателот на Президиумот Методија Андонов, меѓу другото ќе рече "Ние Македонците кои сме одживеале најголемо ропство на Балканот, градиме денес една држава заедно со сите други народи на Југославија... Во Македонија веќе има формирано три обласни, 30 околиски, 2880 селски и градски НОО во кои се опфатени повеќе од 37.000 луѓе..."

Заседанието е затворено на самиот крај на 1944 година и како што ќе напише Димитар Влахов "тоа е одржано во атмосфера на огромен ентузијазам, а претставниците на македонскиот народ укажаа дека се достојни синови на бесмртните борци на славната илинденска епопеја."

Во Президиумот на АСНОМ, избран на Второто заседание, се наоѓаат 35 членови, а Претседателството го сочинуваат:

претседател – Методија Андонов Ченто, прв потпретседател Лазар Колишевски, втор потпретседател Неџат Аголи, секретар Борис Спиров, втор секретар Епаминонда Поп Андонов. Повереници се: Киро Петрушев, Страхил Гигов, Петар Пирузе, Никола Минчев, Мире Анастасов, Богоја Фотев, Ацо Петровски, Стерио Боздов, Георги Васков, Киро Глигоров и Димитар Митрев. Членови: Александар Петровиќ, Димитар Влахов, Панко Брашнаров, Павле Шатев, Александар Мартулков, Крсте Гермов Шакир, Мара Нацева, Цветко Узуновски, Хасан Шукри, свештеникот Јован Гелев, Вукашин Попадиќ, Милош Јаковлевиќ, Димитар Нестров, Младен Челопечки, Кемал Сејфула и Веселинка Малинска.

Следејќи ги натаму активностите на македонското раководство, кои донесуваат десетици и стотици неопходни, неодложни, толку значајни одлуки, ќе се задржиме само на дел од нив. Така, со решенија на Президиумот на АСНОМ (поверенството на финансии), е одобрено да почне веднаш да се собира еднократен данок, како што се вели, за "средување на финансиите" и притоа база за височината на данокот ќе биде земен доходот што го остварило секое физичко или правно лице за последните три и пол години. Ова решение го потпишал Методија Андонов.

Меѓутоа, на Ченто ќе му се пишува како голем минус дека бил против еднократниот данок, на што тој ќе рече: "Јас не бев против. Јас го потпишав решението на Президиумот, меѓутоа предлагав, да се исправат грешките", наведувајќи ги примерите со Прилеп и Струмица, кога на некои фирми им било наметнато многу, а на други малку данок. Едновремено Ченто се залагал оние што ќе платат во злато, со оглед на тоа што златото тогаш се уште немало курс, кога ќе можат долгот да си го намират со пари, тогаш златото да им биде вратено, (овој предлог не бил примен).

Меѓу другите акти што биле во постапката, или веќе донесени, е и Законот за аграрна реформа за кого Ченто имал предлог (од почетокот не прифатен, но подоцна тоа е усвоено, и Законот дополнет), така што на големопоседниците кои имале повеќе од 25 хектари земја, а, според законот им биле, на оние што немале

други средства за живот, а според возраста и не можеле друго да работат, да им се остават до пет хектари земја за да може од нив да ја обезбедвуаат својата егзистенција.

Инсистирал и на тоа девизите добиени од шесте милиони килограми тутун да останат во Македонија со што ќе се решеле многу тешки проблеми, но на крајот не испаднало така. Се залагал и за тоа парите од афионот, памукот, од оризот и од другите земјоделски производи од ова поднебје кои оделе во сојузната каса да се знае точно каде, зошто и како наменски се трошат. Отворено говорел за поголема економска самостојност на републиките и, како што некои тоа го оквалификувале, за “одвоени ќесиња”.

Му се зема за минус што барал и интервенирал никому веднаш да не му се пресудува со куршум, туку, секој што згрешил и што се огрешил во војната да му суди народен суд. Во врска со ова се доведуваат некои помасовни стрелања, кога нему, како претседател, му доаѓале поплаки, биле изнесувани потресни сведоштва и многу човечки судбини, кога се нуделе факти и докази дека сите стрелани не требало да застанат пред ѕидот на смртта... Тој за ова јавно говорел во Народното собрание на 15 април 1945, после што е избран за претседател на Президиумот.

Без некоја временска систематичност и без хронолошко следење се задржуваме и натаму на одделни ставови и предлози за нови прашања, закони и потези во раководните и во народните органи и тела на Македонија.

Уште во зимата 1945, поточно на 4 март, е одржан и првиот Македонски црковно-народен собир, кој имал свое големо значење и посебно место во тие постослободителни дни и месеци. Обраќајќи им се на црковните великодостојници и на пристуните верници Методија Андонов како претседател на Президиумот, меѓу другото рекол: “Македонскиот народ има полно историско право да има своја автокефална црква, а неговите добро познати страдања низ историјата и низ скорешното минато, беа страдања и на свештениците од кои значителен дел се најдоа во првите редови на борбата за слобода...”

На овој собир е донесена резолуција за автокефалноста на Македонската црква, меѓутоа, подоцна претставникот на владата го изнесува политичкиот став за македонското црковно прашање, а донесената резолуција од март 1946 ја оценува како погрешна, за што ќе рече: "Автокефалност значи одвоеност, прекинување на секаква врска со српската патријаршија, затворање во кругот на самата себе, што значи, нарушување на братството и единството на југословенските народи..."

Инаку како претседател на македонското собрание, на 10 јуни 1945 во Белград, во Сојузното собрание, Ченто говорел кога се ратификувал договорот за пријатеслтвото меѓу Југославија и Советскиот Сојуз: "Како резултат на херојската борба на слободољубивите народи, како резултат на Атлантската повелба и Кримската конферецијa, се признаа правата на сите мали и големи народи – право на слободен, национален, политички и културен живот. Со што се призна право и на македонскиот народ да биде слободен и рамноправен, заедно со другите народи во ДФЈ..."

"Но, сметам за свој долг да ги изнесам пред вас тешките преживувања на нашиот народ, жестоките неправди на нашите браќа во Егејска Македонија кои се принудени да се борат за свој опстанок и живот, бегајќи пред теророт на разни страни па и во планините со своите несреќни фамилии... Единствената вина на тие наши браќа е дека сакаат да живеат свој човечки живот и слободно национално, културно и политички да се развиваат, слободно да учат и да зборуваат на свој мајчин јазик..."

## ОВАА ОСТАВКА ЈА ПОДНЕСУВАМ

*Кои причини го доведоа првиот претседател на Република Македонија да поднесе оставка*

*Многу активно учество во донесувањето на законите во Белград*

*Како бомба одекна Чентовиот предлог во првиот устав на земјата републиките да имаат право на самоопределување до отцепување*

Ги прелистуваме стенографските белешки озаглавени како “Работа на законодавните одбори на Претседателството на АВНОЈ и на Привременото народно собрание на СФРЈ” од 1945 година. Методија Андонов активно учествува во дебатите летото и есента, при што паѓа во очи неговата темелност и далековидост. На првата конститутивна седница, одржана на 10 август 1945 година, од македонското раководство присуствуваат Методија Андонов, Епаминонда Поп Андонов, Петар Пирузе, Кемал Аголи и Тодор Ѕвездин. На втората седница веќе на дневен ред е предлогот за аграрната реформа и колонизацијата, а во дискусијата учествува Ченто. Тој залагал за тоа на безземјашите или на многу слабо имотните да им се додели по некое парче земја, а реплицирајќи му на Милош Жанко ќе побара, тие што се огрешиле од НОБ и револуцијата да си ги сносат законските последици и другите мерки, но да не се дозволи, сепак, нивните семејства да останат без никакви средства за живот и да бидат препуштени на суровата судбина.

На 13 август е воден претрес по Предлог-законот за Уставотворното собрание каде што Ченто сметал во новиот устав на сите народи да им се даде целосно право да го кажат својот збор и слободно да ја изразат својата волја за тоа – каква држава треба да имаме. “Како Македонец во целост го прифаќам овој предлог бидејќи по првпат се дава вистинска можност нашиот народ еднаш, јавно да го изрази своето мислење за сопственото битие и својата иднина...”

Кога на 22 август бил поставен предлог-законскиот текст за кривичните дела против народот и државата, тогаш побуден од одделните ставови на новиот проект, споредени со законот од стара Југославија, меѓу другото, ќе забележи: “Тие неправди најмногу ги почувствувавме ние на својот грб, зашто, ниеден наш човек не смееше да каже дека е, тоа што е – Македонец. Целата наша нација, всушност, беше ставена надвор од законот. Затоа, новиот проект со нови идеи и визии нека биде понуден пред судот на јавноста, па народот нека го каже својот збор...

Јас сметам оти ќе го поздрават неговото донесување, бидејќи е законот благ и правичен.”

Учествувајќи активно во подготовките околу донесувањето на првиот Устав во 1946 година, Ченто, веројатно базирајќи се на разговорите од Вис, на ставовите и документите од АСНОМ и АВНОЈ, и не само тоа, поднесува амандман на Уставот на Југославија во кој се залагал за принципот “самоопределување на републиките до отцепување”, амандман кој во тоа време одекнал како вистинска бомба.

Инаку, неговите современици низ своите кажувања ни посочуваа оти Ченто бил мошне отворен, како претседател доста непосреден и комуникативен со луѓето. Вратата од неговата канцеларија била отворена за да може без проблеми и огради на влезе секој оној што имал потреба за тоа. Не сметал оти му се неопходни и кој знае какви телохранители, па дури и дека нема воопшто потреба од лично обезбедување. Имал обичај да каже: “Ние се боревме против жандарми и против слични на нив. Па доколку народот има доверба во мене, тогаш јас од кого ќе се штитам, од кого ќе се плашам.” (Да споменеме и тоа дека Методија Андонов со семејството како претседател живеел во трисобен стан во центарот на Скопје, спроти поранешниот хотел “Македонија”.)

Во разговорите одделни соговорници беа на мислење дека Ченто бил мошне “тврд” кога ги бранел своите ставови и предлози во дискусиите, притоа цврсто отстојувајќи на своето – јас. Можеле да го уверат и разуверат само аргументи и контрааргументи.

Тој, за некои од оние десетици па и стотици понудени проекти, решенија, потези и закони имал поинакво видување, свој став и мислење, и тоа главно јасно и гласно го изнесувал. Меѓутоа, очигледно оти биле бележани сите тие разногласија, становишта и предлози, па се заедно му се пишувани како голем минус. И Партијата не е настрана од тоа. Изречени се судови и оценки кои само ќе бидат конкретизирани на Конференцијата на Земскиот одбор на Народниот фронт. На заседанието на 7 март 1946 година против Ченто почнува

лавината критики. Обвинувањата одат и по вертикала и по хоризонтала. Се вадат на мегдан најразлични аргументи. Черечен е како грешник безмалку од сите страни. Прогласуван е за виновник. За човек со тврдо држење, со непокорно мислење и став. Окарактеризирани се некои негови предлози и заложби како атак врз новите мерки и потези на новата држава. Жестоките критики, всушност, се и најава на неговата оставка која набргу и ќе следи.

Во поднесениот извештај за работата на Президиумот на Народното собрание за времето од 15 април 1945 до 15 април 1946, меѓу другото, пишува: "Во работата на Президиумот се јавуваше честа несогласност со разбирањата на бившиот претседател Методија Андонов со членови на Президиумот. Тоа свое несогласие во разбирањето Ченто го пренесе надвор од Президиумот и неговото држење предизвика остра критика на Конференцијата на Народниот фронт".

Веднаш потоа, Методија Андонов на 14 март 1946 година поднесува оставка која уште утредента му ја уважува Президиумот, додека Народното собрание тоа го прави еден месец подоцна, на 15 април.

Оставката гласи, цитираме:

"Молам Президиумот на Народното собрание на Македонија да ме ослободи од досегашната должност како претседател и член на Президиумот. Сметам за потребно да изнесам дека оваа оставка ја поднесувам по причина на моето лично положение и сознание дека понатаму не можам да ја исполнувам поверената ми должност" Потпис: Методија Андонов Ченто.

Со ова, Методија Андонов го завршува својот престој во Скопје и заминува во родниот Прилеп со намера да ја продолжи трговско-дуќанциската работа. Меѓутоа, во овој град веќе почнуваат проблеми околу снабдувањето со производи за фирмата, а допираат до него вести и слуша гласови од "добро известени извори", дека му се заканууваат со банкрот и со прогон. Сета таа рашомонијада трае четири месеци, од 14 март до 14 јули 1946 година.

Нешто по полноќ таа јулска ноќ се случува едно од оние апсења што ќе биде обвиено со превезот на најголема тајност и конспирација и кое подоцна ќе предизвика многу контроверзии, љубопитство, дилеми и многу отворени прашања, од кои дел, и тоа голем, траат и денес. Не успеавме да пронајдеме којзнае какви пишувани сведоштва, некои извори се затворени, но сепак, во упорното трагање да дојдеме до вистината за апсењето на Ченто, најпрво ги нудиме кажувањата на некои од непосредните сведоци на овој настан. Меѓу нив е и Стеван Петрески Туте, првиот сосед на семејството Андонови, во кого, многу свежо, речиси фотографски е меморирана ноќта на таинствениот настан, кој почнува да го заплеткува и отплеткува клопчето на случајот наречен Ченто.

Стеван Петрески Туте, повереник за социјални грижи во Прилеп: - Квечерината кога се вратив дома, ме изненади ненајавеното присуство на тројца непознати, од кои двајцата веќе се беа сместиле до прозорецот кој директно имаше поглед на дворот од Ченотвци, додека едниот отиде да варди зад куќи. И така на смени дежураа цела вечер. Мене ми забранија да влегувам и да излегувам, па морав да останам во собата отспротива. Тие луѓе не бев ги видел никогаш пред тоа, не знаев кои се, но, очигледно беше оти очекуваат нешто да се случи кај Методија Андонов, кој само пред неколку месеци се врати дома по оставката во Скопје.

- Што видовте таа ноќ?

- Некаде по полноќ, не знам точно, се сеќавам само дека беше спарна јулска ноќ, тропна портата кај Ченто и се чу тап одзив од чевли. Луѓето во собата ме повикаа да дојдам до прозорецот. Беше се така блиску, речиси пред очи. – Ги познаваш ли луѓето што влегоа, ме праша еден од непознатите што беа кај мене дома. – Навистина го познавав. Не требаше да видам два пати. – Она е Мариовецот, реков, тој оди по пазари. А го знам и вториот, Загоранлиев, од Загорани. Да, и него го знам.

Прв влезе Мариовецот, а по него и Бошко Загоранлиев. Онака наметнат со темно палто, седна на скалите од горната тераса.

Набргу излезе Ченто по пижами, нешто разговараше со Загоранлиев а пријде и Мариовецот. По кусо време, преоблечен слезе Ченто во дворот, одново нешто проговорија и кинисаа сите заедно. Се слушаа нивните чекори по калдрмисаната улица.

Што се случи потоа?

- Додека се уште одекнуваа чекорите во ноќта, оние тројцата што го чекаа овој настан и не беа прилепчани, ја отворија портата и се стрчаа по нив, а тие беа блиску до куќата. Излегов да затворам и тогаш ја видов жена му на Ченто како стои на врата. Ме виде и таа, па откако се дознаа оти е апсен, а подоцна и суден, јас, во очите на Чентовци па и во очите на граѓаните останав предавник на Методија Андонов. Таа тешка анатема ме следи 44 години. А еве, стар сум, ќе заминам, и не сакам и моите деца да бидат со голема дамка на предавник. Не е верно тоа...

Луѓето што дојдоа во мојот дом ни пред тоа, ни потоа никогаш повеќе не ги видов. Ниту тие, ниту некои други дојдоа да го пречекорат мојот праг за да исчекуваат одново нешто во дворот на соседот...

- Тука ли заврши случајот?

- Не. Зашто, по малку време ме викнаа во УДБА во Прилеп. Влегов во една соба, а таму стои непознат човек (мислам оти беше Злате Билјаноски). Ми пријде и ме опомена: она што се стори со Ченто да биде во најголема тајност и никому ни збор!
– Јасно... исплашено потврдив. Излезе, ја затвори вратата, и ме остави сам. Помислив оти дотука е моето. Така останав околу два часа а потоа, кога дојдов, ми дадоа на лист хартија да го потпишам моето молчење за навек.

- Но?

- Но гледате не се може веќе. Не се домолчува и не треба. Затоа е добро што го отворате случајот Ченто и што ми се даде

прилика да проговорам... Би се согласил да се обнови судењето, нека се чуе вистината.

А Ченто, беше голем авторитет во чаршијата. Него Партијата, која бараше чесни луѓе, го издигна. Но, беше храбар, на собири луѓето го извикуваа неговото име. Работеше со многу револуционери од Прилеп, со Питу и Рампо Лефката, со Круме Волнароски. Меѓутоа, ете што се случи...

## АПСЕЊЕ, СУДЕЊЕ, ЗАТВОР И ПОТОА

*Како, каде и кога е уапсен Методија Андонов Ченто*

*Зошто е тоа сторено во најголема тајност*

*Строга пресуда – 11 затворски години – изречена на 22 ноември 1946 година во окружниот суд во Скопје. Претседател на судскиот совет бил Панта Марина, членови – Лазар Мојсов и Коле Чашуле, заменик јавен обвинител Благоја Поповски*

Низ кажувањата и низ приспомнувањата на современиците, на блиски и далечни, директни и индиректни сведоци или учесници, правиме напор да го комплетираме мозаикот на таинственото апсење, спроведувањето во Скопје и натамошната судбина на Методија Андонов Ченто.

Киро Оровчанец, помошник на Полномоштвото на УДБА во Прилеп:

- По изведената акција од страна на Министерството за внатрешни работи од Скопје со службеници раководени од Димитар Алексиевски Пекар, утрината кога дојдовме со полномошникот Киро Џајкоски на работа, во собата веќе беше Пекар. Тој не информира оти е Ченто фатен на граница при обид за бегство во Грција, велејќи дека за овој настан, за овој случај ќе биде неопходно да го известиме претседателот на Општината и секретарот на Партијата...

Ова беше кусото кажување на Оровчанец кое е запишано од збор до збор во нашиот бележник.

Ристо Бунтески, вршител на партиската работи како член на Бирото на Околискиот комитет (во отстуство на организациониот и политичкиот секретар):

- Изутрината околу 8 часот, во канцеларијата на Комитетот дојде Киро Џајко, полномошник на УДБА за Прилепската околија и Киро Оровчанец, лично кај мене, известувајќи ме оти треба на партиските организации да им се објасни дека – ноќеска на границата, бегајќи за Грција, е фатен и затворен Ченто, кој уште за малку ќе пребегал. Кај него била најдена напишана Резолуција која требало да се донесе во Солун на некое си собрание од 25 лица со цел да се испрати до ОН за да се бара Македонија да биде под покровителство на западните сили, -раскажува Бунтески, инаку долгогодишен истражувач на животот и дејноста на Ченто, и вели:

- Сега, кога веќе ги имаме обвинителниот акт и пресудата, тогаш констатираме и се прашуваме: Како е можно, според обвинителниот акт, тој да тргне да го остварува кривичното дело на 14 јули околу 2 часот по полноќ, од Прилеп да помине толку километри до границата, за која инаку се потребни од 10 до 12 часа, да биде фатен и донесен назад во Прилеп, за што повторно е потребно уште толку време. А известувањата во градот во осум часот веќе беа пристигнати. Дури првата верзија стасана во Битола и во некои други места била оти Ченто е загинат бегајќи за Грција..., - ја кажува својата видлива дилема и размисла Бунтески.

Во обвинителниот акт подоцна не стои оти е Ченто фатен на грчката граница, туку дека тргнал да го остварува кривичното дело, а не се споменува ниту Резолуција, ниту некакво собрание во Солун, туку само оружена банда од десет лица со цел да се направи федерација на Обединета Македонија со Грција или пак под протекторатот на една туѓа земја.

Јонче Тегоски од Претор, командир во 1946 година на противтенковската единица на КНОЈ на грчката граница кај

Белушина, Битолско, ни рече: - Тој ден кога ја добив “Нова Македонија” и ја прочитав информацијата дека при бегство на грчката граница е фатен и уапсен Ченто, според изјавата на министерот за внатрешни работи, јас пред присутните другари со кои седев тогаш не издржав и изреагирав веднаш:

Тоа не може да биде вистина. Па ние сме на граничниот појас, овде. И, ако било така, ние моравме да знаеме... Оваа изјава подоцна многу скапо ќе го чини Јонче Тегоски. На крајот нашиот соговорник резимираше: - Јас сум со чиста совест. Вистина е оти се зачудив кога ја прочитав веста за апсењето на Ченто и не можев да го скријам моето изненадување кое беше големо. Не можев да не изреагирам спонтано, оти тоа не е сторено во пограничниот атар, туку околу нас. Жалосно беше за една вакква македонска личност да се прават такви конструкции. Тие луѓе и беа потребни на Македонија...

И така, продолжува случајот Ченто, продолжуваат затвореничко-истражните страници од неговиот живот. Тој е донесен и е предаден во затворот во Скопје. А како се одвивало сето тоа, кој учествувал, кој наредувал, а кој извршувал?

И годините и болеста речиси го врзале за постела Методија Ивановски – Сватот, но беше интересно да го чуеме тогашниот управник на Истражниот затвор во Скопје, па тој со голем напор, но и со задоволство проговори за тие дни и месеци кога еден од најтаинствените апсански “клиенти” бил Методија Ченто.

- Очите му беа врзани со марама онаа ноќ кога го донесоа со џип во затворот во Скопје. Го видов како седи во возилото сам, и се ми беше јасно. – Смести го и веднаш јави му се (на Елисие Поповски), ми рече едниот од УДБА, кој заедно со Крсте Панговски го спроведоа Ченто директно од Прилеп, - си приспомнува денес Методија Сватот. – Кога му се јавив на Елисие Поповски, тој кусо ми рече дека е во прашање Ченто и да внимавам, зашто е апсен под строга конспирација, за што подоцна потпишав и изјава.

Ченто беше сместен во најстрого чуваните, во тајните ќелии, со дупла врата, без она “шпион” око. Прво го сослушуваше Марко, потоа чинам оти го презеде Димитар Алексиевски, па Благоја Поповски, не паметам најдобро.

Што и каква е вистината за повеќепати споменуваниот ремен при апсењето на Ченто го прашуваме Методија Сватот, кој се сеќава речиси во детали па ни рече: - Кога го донесоа Ченто од личните работи што му беа одземени имаше само чешел, празно шише, еден ремен. Сите нив јас ги зедов и ги фрлив во магацинот бидејќи кога не го водам ни списокот затвореникот (така беше со конспиративните) тогаш и не му отворав ниту досие за она што беше одземено. Не се сеќавам најдобро, но Пекар или Марко ме викнаа и ми побараа да се донесе се што беше најдено кај Ченто. – Па нема никакви работи, им одговорив. Ми го донесоа со врзани очи, со празно шише и со еден војнички ремен кој го фрлив во магацинот. Не водам досие и тоа е се... На овој одговор Марко со прекор рече: Мора да се најдат работите! – Ама како, се вџашив јас. Ќе мораш да ги најдеш! – строго нареди. Бев ставен на жар.

Каде ли ќе ги најдам? Толку затвореници поминаа, ги превртев сите списоци, магацинот, што не сторив, но ременот го нема. Вистинска потера. Ми престоеше опасност, доколку не се пронајде, јас да си го однесам... Најпосле дојдов до тој фамозен ремен. Еден од клучарите го однел дома. Кога го врати му го однесов и му го предадов на Елисие Поповски. Впрочем како и златото што му го дадов пред тоа. Се беше на чесен збор. На доверба.

- Вашето познанство со Ченто беше поодамнешно?

- Со Ченто бевме добри пријатели уште од логорот Чучулигово во Бугарија, каде што тој отскокнуваше како маркантна затвореничка личност. Со многуте интелектуалци таму се носеше рамо до рамо, за се. Бидејќи јас единствен имав право да влегувам во неговата ќелија од затворот во Скопје, му носев храна, по некојпат седев и разговарав со него. Беше доста отворен. Знаејќи ме од порано, мислам оти не можеше да не проговори искрено, независно што јас тогаш бев управник.

Мислам дека во најтешките затворски мигови бев тука, во близина.

- Дали нешто приспомнуваше околу апсењето – го прашуваме натаму нашиот соговорник.

- Што ти требаше да бегаш и што ќе правеше во Обединетите нации, му реков по некое време. Ченто ме погледна и ми одговори: "Ако те наместат и тебе ќе те затворат". Па продолжи: "Не сум се надевал оти вака ќе биде, ниту сум заслужил вака да ме апсат и овде да ме донесат. А знаев дека ќе бидам избркан, знаев и од кого, само не на ваков начин. Па и јас сум дал за оваа Македонија..."

Знаете како беше тогаш, таквите луѓе навистина не можевме да ги апсиме без знаење на Партијата, без знаење на високите највисоките раководители, без знаење на Белград.

"Не сум направил ништо", повторуваше, многупати. А, му се јавувале, му потшепнувале, па дури и отворено некои му рекле дека ќе биде апсен. Му советувале да бега, - вели Методија Сватот. – Ченто е апсен накај селото Старавина. И заминувањето негово од дома е направено под притисок. Се било наместено за да го снема и да не му пречи никому. А кој може да ме убеди дека бил предавник – никој, - вели нашиот соговорник, бившиот управник на затворот. И продолжува: - Ви велам, немаше оружје, барем не кога го донесоа во затворот. Пред тоа не знам. Беше искрен, многупати и ќе ми речеше: "Ако не чинам за нив, нека го прашаат мој Прилеп..."

- Овој голем патриот не трпеше неправди, имаше многу искреност и чесност во себе. Заслужи ли такво апсење, таков затовр, па судење и тешка и долга казна. Жалосно. И пред генерациите и пред историјата, - ни рече меѓудругото Методија Сватот.

Како што таинствено е апсен и донесен од Прилеп директно во Скопје така строго конспиративно Методија Андонов е чуван зад решетките каде што почнува да ги издржува првите од оние над 3.000 денови колку што ќе мине зад затворските врати и

кога освен врвни и доверливи, освен личности по службена должност, друг и немал увид кој е затвореникот во специјалниот оддел. Денови на неизвесност биле тоа и за семејството Андонови во Прилеп, а настојувањата да дознаат било каква вест, сврзана со Ченто, остануваат залудни, па неговата сопруга потрагата по информација ќе ја одведе и во Белград.

На 29 јули 1946 година, Јавното обвинителство на НРМ е известено од УДБА на Македонија дека на 14 јули вечерта се задржани Методија Андонов Ченто од Прилеп и други, при обид за ислегално преминување на границата и за ширење на противнародно дејност, врз основа на што и донесува решение против Ченто и другите да се поведе кривична постапка и да се задржат во истражен затвор до завршувањето на истрагата...

Само два дена потоа, на 31 јули, со официјално соопштение до јавноста првпат се огласува Министерството за внатрешни работи на НРМ со потпис на неговиот министер Цветко Узуновски Абаз, со веста објавена на првата страница на “Нова Македонија” која гласи:

“При обидот да побегне преку граница од нашата земја во Грција, е уапсен од органите на државната безбедност Методија Андонов Ченто”.

Во наредните месеци, до започнувањето на судскиот процес, Ченто е сослушуван многупати од УДБА, од органите на власта, тоа трае се до 8 ноември, кога Јавното обвинителство до Окружниот суд во Скопје поднесува обвинителен акт против Методија Андонов, Борис Загоранлиев, Митре Митрески и Неделко Макрески во кое се товарат според член 13 од Законот за кривични дела против народот и државата. Следува потпис на Никола Вражалски, чие име последен пат се појавува како јавен обвинител во врска со случајот Ченто.

Во Окружниот народен суд во Скопје, на 19 ноември 1946 година почнува судењето на четворицата на чело со Методија Андонов. Процесот го води Судскиот совет во состав:

претседател Панта Марија, членови Лазар Мојсов и Коле Чашуле, заменик-јавен обвинител Благоја Поповски.

На обвинителната клупа, на еден од големите, еден од најинтересните и по многу нешто загадочни процеси, кои и во изминатите децении, а најмногу последниве години, е предмет на пошироко внимание и интерес, е довчерашниот прв претседател на Република Македонија, Методија Андонов Ченто. Обезбедена е и публика. Дали случајно или не, но на местото обвинител не е Никола Вражалски, туку заменикот Благоја Поповски, сограѓанин на Андонов, а член на Судскиот совет е Коле Чашуле, исто така негов сограѓанин, прилепчанец.

По почјнувањето на процесот, Поповски го чита обвинителниот акт во кој се вели (цитираме):

"Обвинетиот Методија Андонов Ченто, не согласувајќи се со внатрешната и надворешната политика на ФНРЈ која по негово мислење била спротивна на интересите на македонскиот народ, поради што неговото обединување не можело да стане во рамките на ФНРЈ, туку само под протекторат на туѓа држва, решил да преземе од своја страна акции за спроведување во дело на својот противнароден и противдржавен став. За таа цел, веднаш по Велигден 1946 година обвинетиот Ченто се поврзува со следниот обвинет Борис Загоранлиев и му го открива својот план за бегство преку граница за Грција надвор од Југославија и своите намери, надвор од нашата држава да преземе акции било на Конференцијата во Париз, а доколку не успее таму, тогаш во самата Грција, со насилство да се отцепи Народна Република Македонија од ФНРЈ и да се соедини со Егејска Македонија во федерација со Грција". Во продолженеието од обвинителниот акжт стои:

"По постигната согланост, обвинетиот Борис Загоранлиев го дели неговото становиште како стар припадник на терористичката организација на Ванчо Михајлов, да организираат банда од вооружени лица со кои мислат да се префрлат преку граница во Грција и да ја почнат својата злосторничка акција. За да го олеснат и своето, и бегството, и префрлувањето на групата преку граница, обвинетиот Методија

Ченто запознавајќи ги со таа своја злосторничка дејност, им дава и им ветува материјална помош, ги ангажира Митре Митрески и Неделко Макрески и по подготвениот план решава да бега. Тргнува првообвинетиот Ченто, заедно со Макрески, но, на патот на 14 јули 1946 година се фатени од органите на народната власт.”

Со оваа своја дејност, обвинетиот Методија Андонов, бидејќи како државјанин на ФНРЈ организира вооружена банда и тргнува да бега преку граница со цел да поттикне странски држави за мешање во внатрешните работи на ФНРЈ, со што би се нанела штета на независноста и неповредливоста на нејзината територија, извршил обид за кривични дела според член 3, точка 2, 7 и 9 од Законот за кривични дела против народот и државата, казниви по член 4, во врска со член 12 од истиот закон.

Обвинетиот Борис Загоранлиев, согласен со злосторничката акција на Методија Ченто, се поврзува со него и соработувајќи заедно, организираат вооружена банда од десетмина, со цел, откако ќе ја преминат границата, да работат за реализирање на своето ненародно и противдржавно политичко становиште, било со придобивање на туѓи држави за интервенција во внатрешните работи на ФНРЈ, било со оружена акција за отцепување на Македонија од границите на Југославија. Со оваа своја дејност обвинетиот Борис Загоранлиев извршил обид за кривични дела според член 3, точка 2, 7 и 9 од Законот за кривични дела. Обвинетите Митре Митрески и Неделко Макрески, запознати со злосторничката акција по онаа веќе цитирана за првите двајца обвинети, помагаат на тој начин што нив им се ставаат на располагање за да ги префрлат преку граница, со кое извршиле обид за кривични дела по веќе цитираниот закон”, се вели во обвинителниот акт.

Процесот во Скопје продолжил со распит на обвинетите Методија Андонов, потоа Борис Загоранлиев, Митре Митрески и Неделко Макрески. Во неоптпишаниот извештај, објавен во “Нова Македонија”, се даваат изводи од тоа што рекле сообвинетите пред судскиот совет, при што паѓа в очи дека

нивните кажувања главно се мошне слични со главните обвиненија против Андонов.

Според Загоранлиев, Методија Андонов Ченто му признал дека ќе заминува преку граница за да стаса на Мировната конференција во Париз, каде што од претставниците на големите сили ќе барал да ја обединат Македонија под нивни протекторат. И, дека, ако не се успее таму, тогаш, тој ќе отишол во Грција таму да работи за обединувањето на Вардарска и Егејска Македонија во федерација со Грција.

Од распитот пак, на Митре Митрески се заклучило дека тој служел како врска меѓу Методија Андонов и луѓето кои требало да бидат ангажирани во спроведувањето на бегството и за префрлување на вооружени лица во Грција (станува збор за десетмина), а и да најде и човек кој ќе го префрли и првообвинетиот. Неделко Макрески, меѓу другото, пред судот измавил дека Ченто му зборувал оти ќе организира чети да се борат против стариот југословенски режим кој и денес владее во Македонија...

Во продолжение на процесот бил распитан сведокот Трајко Бешоски од мариовскиот крај, пред кого Ченто зборувал, оти "Македонија треба да се оддели од Југославија и дека ќесињата треба да ни се одвоени", оти ќе оди во Париз да го бара обединуивањето на Македонија, под протекторат на друга држава, итн. Сведокот Киро Платник (инаку стар Чентов познајник и сограѓанец), изнесол пред судот тврдење дека по оставката Методија спечалил толку пари во дуќанот, како што никој пат дотогаш и за толку малку време не спечалил... (во пресудата пак, стои дека обвинетиот е слабо имотен, м.з.). По распитот на првообвинетиот и на неговите помагачи, следниот ден својот обвинителен говор по кривичните дела, како што стои во извештајот, одржал заменикот јавен обвинител Благоја Поповски.

Веднаш потоа, прв зборувал адвокатот на Ченто, Благој Попанков , кој меѓу другото го замолил судот да ги има предвид некои олеснителни околности, а особено тоа дека овде постои само обид, но, не и почеток за извршување на кривично

дело. По него зборува адвокатот на Неданов и Макрески, констатирајќи дека на делата на неговите штитеници треба исто така да се гледа на, како што ќе рече Борис Арсов, подготвителни дејства а не и како на обид. На крајот говори бранителот на Митрески, Јанакиевиќ.

По сето тоа, им бил даден збор на обвинетите. Попладнето во пет часот, на 22 ноември, била прочитана и конечната пресуда.

## ЧЕНТО: НЕ СУМ ШПИОН, НЕ СУМ ПРЕДАВНИК НА СВОЈОТ НАРОД

*Жалбата на Методија Андонов остана само тоа*

*Зошто бргу се затвори неговото досие, а дилемите останаа до денешни дни*

*Ченто умира на 24 јули 1957 година и е закопан во семејните парцели на Прилепските гробишта*

*Во името на народот*

Скопскиот Окружен народен суд во состав: претседател Панта Марина и членови Лазар Мојсов и Коле Чашуле, заменик јавен обвинител Благоја Поповски ја објави пресудата за кривичното дело на Методија Андонов Ченто и на неговите помагачи. Се осудуваат:

Методија Андонов Ченто на 11 години лишување од слобода со присилна работа и пет години губење на граѓанските и политичките права и конфискација на најдените предмети кај него.

Борис Загоранлиев на пет години, Митре Митрески на една година, Неделко Макрески на три години.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Ценејќи ги по одржаниот главен јавен устен претрес сите докази, Судот констатира дека во дејноста на обвинетиот

Методија Андонов стојат сите елементи за постоењето на кривичните дела (изложени во диспозитивот на оваа пресуда) имено:

Загрозување на независноста и неповредливоста на територијата на ФНРЈ, предвидено во член 3 точка 2; организирање оружени банди и нивно префрлување на територијата на ФНРЈ со цел да се загрози постојното државно уредување на ФНРЈ предвидено во член 3 точка 7 и поттикнување на странски држави за мешање во внатрешните работи на ФНРЈ предвидени во член 3 т. 9 од Законот за кривичните дела против народот и државата.

Своето уверување за одговорноста на обвинетиот Методија, а во врска со делата од член 3 т. 2 од споменатиот закон, судот го засновува на исказите на обвинетите Борис, Митре и Неделко, на сведокот Трајко Бешоски и делумните признанија на самиот обвинет Методија.

Така, Борис Загоранлиев како пред истражната власт така и на претресот, на јасен и категоричен начин изјави дека по Велигден 1946 година обвинетиот Методија го запознал со својот план, а кој се состоел во тоа да пребега во Грција, а оттаму да одиво Париз на Мировната конференција, од каде што ако не успее да ја обедини Македонија под протекторат на една од големите сили, тогаш ќе се врати во Грција да работи на тоа НРМ да сеотцепи од ФНРЈ, да се спои со Егејска Македонија и да се образува федерација со монархофашистичка Грција.

Обвинетиот Методија на претресот призна оти тој кон Македонија има посебен долг а тоа е: обединување на Македонија која така обединета ќе се приклучи кон Југославија, кон Бугарија или Грција, или пак Македонија да биде независна од кое судот се увери дека за остварување на гореспоменатиот план на обвинетиот Методија е нужен предуслов – отцепувањето на НР Македонија од ФНР Југославија, што значи повреда на нејзината територија. Судот констатира дека во дејноста на обвинетиот Методија стојат сите нужни

елементи и за постоење на кривични дела од член 3 т. 2 од Законот за кривичните дела против народот и државата.

За одговорноста на обвинетиот Андонов за дело од член 2 т. 7 од Законот, Судот се увери од исказот на обвинетиот Неделко кој на претресот изјавува дека обвинетиот Методија на 13 јули 1946 година во својот дом во Прилеп, приготвувајќи се за бегство преку граница, му рекол: "Бидејќи се натуриле старите режими ќе бегам во Грција каде што ќе организирам оружени чети кои ќе се борат за слободна Македонија".

Натаму во пресудата се вели: "Исказот на Неделко Макрески се совпаѓа и со исказот на Митре Митрески, имено дека Бошко Загоранлиев, кој во конкретниот случај е еден од главните обвинети и прв запознат со планот на Методија, тој му понудил 100 илјади динари за да го префрлат десет оружени лица во Грција. Судот констатира дека една од целите на Методија Андонов за бегство во Грција му е организирање на оружени банди кои ќе се борат против постојното државно уредување на ФНРЈ.

Своето уверување за одговорноста на Андонов во однос на дело од член 3 т. 9 Судот го заснова врз база на признанието на Андонов, на исказот на сведокот Трајко и изјавите на Борис Загоранлиев. Признанието на Андонов се совпаѓа со искажувањето на сведокот Трајко Бешоски, на кого Судот му укажа целосна доверба и кој изјави оти обвинетиот Методија му рекол дека ако Македонија не биде во заедница со другите народи и републики во ФНРЈ, тогаш Англија и Америка ќе и ги дадат на Вардарска Македонија и другите делови, имено, Егејска и Пиринска Македонија, што всушност, значи мешање на странски сили во внатрешните работи на ФНРЈ.

Исто така, Бошко Загоранлиев категорички изјави на претресот оти обвинетиот Андонов, запознавајќи го со својот план за бегство во Грција, му кажал дека сака да оди на Мировната конференција во Париз, каде што од големите сили ќе бара трите дела на Македонија да образуваат една целина под покровителство на една од големите сили и тоа дека ќе го бара како бивш народен пратеник, бивш голем функционер на

власта. Судот така констатира дека има мешање на странски сили во внатрешните работи на ФНРЈ, со која дејност се исполнети сите елементи неопходни за постоење на кривично дело од член од член 3 т. 9, а во врска со член 12 од истиот Закон.

Одбраната на обвинетиот Методија, која вели дека тој тргнал да бега во Грција поради тоа што, откако поднел оставка и се вратил во Прилеп, бил подложен на политички и економски прогон од народната власт и дека тој прогон беше главен мотив за неговото бегство, а како второстепен мотив му бил исполнувањето на последниот долг кон Македонија – акција за обединување на Македонија на гореизложениот начин". Судот ја одби и ја отфрли како неоснована, бидејќи обвинетиот Методија не само што не му даде на Судот ниеден доказ во поткрепа на својата одбрана, туку од исказите од него предложените сведоци Киро Платник, Ристо Бајалски и Петре Талев, на кој судот им укажа целосна доверба, се утврди обратно, имено дека не бил применуван никаков прогон.

Така сведокот Киро изјави пред судот дека лично обвинетиот Методија му кажал оти за кратко време од работата заработил во дуќанот повеќе отколку било кога порано. Сведокот Бајалски пак изјави оти тој во Народното собрание го критикувал Методија, но како народен пратеник, поради дејноста која ги загрозуваше основните придобивки на НОБ, конкретно во дискусијата за член 1 од Уставот на ФНРЈ.

Исто така и сведокот Талев изјави, се вели натаму во пресудата, оти навистина тој како претседател на ГНО во Прилеп издал наредба со која на извесни ноторни пијаници им се забранува посетување на сите крчми во градот, а не само во крчмата на обвинетиот Методија. Од друга страна, пак, Методија изјави пред судот дека за цело време од поднесувањето на оставката не бил повикуван или казнуван од органите на власта, ниту му била забранувана работата во дуќанот, па судот врз основа на изложеното ја отфрли таа одбрана како обид на заведување и констатира оти единствени мотиви за бегство на обвинетиот Методија дека не е желбата да се насели во Америка за да работи, туку да ја спроведе својата предавничка и

противнародна работа, како што е напред изложеното. Судот не можеше да го прифати мислењето на заштитникот (адвокатот) на обвинетиот Методија во неговото дејство не стои обид за извршување на изложените дела, од следниве причини: во јурисдикцијата е усвоен како неспорен правен принцип – дека обид за извршуање на едно кривично дело се смета тогаш кога настапило остварување на волјата насочена кон последицата, но не настапила самата последица од извршувањето на делото. Па затоа, Судот констатира дека во дејноста на обвинетиот Методија волјата за извршување на изложените дела е целосно манифестирана со преземање работи со кои се започнува извршувањето на самото дело, во конкретниот случај, бегство во Грција, и затоа се смета за завршен обид. За кривичната одговорност на обвинетиот Борис, Судот се увери од неговите целосни и јасни признанија дадени како на претресот, така и од исказите на обвинетиот Методија и Митре.

При одмерувањето на казната на обвинетиот Методија, како отежнителна околност Судот го зеде и тоа што тој манифестираше неискреност, обидувајќи се да ги покрие сите факти кои на претресот беа јасно утврдени. Отсуствуваше и каење, па со оглед на карактерот на делото, му се одмерува и казната од 11 години со присилна работа...

Записничар Претседател на Судскиот совет
А. Јаначков, Панта Марина

По пресудата Методија Андонов заминува на издржување на одмерената казна во целосна изолација зад затворените ѕидини. На 9 мај 1947 година, на Денот на победата, Сојузното собрание донело указ со кој се помилувани лица осудени за дела за кои беше осуден и Андонов. Неговото семејство побарало указот да биде применет и на него, но тоа не е уважено. Советот на Окружниот суд во Скопје, чиј претседател е Панта Марина, го одбива барањето, наведувајќи дека Ченто бил осуден за шпионажа, дело на кое инаку не се однесува указот.

Тогаш Методија Андонов напишува жалба адресирана до Окружниот суд во Скопје и до Врховниот суд на Македонија...

До Окружниот суд Скопје и до Врховниот суд на НРМ

Жалба од Методија Андонов Ченто осуденик на КПЗ Идризово

"Окуржниот суд на 21 ноември 1947 година донесе решение со кое се одбива молбата (поднесена од Василка Андонова), а за помилување врз основа на Указот од Президиумот на Народната скупштина на ФНРЈ од 9 мај 1947. Мотивот за едно вакво решение е тоа што моето дело се смета како шпионажа.

За доказ дека ова решение не е правично, е тоа што пресудата (11 години затвор) е заснована врз доста неверни сведочења и обвиненија, сите тие (употребени), како материјал против мене, но од друга страна, се пропуштени и нецелосно се изнесени доста верни докази кои беа во полза на мојата одбрана. Натаму, не знам од која причина, мојата жена не поднесе жалба на пресудата во определениот рок, иако таква жалба беше подготвена, со цел, да излезе на видело (да се расветли) материјалната вистина, а тоа е, дека немам кривично дело за шпионажа. Затоа го давам следното.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На претресот пред судот како материјал за делото за кое сум осуден беа: обвинителниот акт, исказите на другите обвинети, исказите на сведоците и речта на јавниот обвинител. Покрај тоа што имаше доста невистини во врска со делото, на судот и моето политичко минато беше прикажано во најцрна боја, за да послужи како поткрепа на обвиненијата и како придонес за построга пресуда. Поради тоа сметам за потребно да одговорам поодделно за секој случај, бидејќи на претресот бев ограничуван во моите одговори, особено (ограничен) во мојот завршен збор и на тој начин не беше изнесена материјалната вистина. На прво место ќе се задржам на моето политичко минато што е во врска со процесот иако сметам дека тоа не е толку важно, но, сепак, заради хронолошкиот ред, би почнал од него.

За време на стара Југославија се занимавав со политика, бев прогонуван од 1929 до 1941 година, многупати казнуван,

повеќепати лежев затвор... Од 1935 до 1939 година бев “мачековец” затоа што Мачек беше федералист, за југословенска федерација, а јас исто така бев федералист, за политички и национални права на македонскиот народ и за негова економска заштита. Во 1939 Мачек се откажа од југословенската федерација, а тогаш и јас се откажав од него, бидејќи и натаму останав федералист. Една година потоа кога тој беше потпретседател во владата, јас двапати паднав во затвор и одлежав девет месеци во апсаните, двапати бев обвинет според Законот за заштита на државата, а вториот пат ќе бев осуден на многу години ако не капитулираше стара Југославија. Токму во тоа време бев во затвор во Баина Башта. На 15 април 1941 година двапати ќе бев и стрелан, еднаш од жандармеријата, еднаш од воената полиција, односно од Прекиот воен суд, кога благодарение на интервенцијата на граѓанството бев спасен во последен момент.

Кога се вратив 1941 година од Баина Башта на поминување во Скопје, бев повикан од Македонскиот национален комитет кој имаше карактер на – македонска територијалност, бугарска националност, а негов претседател беше Стефан Стефанов. Комитетот го определи адвокатот од Кавадарци – Анастасов, да ми објасни дека треба да соработувам со бугарската власт, бидејќи Македонија се обединила со Бугарија. Мојот одговор во присуство на Матов и инженерот Цветко беа дека јас нема да соработувам со бугарската власт, затоа што не се чувствувам Бугарин, туку Македонец, и затоа што за мене е важно обединувањето на цела Македонија и националните права на Македонците.Овој разговор е воден на 26 април 1941 година, прв и последен во врска со Стефан Стефанов и со Македонскиот национален комитет. Тоа го знае и Киро Платник.

Поради тоа, а и поради други причини, јас паднав во немилост кај бугарската власт. Кога почна војната меѓу Германија и Советскиот Сојуз, бугарските агенти забранија кај мене да се слушаат вести од Радио Лондон. Истовремено бараа факти за студенти-комунисти, што соработувале политички со мене, меѓу другите и за Кузман Јосифовски. Еден ден кога имаше агенти во дуќанот, дојде Кузман, го отвори радиото да слуша

вести од Лондон, а јас за да го спасам, бидејќи тој не ги знаеше агентите, наеднаш му го затворив радиото и без објаснување му реков да си оди. Тој замина изненаден. Но, по некој ден, се објаснивме и Кузман за сето тоа остана благодарен.

На Петровден 1941 се растурија првите комунистички летци во Прилеп. Како први политички жртви за нив бевме јас, Благој Попов, сегашниот јавен обвинител и брат му Никола, сите истовремено, во еден ден паднавме во затвор. Веднаш по моето затворање, агентите го чекале Кузман Јосифовски да дојде во чаршијата, во дуќанот кај мене, но моите калфи го спасиле и оттогаш Кузман стана илегалец-партизан, а јас четири пати паднав в затвор, еднаш бев испратен во интернација, па испратен во логор. Во септември 1943 година бев слободен. Тогаш добив писмо пишувано со рака, по другарката Драга (жена на Никола Влажалски, јавен обвинител) за состанок со Кузман Јосифовски во Скопје. На тој состанок, покрај другото, решивме да заминам во партизани и со врските што ми ги даде Кузман, јас тргнав кон Дебарца. На Илинден 1944 бев избран за претседател на АСНОМ.

Од 2 Август, од Илинден 1944, до 16 април 1945 година, Президиумот на АСНОМ беше и законодавно тело и народна влада. Јас како народен претставник и како претседател на Президиумот имав право и должност да предлагам да се извршат некои исправки таму каде што го сметав тоа за потребно, според моето мислење и со најдобра намера. Во тоа време имаше некои мои предлози неприфатени, но тие не беа ниту противнародни, ниту противзаконити, а од друга страна, нема донесено од моја страна никакво решение кое би било противзаконито. Ете тие мои предлози во обвинителниот акт (во обвиненијата) се наречени како “несогласување” и како противнародни.

Овие “несогласување” се окарактеризирани како против внатрешната и надворешната политика на ФНРЈ, па така обвинителниот акт и пресудата, се засновани врз “моето несогласување со внатрешната и со надворешната политика на ФНРЈ”. Од исказите на сведокот Трајко Бешоски и на обвинетите Неделко, Борис и Митре, може да се види разликата

– противречноста, бидејќи тие, особено исказите на обвинетите, се неверни, и се дадени со цел и со надеж тие лично да бидат ослободени од секаква казна. На пример:

Неделко Макрески, обвинетиот, изнесе дека јас сум сакал во Грција да организирам чети за борба против ФНРЈ. За доказ дека ова сведочење не е верно, доволно е ако се спореди со исказот на сведокот Трајко Бешоски, кој е мој противник, а кој, меѓу другото, сведочи дека “ Методија Ченто му рекол на Трајко Бешоски оти не сакам ниедна капка крв повеќе да се пролева за Македонија и дека ќе гледам, веднаш, со параход да заминам од Солун”. Фактички, јас му кажав во разговорот и на Неделко дека од Солун ќе гледам да заминам во Америка и тој се согласи да киниса и да не се дели од мене. Неверноста за организирање чети може да се процени и според тоа што јас никогаш не сум бил терорист во политичкиот живот, а тоа е најпотребно за еден организатор на такви чети. Од друга страна треба да се цени и тој факт дека јас имам толку свест и знам дека со чети земја не се презема, па и кога би го сакал тоа. На Неделко му ги објаснив причините за намерата да заминам надвор, но тие причини беа сосема извртено прикажани.

Борис Загоранлиев изнесе дека сум му рекол дека имам намера да емигрирам, сум му дал копија од предлогот на уставниот проект за да види од кои причини дошло до мојата оставка и до моето решение за емигрирање, потоа дека сум сакал пред Мировната конференција да го изнесам прашањето за обединување на Македонија под протекторат на некоја голема сила. Или, ако тоа не се успее на Мировната конференција, тогаш дека ќе се вратам во Грција, и со насилство Вардарска Македонија ќе ја соединиме со Егејска Македонија во федерација со Грција. И како, по сето тоа, сум му предложил да замине со мене.

Верно е дека на Борис му кажав оти сакам да заминам, дека разговаравме заедно да го направиме тоа, но јас, на вториот разговор, му откажав. Верно е оти му дадов копија од предлогот на уставниот проект да прочита, а во врска со тоа го допревме и обединувањето на Македонија. Имено, дека покрај Трст и обединувањето на Македонија може да биде поставено пред

Мировната конференција, но, не токму од мене. Верно е и тоа оти му реков дека и во емиграција да сум, за време на Конференцијата јас ќе го поддржувам обединувањето со правото на самоопределување, но во никој случај не реков дека Македонија треба да биде под протекторат, или ако тоа не се успее на Конференцијата, тогаш, по пат на насилство да се соедини со Егејска Македонија во федерација со Грција.

Ова може да се процени и по логиката на здравиот разум, дека ако на една Мировна конференција не биде решен еден проблем, тогаш тој никогаш нема да биде решен со насилство и, конкретно, со грчка сила и со грчка помош да се земе земја од Југославија. Мислам дека секој свесен човек ќе процени, оти таква глупост кај мене не може да биде.

Митре Митревски изнесе дека тој ден, пред да тргнам, сум му рекол дека ќе бегам преку граница. Дека ќе ја ставам главата в торба, дека не испадна така како што мислев... јас не се сеќавам точно дали така сум му рекол. Но, и да сум рекол, сметам дека тука нема дело за шпионажа. “Ќе ја ставам главата в торба”, тоа само по себе се разбира за ризикот на границата и преку неа, “не испадна како што мислев”, тоа е верно, оти никогаш не мислев дека мојот живот ќе биде во опасност и во моја Македонија.

Трајко Бешоски, сведокот, изнесе дека сум му рекол оти сакам да бегам во Солун, да ми најде човек кој ќе ме пренесе преку граница, а јас од Солун да заминам со некој американски пароход предвреме, пред почетокот на Мировната конференција за да би можел да се заложам за обединувањето на Македонија. И дека, со помош на Англиа и Америка, Македонија ќе биде обединета, а за неа не сакам ниедна капка крв да се пролее, освен тоа, печалбата од тутунот треба да е во нашето ќесе.

Исказите на Бешоски приближно се верни, бидејќи е опфатена смислата, но тие не се целосни за да се процени токму вистината. Има извесна измена на одделни зборови за кои мислам дека не се намерно сменети, меѓутоа, од друга страна, тие се на моја штета. Исто така, има пропуштени зборови од

нашиот разговор кои се многу важни за да се види материјалната вистина, бидејќи се однесуваат на обединувањето и врската на Русија, Англија и Америка.

Имено, нема веќе потреба за борба. Обединувањето на Македонија може да стане на мирен начин и тоа ќе биде најдобро. Јас лично не сакам ниедна капка крв повеќе да се пролева за Македонија. Но, за обединувањето е потребно на прво место согласност од големите сили, Русија го признава нашето прашање, а тоа не е доволно, бидејќи треба да е признато и од Англија и Америка. Во тој поглед ние сме должни да се залагаме, особено сега, пред Мировната конференција за правото на самоопределување.

На претресот, бидејќи немав право да му поставувам прашање директно на сведокот, туку индиректно, преку претседателот, јас го запрашав да каже што сме разговарале во врска со големите држави. Арно ама претседателот на судот рече: “Не се сеќава старецот за тоа”, и така Бешоски не одговори ни со да, ни со не, и тој важен дел од разговорот остана неразјаснет. Што се однесува за ќесето, за тутунот, тоа не е никаква тајна, бидејќи сум дал писмен предлог за уставниот проект. Од целиот разговор со Бешоски, сметам дека нема дело за шпионажа...

Во продолжението на жалбата напишана од Методија Андонов, откако било одбиено барањето на неговата фамилија со Указот на Президиумот на Народната скупштина за помилување (1947) да биде опфатен и Ченто, се вели:

“Во обвинителниот акт, но не и пред истражната власт и пред јавното обвинителство, се спомена некаква оружена банда од десет души. Што е верно или неверно, за каква банда станува збор, знаат само тие што ја споменаа. Од моја страна, тврдам, дека ништо и никакви врски не ми се познати, ниту пак од некого сум чул за некаква банда, што пак може да се процени од претресот пред судот и од моите разговори со обвинетите и со сведокот. Јас наполно самсакав да одам во Солун и потоа надвор од Грција. Логично е дека, доколку сум имал некаква врска со каква било банда, тогаш во никој случај не ќе беше

потребно јас да и пробивам пат на бандата за Грција, туку би било обратното.

Чудно е и тоа, што не беше споменато ниту едно име на тие бандити, ниту место од каде што се тие, иако ова беше многу важно за судот. И најпосле, во една и пол година откако сум досега во затвор, сепак ќе се најдеше некаква трага на таква банда, и на некаква врска доколку имала таа со мене.

Петре Талев сведокот потврди дека како претседател на ГНО во Прилеп забранил на некој од муштериите да доаѓаат кај мене. Тој изјави дека сум против еднократниот данок. Меѓутоа, јас го потпишав како претседател решението за тој данок. Предлагав да се исправат грешките – конкретно Струмица требаше да плати три милиони, а Прилеп 149 милиони, а се мислеше и до 170 милиони лева, на некои фирми, многу а на онаа во којашто тогаш бев и јас, малку, па дадов предлог на оваа фирма (иако тоа ќе биде на моја штета) да и се покачи данокот од 300 илјади на еден милион. Мојот предлог беше со задоволство одобрен особено од секретарот Коле Чашуле. Една фирма, немајќи во тие денови готови пари да го плати данокот, внела и злато за кое немаше определен курс. По некоја недела фирмата добила пари и со нив отишла да го плати данокот, но да си го земе златото. Петре тогаш мене ме праша како да постапи. Моето мислење беше: кога нема курс за златото и кога фирмата го плаќа данокот како што е задолжена со пари, тогаш правилно е златото да и биде вратено. Овој мој предлог не беше примен, меѓутоа, не ќе беше никакво зло и доколку се примеше.

За Киро Платник ќе беше чесно ако кажеше дека две години од мојот дуќан и нему и на другите прилепски партизани им испраќавме храна и други потреби поради што јас четири пати паднав во затвор. И друго; дали Кузман Јосифовски ќе одржуваше состанок со мене во 1943 година во Скопје, доколку бев негов непријател. Платник злонамерно ја прикажа мојата интервенција за некои смртни казни. За тоа јас јавно говорев во Народното собрание на 15 април 1945 година, а потоа бев избран за претседател на Президиумот. Сведокот Ристо Бајалски, народен претставник, потврди дека во истата смисла ме нападнал во Собранието, а потоа злонамерно го прикажа

мојот предлог за уставниот проект кој не е тајна, и кој не е кривично дело.

Јавниот обвинител во својата завршна реч ги повтори сите точки во обвинителниот акт и сите искази од обвинетите и од сведоците, без оглед дали се вистински или не. Покрај другото, го прикажа мојот политички живот во стара Југославија и врските со Мачек и со Драгољуб и случаите со Стефанов и Кузман Јосифовски Питу. За случаите со Мачек, со Стефанов и со Кузман доволно е она што веќе го изнесов, додека за Драгољуб можам да речам дека во стара Југославија имав врски по препорака на прогресивните македонски студенти меѓу кои беше и јавниот обвинител Благој Поповски. Инаку, ќе беше чесно ако Поповски споменеше дека јас и тој како први жртви за време на окупацијата паднавме во затвор на Петровден 1941 година.

Општо земено, ете, на тој изнесен материјал, верен или не, е заснована пресудата со толку строга казна. При една објективна анализа може да се утврди дека има законски прекршок за обид на нелегално преминување на границата – емигрирање, но во никој случај нема ниту обид, ниту цел, ниту дело за шпионажа, ниту цел за оружена борба, ниту цел за отцепување земја од Југославија, ни а присоединување со Грција или пак Македонија да биде под нечиј протекторат.

Од сето тоа може да се констатира дека обединувањето на Македонија ме интересира и дека според моето мислење како најправилно решение сметам дека е - правото на самоопределување и дека таквото мислење ќе го поддржувам и тоа кога би се нашол во странство, како емигрант.

Ова нешто не го кријам, бидејќи го сметам за свој долг, тоа нешто сум го предлагал да влезе и во уставниот проект, мислејќи на сите три дела на Македонија, а не само на Вардарска како исклучително нешто.

Основните и оправдани причини што можеа да ме доведат и што ме доведоа до едно такво решение за емигрирање во еден психолошки момент се следниве: кај секој политичар може да

се најде нешто специфично. Тоа беше случај и кај мене. За некои работи јас имав поинакво гледиште од другарите. Еден таков случај беше и моето видување и на уставниот проект. Јас дадов писмен предлог (амандман) да се воведе правото на самоопределување и да се даде поголема компетенција на народните републики во економскиот сектор. Поради тоа и поради некои други од порано различни, но не и противнародни или противзаконити гледишта против мене почна кампања.

Јас сакав да ја избегнам оваа кампања, не толку поради мене, колку за општите политички интереси, бидејќи бев претседател на Президиумот. Поради тоа презедов мерки, за да не се шири таа кампања против мене. На 7 март 1946 на Конференцијата на Главниот одбор на Народниот фронт во Скопје од 12-мина бев злонамерно нападнат со многу неверни работи. Меѓу другото и како противник на аграрниот закон, а моето гледиште за овој закон беше следново: да им се остави но некој хектар земја и на оние земјопоседници што имаа повеќе од 25 хектари за да можат да работат и со свој личен труд да живеат. Ова мое гледиште им е познато на сите тогашни членови на Президиумот. Практиката докажа дека сум бил во право. Извесно време по мојата оставка, централниот закон во тој поглед донесе измена. Покрај другото, бев нападнат и како пријател на ЈРЗ, на Германците и на Џемо, а цела Македонија знае и тие што ме нападнаа знаеја дека сум се борел и против ЈРЗ и против Германците и против џемовци. Покрај другото, бев нападнат и за амандманот на уставниот проект. Ми беше речено дека “од функцијата ќе те избркаме”.

Ете, сите тие работи ми налагаа како свесен и чесен човек да си дадам оставка на сите функции што ги заземав и да се повлечам од политичкиот живот на чесна работа.

Отидов во Прилеп и мислев дека ќе имам спокоен живот, со труд ќе ја хранам фамилиата и нема никому да пречам кога немам власт. Арно ама како резултат на она што стана во Скопје, на фронтовската конференција, работите во Прилеп зедоа судбоносен развој. Како поважни од нив се следниве: забрана на луѓето да пазарат кај мене; синдикатот не дозволува да ми се дава пиво иако имав услови да точам; во Народното

собрание Платник и Бајалски остро истапуваат со заплашување против тие кои доаѓаат кај мене на дуќан; по селата се агитира да не доаѓаат селаните да пазарат во мојот дуќан, конкретно, Трајко претседателот од селото Бешиште. Во Битола некоја улица што носела мое име е сменета со друго. Сменувањето само по себе ништо не значи, но, коментарите и нападите против мене по тој повод имаат значење.

Милан Јаневски, саатчија од Прилеп, во очи директно ми вели ќе те уништи власта. Но, јас и на тоа не би давал некакво значење, ако тој Милан, во тоа време немаше пет сина важни политички функционери; Лазо Чешлар ми рече дека "како троцкистите така и тебе ќе те убиеме". И на тоа не би давал некакво сериозно значење ако тој Лазо, имаше син шеф на јавната безбедност во Прилеп.

Првпат во време на стара Југославија, вторпат за време на окупацијата мојот дуќан беше жигосан како антидржавно собиралиште, а моите муштерии заплашувани и казнувани, но никогаш не мислев дека мојот дуќан и моите муштерии и по третпат ќе бидат на ист начин жигосани и тоа во Народното собрание на Македонија.

Во стара Југославија, Србите, за време на окупацијата на Бугарија, ме заплашуваа со убиство, но никогаш не се надевав дека и Македонци ќе ми се фалат со убиство.

Малку ли се овие наброени факти, - погледнато од економска и од политичка гледна точка – едни од нив да ме доведат да си дадам оставка, а други да се решам да бегам од Македонија, оставајќи го најмилото, татковиот дом, жената и четирите ситни деца на неизвесната судбина, ризикувајќи го и својот живот?

Јан Хус, кога горел на огнот, некоја стара доодена баба не можејќи да донесе поголемо дрво, донесла само една прачка и ја ставила на огнот, за да си го исполни својот свет долг. Ете тие нејзини потомци јас ги почувствував на себеси.

Пред судот, на претресот, бев нападнат зошто да бегам во времето пред Мировната конференција, зошто да бегам во

Грција, натаму зошто во Америка и зошто во Солун да го барам Петре Соколовски кого обвинителот го опиша како револуционер.

Во Грција мислев да заминам затоа што тука ми беше најблиску границата и затоа што во Караџова имав познати Македонци кои ќе ме однесеа тајно до Солун, каде што исто така имав познати кои ќе ми помогнеа да заминам со некој параход од УНРА за Америка. Таму имам роднини и пријатели Македонци кои ќе ми помогнат за мојата егзистенција, за да не зависам политички од никого освен од своето убедување.

Низ Грција сметав да минам тајно бидејќи се плашев од грчката власт и тоа зашто на митинзи јавно сум го осудувал режимот за теророт над Македонците.Ако не ги најдев другите познати, во краен случај мислев и на Петре Соколовски, бидејќи тој повеќе од 15 години е чиновник во Солунското пристаниште, го познава движењето на параходите, а како прилепчанец сметав дека ќе ми помогне, но дали тој ќе сакаше и ќе можеше, тоа ќе беше негова работа. Доколку не ми помогнеше, мислев оти нема да ме издаде на грчката власт. Неговото политичко минато јас го знам, тој беше во немилост за време на шестојануарската диктатура и затоа отиде да живее во Солун.

Пред судот беше споменувана Мировната конференција. Што се однесува до неа, тоа е една случајност. Била или не Мировната конференција, јас бев принуден да заминам поради напред изнесените причини, но, не како шпион. Во Македонија или надвор од неа каде и да бидам, секогаш имам исто видување за обединувањето, а тоа е право на самоопределување, соединување или отцепување, за да може слободно да решава по своја волја народот од сите три дела на Македонија. Но во никој случај сум немал цел за отцепување на Вардарска Македонија од Југославија и соединување со Грција.

Сметам за потребно да напоменам и тоа, ако е некој шпион, тој ќе трпи секакво понижување и нема да се откаже од функцијата што ја зазема, за да може поуспешно да ја постигне својата цел. Друго, во текот на една и пол година откако сум во затвор, настанаа многу промени во ФНРЈ и посебно во Македонија.

Ако имав нешто во врска со шпионажа што би било исто така во врска и во поткрепа на неверните искази против мене, сепак ќе се најдеше досега некоја трага. Конкретните примери за тоа се доказ.

На крајот во пресудата е речено: казната е строга затоа што обвинетиот Ченто не покажа каење.

А како да се каам за дела кои ниту сум ги сторил, ниту сум мислел да ги сторам!

Јас сметам дека пресудата ќе беше сосема поинаква доколку: не бев ограничуван особено во мојата завршна реч, доколку беше прочитано писмото во американскиот весник "Народна волја", и доколку беа повикани уште тројцата сведоци како најважни во делото: Трајко претседателот од селото Бешиште, Милан и Лазо од Прилеп, бидејќи беше во прашање мојот живот. А дека треба да се ценат како веродостојни моите наводи е и тоа што јас не посочив да се повикаат за сведоци мои пријатели кои ќе ме бранат, туку мои противници, за да се види материјалната вистина. Од тие шест сведоци, тројцата што дојдоа пред судот ги потврдија моите наводи. Оттука треба да се цени дека е верно и тоа што го изнесувам за сведоците кои не беа повикани.

Од сето горе изложено јас се надевам дека Врховниот суд ќе види оти во моето дело нема вина за шпионажа и дека имам право на помилување по Указот. Се надевам дека правдата ќе биде задоволена.

4 декември 1947
Скопје
Учтив
Методија Андонов – Ченто
осуденик во Казнено-поправниот завод
Скопје

Жалбата на Методија Андонов - Ченто не е уважена. Врховниот суд на Македонија само го потврдува решението на скопскиот Окружен суд. Во образложението ќе биде наведено дека "Ченто е осуден за кривично дело шпионажа на ФНРЈ, па таквите лица

се изземаат од указот за помилување". Но, во образложението натаму ќе стои дека, "под зборот шпионажа не би требало да се земе едно круто, тесно толкување и да се бара изрично лицето да било судено по член 3, точка 10 од Законот за кривичните дела против народот и државата"...

Појаснување за тоа, која точка од член 3 од овој Закон се смета за дело –шпионажа Методија Андонов ќе побара и до Президиумот на Народното собрание на Југославија, но тоа негово барање никогаш не ќе стаса до означената адреса, и тој никогаш не ќе добие одговор на поставеното прашање.

По сево ова, судското досие на Ченто практично е затворено засекогаш. Според кажувањата на негови современици и директни сведоци, му било сугерирано, доколку сака да биде ослободен од казната, тогаш да упати молба за прошка; да понуди признание и покајание; да бара помилување но, со цврсто ветување дека нема да се занимава со политика... Меѓутоа, Андонов останал доследен на својот став. Особено по неуважувањето на оние негови понудени факти и вистини наведени во жалбите, првата што ја подготвил во определениот рок по пресудата, исчудувајќи се и самиот, зашто неговата сопруга воопшто не ја поднела до судот. Причините остануваат непознати за него, иако има доста верзии околу тоа. Или, пак, втората жалба.

"Осуден сум за кривични дела, кои ниту сум ги мислел, ниту сум ги говорел ниту сум ги извршил", ќе напише Ченто. Натаму, дека по враќањето во Прилип, откако заминува од претседателската функција за него почнала економска и човечка изолација; закани дека ќе биде убиен; дека не е апсен на граница и не е шпион, најмалку на својот народ; дека не му е познато ништо и за никакви банди; дека никогаш не бил за насилства, па до тоа дека пресудата е заснована на доста неверни сведочења и обвинувања итн. итн.

Продолжуваат во Идризово дел од неговите над 3 илјади затворенички деноноќија под строг режим, и со присилна работа, впрочем, и како што "доликува" за еден осуденик од "висок ранг". Затворските режими секаде во светот се приказна

за себе, а Ченто и на својата кожа, психа и здравје најсилно ќе го почувствува тој пекол зад решетките, изолациите, изгладнетоста, оглушувањето на молбите (дури и до министер за внатрешни работи) кога му е нарушено здравјето итн. итн.

Некаде во 1955 година, се чувствува се послаб и поисцрпен. Се жали дека нешто не е во ред со неговата здравствена состојба. Еден ден, по девет години и четири месеци издржана казна, му се соопштува дека може да замине дома. Бил изненаден, зашто тоа и не го очекувал, а веќе и не го барал, па прашал – зошто е слободен? Што е изменето? Тој е осуден на 11 години? Меѓутоа, одлуката била дефинитивна и Ченто требало да замине од Идризово во Прилеп. Едноставно, на 4 септември 1955 година, е отпуштен и за него затворските години се завршени. Во 53. година од неговиот живот, тој е ослободен.

Но, по добивањето на решението, Методија Андонов ќе упати барање до Управникот на КПЗ – Идризово, во кое ќе побара појаснувагње – зошто во решението стои дека е пуштен од затвор условно, кога за никаков услов, или нешто слично, не му било соопштено во претходните контакти. Меѓутоа, и тука одговорот изостанал.

Методија Андонов се враќа во Прилеп. Доаѓањето и заедничкиот живот со семејството и со најблиските не биле веќе како секогаш дотогаш, кога заминувал и одново се враќал во својот роден град. Почнува да работи на прилепските полиња, да работи и како армирач, како ѕидар на некои објекти. Кога бил на изградбата на Градската кафеана, се собирал народ среде Прилеп, за да го види поранешниот претседател како сега е умешен и во градежните работи. Но, Ченто чесно го заработувал своето парче леб и воопшто не се срамел што на таков начин го издржува своето семејство.

Во ова меѓувреме, органите на безбедноста во Прилеп го следат секој негов чекор и педантно ги бележат сите лица, кои контактираат со Ченто. Некои од нив се викани на “разговор”, а други се предупредувани и им се упатуваат закани дека, доколку продолжат каква било врска натаму, тоа не ќе биде добро за нив. Изолацијата за Методија Андонов почнува и по

вторпат во неговиот роден град, и тоа по издржаните тешки затворски денови.

Здравјето и натаму се повеќе му се влошува. Неизлечливата болест го прави своето. Издржува тешка операција на стомакот, барал да биде испратен на лекување во Швајцарија, но за тоа не добил одобрување и, летото, состојбата веќе му е крајно критична.

Од 24 јули 1957 година, Методија Андонов умира од рак. На погребната поворка во Прилеп дошле многу пријатели, познајници и симпатизери, но на последното испраќање многумина и не се осмелиле да присуствуваат, од страв за евентуални последици за нив. Првиот претседател на Македонија е закопан меѓу "обичните смратници" во семејните парцели на Градските гробишта во Прилеп, каде што и денес почиваат неговите посмртни останки.

Какви се впечатоците, сеќавањата, видувањата, како на Методија Андонов, како политичар, како човек и патриот, како на претседател, кој замина од висока функција и кој и натаму беше суден и осуден, гледаат одделни негови современици, соработници, соборци, познајници. Чукнавме на повеќе врати, контактиравме со повеќемина, дел од нив сакаа да говорат, некои одбија, со покуси и подолги образложенија, некои воопшто не сакаа да им се споменат имињата, а беа расположени да помогнат вистината за Ченто да се чуе и да се запише онака како што е. За првпат по некој збор изустија ќерката и синовите на Методија Андонов, примајќи го авторот на овие редови (како и многумина други) со доза на резервираност, можеби поучени од се што ги следело во животот дотогаш.

На понудата да проговарат и да кажат толку, колку што нивното име и презиме се сврзува со Ченто, некои од соговорницита кратко одговорија (цитираме):

Лазар Мојсов, тогашен судија – поротник: - Не, немам што јас тука.

Панта Марина, тогашен претседател на Судскиот совет: - Ништо, ништо, ништо.

Цветко Узуноски – Абаз, тогашен министер за внатрешни работи. Иако не прими многу љубезно, одговорот беше кус и категоричен, а ние го запишавме буквално: - Сум се заколнал дека јавно нема да се занимавам со политика, дека нема да зборувам и не го газам тоа. Историјата е на историчарите. А бидејќи така сум решил, затоа и останувам на тој свој став... Со еден додаток чуен потоа, дека: - Нема револуција што не правела грешки и таа се учe на сопствените грешки, но кога се разгледува од било кој аспект, токму ова прашање, треба да се проникне во основното – што се добива со тоа. Ако револуцијата не ги исправи грешките, тогаш и ќе пропадне, - рече Абаз.

Меѓутоа, во оној дел што би го рекле неофицијален, неврзан разговор, Цветко Узуноски на нашите поставени прашања, во врска со случајот Методија Андонов Ченто, во врска со тогашните потези, критики, оставка, апсење, судење и затворот, рече дека треба да се разјаснат и да се дојде до вистината. – Ние сега можеме да викаме обединета Македонија, но тогаш тоа беше опасно да се спомене; Ченто сметал дека не е решено македонското прашање и затоа се залагал тоа да се интернационализира на меѓународен план. Во разговорот, оној неофицијален, ја допревме и темата околу борбата за власт во тие времиња, за огромната моќ, влијание и конечниот збор на врвните партиски личности, а во НОВ за преголемите компетенции што си ги давале себеси инструкторите на ЦК КПЈ итн., итн.

Богоја Фотев, соборец и пријател на Ченто, министер за земјоделство на Македонија, е меѓу првите, кој имаше храброст да ја открие табутемата Ченто и јавно да побара вистината за неа да се презентира пред лицето на јавноста.

- Што не натера на ваков чекор, - беше нашето прашање упатено до доста виталниот 90-годишен Богоја Фотев, кој така лесно ги носи на своите плеќи деветте децении и зачудувачки свежо говори за многу значајни периоди, личности и настани:

- Со Ченто бевме добри пријатели и го познавав многу добро, за да поверувам на неговите гревови, по кои му се случи тоа што му се случи. Уште повеќе што и судењето не беше такво какво што требаше. Па јас, од Тоде Ношпал, во миг на искреност, лично чув дека му го скроиле планот на Ченто, а Ношпал нашол луѓе во Мариовско, каде што Методија Андонов имаше толку многу пријатели и со нив, всушност, му ја наместија играта, која, знаете како кобно заврши. Уште повеќе имав основа за сомневање кога чув оти Ченто не е апсен на граница, туку дома. Се заедно, голема ујдурма беше направена, и тоа се така добро и организирано и дотерано, па, иако Ченто беше паметен човек, успеаја да го наседнат.

- Вие паметите и други настани сврзани со него?

- Се сеќавам на оној случај со тутунот, кога при крајот на војната, во монополските магазини, беа најдени големи количества – 6 милиони килограми од овој толку важен македонски производ, што во тоа време вредеше вистинско злато. Президиумот полагаше голема надеж, зашто од добиените пари ќе решаваме многу проблеми. Меѓутоа, стаса делегација од Белград, за да го бара тутунот од нашата Република и, на заеднички одржаниот состанок, повеќето од членовите се изјаснија тутунот да остане во Македонија, меѓу нив најмногу се залагаше Ченто. Се разви бурна дискусија, но... заклучокот беше таков, каков што сакаше Партијата, тутунот отиде во Белград, а ние останавме без пари.

- А амандманот, па плебисцитот?

- Македонството беше многу истакнувано од Андонов. Кога се водеше расправа за нашите браќа од Егејска и Пиринска Македонија, тој беше на становиште дека треба да се изврши плебисцит, да гласаат сите Македонци и да се види дали се за обединета или за разединета Македонија. Примерот со амандманот на првиот Устав, во кој бараше самоопределување до отцепување на народите беше вистинска еклпозија во тоа време. Веднаш се свика состанок на Пратеничкиот клуб на

Македонија. Зедов збор и јас. Реков дека Ченто избрза, зашто никој друг не поднесе таков амандман, освен ние Македонците?

Но според сегашното мое гледање на работите, мислам дека тогаш Ченто не згреши.

- Што се случи потоа?

- Како што е познато, работите потоа добија сосема поинаков тек. Ченто поднесе оставка и се врати во Прилеп. На едно заседание на Народното собрание на Македонија, свикано по друг повод, излезе на говорницата Цветко Узуноски, министер за внатрешни работи, и изјави дека "народниот непријател Ченто се наоѓа во рацете на државната сигурност". По оваа вест следуваше голем аплауз во салата на Парламентот.

На крајот, по инсценираниот судски процес, кога Ченто е осуден на тие 11 години затвор, јас навистина со жалење го примив сето тоа. Зашто беше многу честит човек, голем патриот.

- Ова ли е се од вас?

- Ние, до 1948 година мислевме дека градиме комунизам и дека ние сме војници на Партијата. Верувавме во неа. Видете го случајот со Панко Брашнаров, кој така сурово умре на Голи Оток. А во војната имаше кариеристи, неморалисти, расипани, гадови, наспроти идеалите и чесните луѓе.

Марија Андоноска – Јакимоска (ќерка на Методија Андонов) архитект во Прилеп:

- Да се живее децении и децении со тешките и непреболни лузни, како дете, на предавник на земјата, која, мојот татко ја сакаше повеќе од се на светот, беше премногу тешко и тоа никогаш не заминува во заборав. Низ каков ли пекол минавме ние, неговото семејство...

Ете така за првпат, а се уште со доза на извесна резервираност, многу кусо проговори Марија Андоноска, и додаде: - Како ли

може да се чувствува човек, какви ли траги останале во сите нас кога ни се затворале врати пред нашите очи, кога сме биле неброени пати пред непробојните ѕидови на молчењето, кога од тоа шиканирање на секој чекор не сме можеле да го добиеме она што нормално ни припаѓало. Или мајка ми, која по 25 години чекање пензија по смртта на татко ми Методија, ја доби, но, за жал, не многу време и пред нејзината смрт.

И така постојано – неизвесност, страв, борба за корка леб, за да преживееме, тоа беше нашиот живот, нашата судбина. Мајка ми остана многу горделива и непокрона, иако работеше се од утро до мрак, переше, ткаеше, садеше тутун, помагаше, само за да го прехрани нашето семејство, а потоа и да не школува, да не изведе на пат, мене и браќата Илија, Андон и Владимир.

Марија Андоноска, ни приспомнува уште еден детаљ: - По апсењето на татко ми, кога уште не знаевме што ќе се случи со него, беше извршена конфискација на мебелот, купен додека бевме во Скопје и тоа со лучни средства и со сочувани потврди. Бев мала, а сепак, добро паметам кога дојдоа со два камиона, мислејќи којзнае што ќе кренат од куќата на Ченто, за да покажат потоа дека неправедно се збогатил... Што однесоа – кауч, неколку столчиња, масичка и тука некаде завршува списокот на спечаленото богатство, - рече меѓу другото Андоновска.

Методија Стојкоски, тогашен личен возач на претседателот на Президиумот, Ченто: - Сеќавањата за Методија Ченто никогаш нема да избледнат, бидејќи умееше од луѓето да создаде пријатели кои нема да траат еден ден или една година. Се наоѓав во неговата најнепосредна близина за сето време додека беше претседател на Президиумот. Јас бев личен возач на претседателот, но најмалку бев само тоа, бидејќи ги возев и другите. Со Ченто одевме и низ Републиката и надвор од неа, гледав како го застануваа луѓето, им приоѓаше и тој. Беше многу срдечен, сакаше секого да го сослуша и да помогне.

Инаку, во Скопје, јас и не го палев автомобилот, зашто кога ќе му понудев да го однесам дома, тој одбиваше. Живееше во центарот на градот и велеше оти нема потреба, а така да речам,

го бркаше и неговиот личен чувар.Се чувствуваше слободно: “Па ние се боревме да ги избркаме жандарите и од кого да се плашам. Посебно ако ме сака народот, тогаш навистина од кого страв и зошто чувари зошто стражи...” велеше Ченто. Инаку, скромноста и оној непосреден однос му беа најголемата човечка одлика, за разлика од некои други, кои поиаку си го наредија животот...

Василе Десоски, фотограф, интерниран заедно со Андонов во бугарските логори, кој со своите сеќавања за Ченто се враќа децении назад: - Го знам од чаршијата како многу честит и пргав, како човек со авторитет кој несебично им помагаше на сиромашните и им ги отпишуваше долговите на оние кои немаа да платат. А добро е позната и неговата помош на партизаните.

Заедно поминатите денови во логорот во Чучулигово во Бугарија, ги паметам многу добро. Ченто беше здрав, спортист, и работеше повеќе од сите нас на железничката линија и во тешките каменокршачки отвори. Се сеќавам кога не ослободија, во Софија имавме малку време и влеговме во една антикварница, Ченто купи книга за Миладиновци која ја читавме натаму по патот за Прилеп. И не можам да не спомнам дека идејата за Македонија не го напушти никогаш. Тој во неа и за неа ги даде сите свои идеали и им се предаде целосно, не штедејќи се...

Димитар Алексиевски Пекар, раководител на Второто одделение на Оперативната зона на УДБА. (Името на Пекар, повеќемина наши соговорници го доведуваа во директна врска со апсењето на Ченто во Прилеп, па оттаму и беше логично да се чуе мислењето и на Димитар Алексиевски.):

- При навраќањето на сите настани од минатото, пожелно е да се гледа во контекст на тогашното време, на настаните и фактите врз кои се правени одредени чекори. Во конкретниот случај, кога е во прашање Ченто, должен сум да кажам, дека јас лично, иако ме споменуваат, не сум учествувал во неговото апсење.За тоа не сум имал и потреба. Во тоа време јас бев раководител на Второто одделение на оперативната зона на македонската УДБА. Од наши луѓе, врз основа на сознанијата

со кои располагавме, за некои контакти и подготовки за бегање на Ченто во Америка преку Грција, беше издаден налог за негово апсење. За целиот случај имаше посебна документација која беше подготвена од надлежните служби. Пред да се изврши ова апсење а и потоа, специјални комисии, меѓу кои имаше и една сојузна, вршеа проверка на сите доказни материјали. Сето тоа значи дека ништо случајно не е правено, и за се имало причини и поводи.

- Каде е всушност апсен Ченто?

- Апсењето на Ченто од луѓето на УДБА е извршено во Прилеп, и тоа во неговиот дом. Јас не се сеќавам точно каде бев, но знам дека во Прилеп не присуствував, бидејќи за тоа немаше ни потреба.

Веднаш по апсењето, Ченто од нашата страна, од Службата на УДБА, беше пренесен во Скопје. Потоа постапката ја водеа истражните органи со кои нашата служба немаше никакви контакти. Практично со тоа заврши постапката која беше во надлежноста на УДБА. Оваа работа од апсењето до предавањето на истражните органи на Ченто траеше многу кратко.

Но, се сеќавам дека во случајот Ченто имаше документи врз кои ние, како одговорни и задолжени за овие работи во тоа време, ја извршивме поставената задача. Потоа траеше процесот за кој знаете како заврши, - рече на крајот Димитар Алексиевски-Пекар.

Киро Поп Атанасоски, занаетчија долги години во прилепската чаршија: - Преку глава ми поминаа многу провокации по апсењето на Ченто и тоа наседаке околу мене, поточно околу нас, но јас си ја гледав работата. Факт е дека Ченто за време на сите режими пркосно го истакнуваше своето национално битие, кое и на крајот скапо го чинеше. Немилиот настан во Гимназијата во Прилеп во 1940 година не заминува во заборав. Да се има храброст пред тој аудиториум, пред тие фанатици и во тоа време да се каже тоа што го кажа Ченто, беше навистина невидено и нечуено. Тепањето, малтретирањето и затворот не

го поколебаа... Инаку што се однесува до заминувањето преку граница, ако сакаше да оди сите мариовци му беа пријатели. Тие ќе го пренесеа без никој и никаде да чуе и види...

Благој Чонески – Чоната, претседател на Општинскиот одбор на борците од Прилеп, меѓу другото, ни рече: - Беше решителен, храбар човек, кој во партизаните отиде од убедување, и неговото излегување на 42-годишна возраст беше голем поттик за што побројно заминување на прилепчани во редовите на НОБ. Тој беше во стројот на бригадите на многудневните тешки маршеви од Дебарца кон Егејскиот дел на Македонија, натаму кон Козјак и Куманово...

Цветан Стефановски, пензионер, ни раскажа еден интересен детаљ кој заслужува да биде забележан: - Бев во Кавадаречко на служба, вели Стефановски, кога летото 1946 дојде наредба: Бидете подготвени, утре Ченто ќе бега преку граница... Само тоа и ништо повеќе. А јас претходниот ден го видов, работеше нешто пред дуќанот, во чаршијата. Значи, сценариото било напишано и добро однапред се знаеше се што ќе се случува со Методија Андонов.

На судењето во Скопје присуствувала и Сава Кантарџиева од Охрид, која приспомнувајќи се на доста моменти, изрази желба да проговори за и околу атмосферата присутна на процесот во Окружниот суд: - Првиот ден кога очекувавме да влезе обвинетиот, дојде една група, главно помлади, од кои повеќето беа жени. Меѓу нив на клупите се најдовме и ние, дел од роднините. Новодојдените изгледаше како да пристигнуваат организирано.

Кога почна судењето, ми падна во очи преголемата смиреност на Ченто за време на читањето на обвиненијата и кога одговареше на некои прашања. Мошне чудно беше тоа, зашто тој беше познат како доста темпераментна, а овде како да гледавме сосема друга личност. Што ли стана со него? Какви ли промени настанаа и зошто? Толку пати се прашував и тоа навистина не ми беше јасно, а се сеќавам дека се бранеше само повремено. Рече оти не мислел да бега и оти не е фатен на граница... присутните – публиката, само што ќе изустеше

Ченто, толку гласно се смееја, што тоа страшно нервираше и го одвлекуваше вниманието од распитот, а можам да сфатам како се чувствуваше обвинетиот.

- Во вечерните часови, вели Кантарџиева, по завршувањето на процесот, тргнавме со сопругата на Ченто кај еден пријател за таму да ја минеме ноќта. По патот, гласно ги коментиравме впечатоците од судењето, па негодувавме и сл. Кога не престигна некој во темнината и грубо ни се закани да престанеме да зборуваме оти веднаш ќе мора да тргнеме по него. Овој непознат, а сепак препознатлив укор, навистина успеа да не замолчи и да не исплаши. Повеќе не изустивме ниту збор – вели Кантарџиева.

Милан Самакоски сограѓанец, адвокат во пензија:

- Го видов како дете, го доживеав како остарен човек. Од 1923 година беше во редовите на оние што се бореа за ослободување на Македонија и тој континуитет го одржа до смртта. Немирлив беше ниту со големосрпската, ниту со големобугарската и со никој друг режим и полиција, кои така безочно се пресметуваа со македонските револуционери, со остатоците од комитите, убивајќи ги најсвирепо, фрлајќи ги низ прозорците, наместувајќи им несреќни случаи. Во тоа тешко и опасно време, на мегданот за слобода на Македонија во овој крај беше и Ченто, кој влезе со голем елан и авторитет, како неуморен борец и агитатор на слободољубивите и прогресивни идеи.

-Го нарекуваат тврдоглав, како го познававте вие?

- Да, читам од некои што пишуваат, а и други што даваа изјави па го квалификуваа како тврдоглав, како човек со кого потешко се излегувало на крај. Ништо понеточно не е кажано за еден чесен Македонец, принципиелен, и целосно предаден на идејата, за борба против окупаторите и тешката поделба на Македонија. Тоа што некои го сметаат за тврдоглавост, всушност, е цврсто застанување и останување на своите убедувања.

Чентo секогаш беше со нас, со студентската група која го револуционизираше народот, а неговиот дуќан добро познат центар. Тој не престана да помага никогаш. И на луѓето и на партизаните во кои замина кога веќе беше во поодминати години. И, на крајот, стана прв претседател на првата слободна, по толку векови Македонија. А јас, и сто животи да имам, нема да поверувам оти бегал непријателски, шпионски, како што така тешко го оквалификуваа...

Вера Ацева: - Чентовите застапувања за правата и интересите на македонскиот народ се познати. Познато е и тоа дека како граѓански политичар, иако не беше комунист, тој соработуваше со нас, со членовите на Партијата, во чии редови стапи за време на НОВ. Беше човек со свое јас и него го убедуваа само фактите а не дисциплината и вербализмот...

Кога беше симнат од претседател и апсен не знам, но се зборуваше дека е тоа сторено бидејќи ја бранел буржоазијата, а денес ценам, дека како постар, поискусен човек во тоа време, тој бил за поумерени постапки. За жал, тогаш поголемиот дел од нас, прилепските раководни кадри, сеедно кој каде беше и дали директно, индиректно или воопшто не беше известен, а поради нашиот преголем идеализам, нашата младост и наивност, не бевме во можност да согледаме некои игри во политиката. Се на се, се чини оти во тоа време некои популарни луѓе во Македонија не беа пожелни.

Борко Темелковски – Лилјак: - Јас немав некои директни контакти со Методија Андонов Ченто, а за време на војната бевме на различни страни од боиштата во Македонија. Така што не можевме да се сретнеме дури ни тогаш кога бевме членови на првиот Иницијативен одбор за свикување на АСНОМ, формиран есента 1943 година, чиј претседател беше тој а се состоеше од само шест члена.

Го сметав за голем Македонец, за патриот и чесен човек, кој со своите сфаќања и со својот мироглед, остана еден граѓански политичар со углед, кој ја прифаќаше линијата на Партијата и во чија соработка беше многу отворен, искрен и активен, - рече на почетокот од нашата средба Борко Темелковски.

- Меѓутоа, по ослободувањето се покажа дека еден дел од луѓето, меѓу кои беше и Ченто, останале со своите гледања во, ако така можам да речам, граѓанско еснафски хоризонт. И кога револуцијата беше принудена во периодот на востановувањето на новата власт да презема поострi, а во извесни моменти и ригорозни мерки за свое зацврстување, за решавање на важни животни проблеми, сврзани со исхраната на населението, со снабдувањето на војската итн., во такви услови, морало да се посегне по извесни непопуларни мерки конфискација, оданочување на побогатите и слично. Тогаш Ченто почнал полека да се дистанцира, па некои од тие преземени мерки нему му наликувале на неправда.

- За некои мерки Ченто имал и отпор?

- Сигурно дека не значи, - вели натаму Темелковски, - оти сите мерки што ги спроведувала Републиката не биле без ексцеси. Не. Зашто во некои моменти не можеле да се контролираат однесувањето и потезите на одделни луѓе, кои требало и кои морале да ги спроведуваат тие мерки. Затоа и се случувале ексцеси кои немале законска основа, кои не биле на линијата на револуцијата и го разгорувале чувството, дека се прави нешто што не е в ред. Тоа кај некои граѓани, а претпоставувам и кај Ченто, предизвикало своевиден отпор...

Меѓутоа, колку и да биле некои негови грешки и скршнувања од линијата на Партијата, дисонантни, не би смееле да бидат причина за конечниот раскин со него, а уште помалку да бидат повод тој да се третира како непријател, - продолжи натаму со своите сеќавања, Борко Темелковски–Лилјак. – Затоа, основно што би требало да го одржи Ченто и натаму во редовите во кои и за кои се избори; биле неговата улога што ја одигра во текот на НОВ, особено како прв претседател на АСНОМ, неговата чесност, македонскиот патриотизам и готовноста да соработува со народната власт.

- Имал и критички забелешки?

- Неговите критички забелешки што во повеќе наврати ги искажувал во однос на политичката што ја водела власта, можеле да бидат и неприфатливи, но морале да се земат како израз на чувство на еден чесен човек и како израз на несогласувањата со одделни мерки. Меѓутоа, преголемата осетливост на власта, довела до раскин со него, па денес и мене не ми е јасно – зошто? Причина за разидувањето што избило на површина биле тие негови автономистички гледања, тезата за отцепување на Македонија и за спојување со други држави, како и да се изнесе македонското прашање пред ОН.

Сите тие сознанија за Ченто, доколку биле изнесени во Политбирото, за мене барем, биле вистински кои доаѓале во Партијата од извори, за кои не сум можел да ја проверам веродостојноста, посебно (поради статусот на ОЗНА). Тоа што ни се нудеше нам, заначеше (така барем веруваме) оти е веќе проверено на компетентно место. Иако, можеби, сме имале и двоумење, некои работи се примале и болно, но сепак биле прифаќани како такви. И, неискрен е тој што ќе рече поинаку, подоцна.

- По судирот на Ченто со Партијата, членовите го прифаќале ставот на Партијата. А, ние дури сме држеле и говори, сме го споменувале името на Ченто и сме биле на линијата – да не се прифаќаат неговите ставови. И, се поради тоа што такви биле информациите кои не само што сме ги добивале, туку сме ги прифаќале како точни, како вистинити.

Што се однесува до апсењето, за мене излегува сосема јасно, барем судејќи според она што беше присутно во печатот, оти Ченто не бегал преку граница, туку е земен и одведен од дома. Што се однесува, пак, до тврдењата кои се појавија во печатот дека Ченто е неправилно осуден, овие тврдења до сега никој не ги демантирал.

Во конечната сметка од ова временска дистанца кога се посматраат настаните, не би требало да се заборави дека Партијата дејствувала по еден болшевички, сталинистички систем. Во такво време, во таква констелација на односите, зборот на раководството бил – вистина, за сите комунисти. Па

додека се имало партиска книшка, комунистот бил човек од посебен ков, непогрешлив и се што ќе направел е направено добро. Во овој момент кога ќе ја загуби книшката, тој за општеството веќе сатнува отпадник.

Значи, или си бил светец, или си бил ѓавол. Комунистот и кога требало да каже – не, тој веднаш требало да се праша – што ќе биде со него, - рече меѓу другото Борко Темелкоски-Лилјак, изнесувајќи свои сеќавања за Методија Андонов Ченто.

Димче Мире, тогашен референт за просвета на Федерална Македонија:

- Основно е народот да ја знае вистината, зар не? – беше првото прашање упатено до Димче Мире.

- Народот мора да ја знае вистината и најопасно е кога се молчи, кога не му се обелоденува, кога е излажан. Никој не треба да бега од одговорноста, каква и да е таа, - рече Димче Мире.

- Ченто е оквалификуван како непријател?

- Ченто како непријател е оквалификуван, но од оние кругови и врвови кои решавале, кои ја имале моќта, и чиј избор бил конечен. Како човек и како активист уште од стара Југославија, беше патриот каков што можела да посака Македонија. Израснат во сиромаштија во него беше огромна желба да успее. И успеа. Стана граѓанин од прв ред. Се што спечали во Прилеп го создаде чесно, со труд, без крадење и махинации. Тој така и во Револуцијата кога тргна остави се и замина. А отиде од уверување, како голем патриот, и кој може на тоа да приговори.

Не ги примаше работите априори и доколку се убедеше во нешто, имаше смелост да го брани тој свој став. А беше Македонец пред се. Тоа некому не му се допаѓаше. Не беше комунист. Не. Но, беше многу прогресивен, па не случајно ние, интелектуалците од Прилеп околу 35-мина го зедовме Ченто да биде наш кандидат. На изборите во 1938 година, го поддржавме како заменик на Ќиќевиќ на парламентарните избори. Какви ли

не притисоци се вршени на него, меѓутоа, никој не успеа да го скрши. И затоа, не можел Методија да биде непријател. И не е. Друго е тоа што инсистираше на своето, што упорно стоеше на своите позиции.

- Беше смел борец. Реков, и немаше сила која можеше да го исплаши. Што не сторија окупаторите да го направат свој човек, но тој не се даде никако, туку се бореше жестоко против нив. Тој и во Револуцијата појде од убедувањата и од длабоки, чисто македонски идеали. А беше работлив човек и не можеше да замисли седење со скрстени раце. Како претседател на Президиумот, на пример, тој немаше којзнае каква работа.

- А зошто?

- Па бидејќи се узурпира врвот на Партијата. Тие ќе се договореа таму и ќе дојдеа со готови решенија. Така беше и во владата. Јас бев нејзин член. Само нека може некој да заземе друго становиште. Тоа го решиле и готово – решено. Се сеќавам во поткрепа на ова, кога требаше да се формира првата македонска влада во април 1945: другарот Колишевски, сите нас кои бевме членови на Президиумот и водевме некој сектор, не викаше и ни ги соопштуваше решенијата, ако така може да се каже. Го повика и Ченто. Му рекол (тоа Ченто ми го кажа подоцна) дека тој ќе биде повторно биран за претседател на Президиумот. На тоа Ченто одговорил: “Не сакам да бидам претседател, јас не можам без работа. Затоа, сакам да бидам министер за трговија. Проблематиката добро ја познавам, сум се занимавал со неа, и во овие тешки времиња можам да придонесам за подобро снабдување на населението...” – Ми се чини дека сето тоа, - вели натаму Димче Мире, -му се бележело и му се пишувало како минус. Да, точно како минус.

- Тој имаше поинакви гледања и за некои потези, како на пример, при распишување на првиот заем (данок) во 1945 година кога им даде за право на некои прилепчани за наводно големите давачки што им биле наметнати со него, а јас мислев поинаку, и кога дојдоа во Скопје да се жалат, Ченто им даде за право, а не беше во право. Тоа јас им го реков.

Но, во секој случај, Ченто е име во нашата историја и никој не може да го збрише. И нема потреба да се брише. Секој активен борец има добри и лоши страни во својот живот. Тоа што не му чини, не му чини, но тоа што е негов плус и негов придонес на Револуцијата, на победата, тоа е неговото. И колку повеќе такви личности има, толку повеќе нацијата добива.

- Борбата против Ченто е јасна, настојувањето е од вчерашни дни (денес веќе не може така) да се оцрни, да му се припише и што треба и што не треба. И што е, и што не е негово, апсолутно не стои. Тоа се злобни јазици на злобни луѓе. Извршувањето на делото го правеле обични луѓе, но наредбата е дадена од врвот и тоа никој не може да го избегне, - го продолжува своето кажување Димче Мире. – И тие трба да имаат кураж да излезат пред ова општество и да кажат, но да ја кажуваат вистината.

- Обвинет е при обид за бегање преку граница?

- Тоа е најсрамното нешто, - беше категоричен Мире. – Ченто како човек не беше таков, тој не бегаше од одговорноста и немаше зошто да бега од татковината, како предавник. Не можеле друго да му најдат па му ја нашле таа најмизерна лага. Велам дека е најмизерна лага, еве зошто: Ченто беше осуден и одлежа затвор. Еден ден јас одам во Прилеп и го наоѓам како меша вар при изградбата на една зграда. Мене душата ме заболе. Па зар дојдовме до таму да ги уништуваме своите врвни, предани борци. Ако е виновен достојно, нека го заврши животот а не на тој начин. Заштo, само државата губеше. Народот не можеше никако да го сфати тоа, а всушност, беа поени за Ченто.

- Што тука, човеку, - му реков. На тоа прашање Ченто одговори: “Па, еве, гледаш. Станав варџија...”

Откако се разболе многу тешко, по пуштањето од затворот, Ченто барал да му дозволат да се лечи во Швајцарија, но, не го пуштиле. – Ченто, ти си паметен човек, -му реков. – Остани докрај со кренатата глава. Нема да те пуштат и да не бараш, да не молиш да се смилуваат тие што те уништија. Тогаш ми го рече

ова: “Ама какво бегање. Ти ме знаеш мене дека јас не сум така скроен. Само не можам да разберам кому толку му пречев, па сето ова да го измисли, мене да ме уништи.”

- Нема никому да му прости историјата. Никому, - вели нашиот соговорник. – Ќе си умрат тие, можеби, и самонаречени херои. Вистинските паднаа на бојното поле. Но е многу добро да соберат кураж и човечка смелост па да излезат и да ја кажат вистината. Подобро тие, отколку историјата утре сама да им суди, - рече Димче Мире.

Коле Чашуле, судија-поротник на процесот во ноември 1946 година, кога Методија Андонов е осуден на 11 години затвор: - Методија Андонов Ченто е една од маркантните личности во предвоеното опозиционо движење во Македонија. Тоа негово место нема никава причина да биде осветлувано поинаку, одошто е вистината за него. Македонскиот народ воопшто, ниту некој пак поединечно, нема право кон таа вистина нешто да придодава или да одзема, - рече на почетокот Коле Чашуле.

- Ченто е сложена личност, контроверзна. Со темперамент кој е несекојдневен, со многу прилепско во тој темперамент. Во политичката орбита е влезен колку воден од неговата амбиција и убедување, тројно повеќе од потребата на тогашното опозиционо и ослободително движење во Прилеп да се изнајде фигура во чаршијата, којашто нема веднаш да биде маркирана, а со тоа и оневозможена, како комунист. А прилепската чаршија отсекогаш била фактор од пресудно влијание во поведението на градот. Како таков тој беше истакнат и како кандидат на Здружената опозиција и стана синоним за борбата на изборите, особено во 1938 година.

Комунистичката партија во Прилеп не само што го активира и му даваше поддршка на Ченто, ами изврши големо, а можеби пресудно, влијание во изградувањето на неговата политичка свест. И акција. Ние, тогашните студенти и комунисти со големо внимание се однесуваме кон него и со јавни симпатии. А и тој имаше исти за нас.

- Какви се контактите и какви се релациите со Ченто во тоа време?

- Моите контакти со него, бидејќи тие години јас работев главно во Белград, студирав, беа повремени. А и разликата во годините си го правеше своето. Поблиски врски со него немав ни до 11 Октомври 1941 година, по што заминав од Прилеп и не се вратив во него до крајот на 1944 година. За тоа дека тој им се придружил на партизанските одреди научив од Манифестот на Главниот штаб кога го добивме в затвор. Признавам, неговото име за мене, и не само за мене, беше еден вид изненадување, нечекано затоа што очекувавме на чело на Главниот штаб да се најдат други личности. Меѓутоа, неговото име го примивме со симпатии.

Веднаш по ослободувањето немав подиректни контакти со него бидејќи работев во Порече. Но, откако преминав за секретар на ОК КПМ за Прилеп, а тогаш секретарот на ОК беше и секретар на Фронтот и на власта, се случи акција околу која дојде до своевиден конфликт со Ченто.

Имено, немајќи пари да ги исплатиме службениците и да ја одвиваме нормалната дејност во градот, ние, на мој предлог, решивме да свикаме народен собир, нешто како митинг, и, без репресија, јавно да побараме во таа ситуација да помогнат со пари оние кои печалеле за време на окупацијата. Всушност, се работеше за обид да се зафати, на еден своевиден начин, без сурова репресија, дел од воената печалба, - продолжи Чашуле.

Тој собир се свика во тогашната Соколана. Луѓето дојдоа. Митингот, со самото присуство во градот, бездруго, изврши притисок на дел од повиканите, доброволно да пријават помош. При што, пак, од своја страна, тутунарите понудија на младата македонска држава без надомест да и ја подарат целата реколта од таа година. Собирот сврши без инциденти. Неколку дни по тоа, бев известен дека е дојден Методија Андонов Ченто, дека ги има собрано таканаречените чорбации во “Балкан” и дека ја критикува нашата акција, што значеше дека и ги окуражува да не ја извршат ветената обврска. Млад, усвитен, каков што бев тогаш, со моите 25 години, јас го разбрав тој негов гест (без да

не повика и нас) како дезавуирање на Комитетот, па побарав да дојде в Комитет или ние да отидеме таму, па лице в лице да ги расправиме работите. Ченто тоа го отфрли. Употреби не само критичи зборови за нашата акција, ами и навреди, сведувајќи ги на детинштина, партизанштина, со денешен јазик речено, на волунтаризам.

Цената за тоа, се разбира, ја платив јас. Бев сменет од функцуијата секретар на ОК КПМ и префрлен, еден вид по казна, во Скопје. Најголемиот приговор е дека народот на еден од митинзите почнал да го скандира моето име, барајќи да говорам. А тоа му пречеше можеби најмногу на Ченто. Но, крајот беше тој.

- Како да се допре вистината?

-Оттука натаму јас немав никакви контакти со него. Затоа денес кога се прават побитни, чесни и праведни напори да се отвори до крај вистината, нужно е целата работа коректно да се димензионира. Еуфоријата и емоциите тука многу не помагаат. Фактите се тука и не е потребна нивна “доградба”.

Еве некои од нив:

За да се затвори тогаш некој, особено ако е тој претседател на АСНОМ и фигура како Методија Андонов Ченто, и покрај сите евентуални прерогативи на тогашната ОЗНА, не можело без политичка одлука и согласност на највисоките раководни тела во Македонија – Централниот комитет и неговото политвиро, раководството на Народниот Фронт, Претседателството на АСНОМ и владата на Република Македонија.

И нешто повеќе, со оглед дека Ченто, како претседател на АСНОМ, ги надрастуваше рамките на Републиката, таква одлука не можела да се смисли, камо ли пак да се изврши без согласување од највисоките раководства на Федерацијата. Во прв ред на политбирото на ЦК КПМ и лично на Тито. Оттука, сите анализи на затворањето на Ченто, па и судскиот процес, треба да бидат разгледувани најпрвин во тие координати. Процесот немаше да биде одржан да немал безмалу унисона

поддршка на сите учесници во тие раководства. Понатаму, тие морале – било нивна морална и комунистичка обврска, да бараат да бидат во тек со: апсењето, истрагата и процесот, со можност да интервенираат ако констатирале, во која и да е фаза, нерегуларности, особено ако е во прашање-монтиран процес, - вели Чашуле.

- И по толку децении, судскиот процес е енигма?

- Судиите на процесот доаѓаат, сосем како и самиот процес, како последен чин, пред кој се извршени сите претходни дејства, во кои е неотповикливо присутна широката, но и поединечната одговорност на сите кои ја донесувале одлуката или ја прифаќале со замолк. Без штогоде отпор.

Историските факти непорекливо ќе докажат дека во сеопштата манипулација, имено, судиите се исто толку жртва колку и обвинетиот. А најголема жртва е јавноста, заедно со обвинетиот.

Според нашиот соговорник, неправда е да се создава денес една нова манипулација, и овој пат со јавното мислење.

- Пред и да се утврди што и да е, мора да се каже кои се личности во македонскиот политички врв, по име и презиме, по функција биле во можност да влијаат, дали тие работеле од свои побуди или биле само извршители на заповедите на највисоките органи на Федерацијата, и воопшто дали дале и каде, во раководствата, каков и да е приговор, отпор или неслагање со апсењето и судењето на Ченто, па и со пресудата.

- Каде е запалено "зеленото светло", чија одлука е тоа?

- Не можело тогашната ОЗНА да преземе една ваква акција спрема еден човек како што е Ченто, а да нема зелено светло, целосна слобода да изманипулира цела една игра и да монтира цел еден процес. Тоа и најнаивните нема да го поверуваат, - додава Чашуле и продолжува:

- Значи, апсењето на Ченто, теоријата за неговото бегство преку граница, процесот, пресудата, па и неговата робија – се мошне прецизно осмислени:

- политичка одлука на највисокото југословенско – па потоа македонско раководство.

Има три категории извршители во сето тоа:

Првата, оние кои ја осмислуваат, планираат, даваат директива и го контролираат извршувањето, со сите прерогативи да интервенираат во сите фази на заговорот.

Втората, непосредните извршители, органите на ОЗНА и полицијата.

Третата, оние – кои се исто така жртви на заговорот, на монтираниот процес, а кои се грижливо избирани со строго и далекусежно осмислени цели: судиите и јавното мислење, народот.

Историската наука, ако не сака одново да биде манипулирана, а со неа и јавното мислење, треба да ги отворат сите прашања и врати до вистината.

Впрочем, станува збор за рехабилитација на Ченто, но и за нешто позначајно – за рехабилитација на интегритетот на Македонија и на македонската ослободителна борба. Станува збор за годините во кои се создавале претпоставките и за некои денешни состојби, особено онаа на зависноста.

- Никој нема право да се изземе себеси, да се однесува денес како тие месеци и години да бил отсутен, да ја заобиколува вистината за своето учество во одлуките за Ченто и во сиот заговор, независно од тоа, дали тоа бил негов свесен акт или упловосан замолк, или верно подаништво коешто се граничи со слепило, - категоричен е нашиот соговорник.

- Некои од актерите во донесувањето на одлуката за апсење, процесот, затворањето на Ченто се мртви. Еден од нив, на

пример, е Благоја Поповски, прилепчанец, близок пријател и комшија на Ченто, а обвинител во процесот. Тој не може ниту да дава објаснение, ниту да докажува дали бил процесот монтиран, а е еден од главните учесници.

Мртви се и некои од тогашните раководители. Но, затоа долг кон вистината е – на сите – да не молчат, да не се затскриваат зад нивното "непаметење" или замолк, кој, сметаат на тоа, ќе ги куртули од јавноста, и од одговорноста.

Некои имаат длабока сметка да молчат.

Но, ниту еден нема право од соучесник во заговорот да се преправа во невинче, коешто, ете, си ги мие рацете оставајќи вината да се премести, неправедно, антиисториски, на делот од жртвите во истава демонска монтажа и манипулација.

И, на крајот, покрај науката постои и еден друг судија – совеста.

Сосем не е случаен изборот но, останувам намерно, само на судот, во него да се сместат двајца прилепски угледни комунисти, со искажан, па и за тогашното раководство, иритантен македонски национален набој: Благоја Поповски и јас. А и да се избере трет прилепчанец кој ќе се задолжи јавно да го изрече нападот на Ченто. Осмислувачот имал јасна премисла. Тоа е денес повеќе од јасно.

Што се однесува до мене, јас мислам, а убеден сум дека сите факти недвосмислено ќе го докажуваат и докажат тоа, дека сум – смислена жртва во целата таа монтажа. Жртва којашто е изманипулирана по линијата на најсветлото чувство на човекот – неговата најискрена приврзаност и верба во Револуцијата и во Македонија.

За да не биде сево ова проста декларација, ќе ги наведам сите факти:

Прво, за конфликтите во врвните раководства на Македонија, во врска со Ченто, па и со политиката околу и во Македонија, за

борбата за власт и престиж во тие години – јас немав безмалу накакви, никакви информации. Работев едно време во Министерството за народно здравје, како началник за општоздравствено просветување, а подоцна во Радио Скопје, како уредник.

Митската оддалеченост на тогашните раководства од нас не отворала никакви можности да бидеме штогоде информирани. Освен така како што сакало раководството.

Коле Чашуле, судија поротник на процесот на Методија Андонов во 1946 година, во продолжението од нашиот разговор, рече: - За апсењето на Ченто, научив, дали сосема случајно, во кабинетот на Видое Смилевски-Бато, кој во тоа време одговареше за идеологијата на КПМ. Бев кај него по сосем друга работа кога тој ми рече дека дента Ченто е фатен како бега на самата граница и дека бегството имало за цел тој да се поврзе со Англичаните, со Интелиџенс сервис и лично со капетан (или мајор) Хил, задолжен тоа времеза Македонија.

- Ченто се товари со претешки обвинувања?

- За мене, млад, усвитен брзомислест, таа вест беше поразителна. Можев да разберам и наши внатрешни судири, макар што за нив во Македонија не знаев ништо, та дури и непријателства од лична природа но, никако не можев да смислам дека нашите прашања, а особено судбината на тукушто ослободената Македонија, да се поврзува со Англичаните и посебно со капетан Хил. Тие беа синоним, за мене, на силата која ја откина Егејска Македонија од нас. Не ми беше јасно како можел Ченто да се спушти на таа нискост. Но, фактот ми беше презентиран како неоспорен факт, од една од најодговорните личности во КПМ, а јас сам тогаш немав достатно опит да се загледам и зад појавната страна на работите. Во таа пригода, думам, јас категорично ги осудив сите обиди да се вовлекуваат странски сили околу нашето прашање, а најпрвин Англичаните, кои ги сметав за главни наши непријатели.

При тоа, не треба да се заборави дека тоа се години, кои, од друга страна, коинцидираат со Димитровскиот период во Бугарија. Извесно време – подоцна, а во меѓувреме не бев чул никакво сомневање во фактот дека е Ченто фатен на самата граница – бев повикан пак кај Видое Смилевски, при што тој ми рече дека тие (се подразбираше највисокото партиско раководство) ме избрале мене за еден од судиите – поротници, и ми беше повторено дека не постои никакво сомневање не само во бегството на Ченто преку граница, ами и во мотивите и врските таму, во Грција.

Во текот на подготовките за судењето учествував сосема малку, но имав контакти, приватни, затоа што бевме во иста соба на робија со Благоја Поповски, обвинителот на Јавното обвинителство, од кое не стекнав сомневање дека се работи за монтиран процес.

На судењето, кое беше јавно, присуствуваа фамилиите, граѓаните. Салата беше безмалку полна. Денес некои ме уверуваат дека тоа биле маскирани или јавни Озновци што допуштам, но јас видов и познав луѓе кои не беа тоа. Нејсе. Не ја менува вистината и целата публика да била изманипулирана.

Позната е долгогодишната традиција на политичките процеси на комунистите и држењето на обвинетите. Познато е и држењето на самиот Ченто пред Судот за заштита на државата во Белград. Познати се, понатаму, примерите на Ѓорѓи Димитров и многу други. На Броз и на Трајчо Костов. Позната е практиката обвинетите да не го признаваат судот и да одбиваат да одговорат. Ништо од сето тоа не се случи на процесот.

- Темпераментниот Ченто бил многу смирен на процесот?

- Ченто, од причини кои му се само нему познати, ниту еднаш не откажа да одговара, не го оспори фактот дека судот е легитимен, не изјави дека е фатен дома, а ни при пребег преку граница, не дојде ни до ексцес при сослушувањето на сведоците. Единствената работа од која беше лишен од претседателот на судот, угледниот Панта Марина беше, должината на неговата последна реч.

При спомнувањето на наводот дека врска на Ченто во Солун требало да му биде Петре Соколовиќ од Прилеп, познат по своите великосрпски убедувања и соработка со властите и диктатура во Кралството Југославија, јас го прашав Ченто (и тоа е моето единствено прашање), од каде на каде, од сите можни врски во борбата за македонската кауза, да го најде името Петре Соколовиќ? На тоа Ченто, смирено одговори: “За тоа сега овде не сакам да расправам.” Ни во Советот на Судот не беше искажано никакво сомневање во монтираноста на процесот, барем не во мое присуство. Ниту, пак, беше разгледувана некаква можност од една таква алтернатива.

Не е мое да толкувам, уште помалку да судам, зошто процесот се одвиваше, имено, така, зошто Ченто го одбра тој пат и тоа држење, зошто не го отфрли судот и не изјави дека процесот е монтиран, зошто не ја исползува трибината, како мнозина порано, за одбрана и на својата личност и на каузата за која се суди... Допуштам, дека за тоа и такво држење тој имал свои причини.

Тоа не ја намалува неговата трагедија, напротив. Луѓе сме, со обврски, со сила на слабост, со способност за жртва за своите најблиски.

- Жртви, манипулации, игри, од се по нешто се споменува во врска со Ченто?

- Дека во сето тоа има нешто, и дека и самиот Ченто, најверојатно, од своите мотиви, знаеше дека сме сите заедно жртви и изманипулирани, за мене најсилен доказ е мојата средба со него, по неговото излегување од затвор. Сосем случајно се сретнавме на некогашната улица Гоце Делчев во близина на Друштвото на писателите. Јас му се приближив, ми беше мило што го гледам на слобода, го поздравив. Тој ми одговори срдечно, без задршка, без никаков негативен поттекст во поздравот. Разговаравме за тоа кога излегол, како е со здравјето, што мисли за понатаму. Разговорот помина во најпријателски тон, без штогоде грд поттекст, од што јас и

тогаш заклучив дека и на самиот Ченто му беше јасно дека и јас сум една од жртвите во тој монтиран процес.

Тоа се фактите.

Притоа, морам да додадам уште нешто. Имено, напорекливо е дека процесот беше јавен, а е познато дека нема полиција на светот којашто ќе допушти јавен процес ако постои штогоде ризик тој да добие поинаков тек и расплет одошто било предвидено во монтажата. Од тоа заклучувам дека ОЗНА и другите фактори имале однапред уверување дека до ексцес, кој ќе го разголи процесот, нема да дојде. Како и што не дојде.

За мене, се додека не се обновија разговорите за легитимноста на самото судење, немаше сомневање во тоа дали процесот е монтиран или не. Од причините кои ги кажав порано.

Значи, во тој процес Методија Андонов Ченто не е ни првата, ни единствената жртва. Во светлината на сегашните сознанија јас се придружувам кон сите барања вистината докрај да се изнесе на видело, да излезат на показ сите актери, од ЦК КПЈ, ЦК КПМ, Собранието на Македонија, владата и ресорните органи, за да се утврди дека манипулацијата нема само една жртва, дека нивниот број е доста голем и дека, на крај, и јас сум една од нив.

- А предлозите за рехабилитација?

- Инсистирајќи на рехабилитацијата на Ченто, јас поставувам јавно барање и за мојата рехабилитација како жртва на овој монтиран процес. И на другите прилепчани, смислено одбрани како дополнителни жртви. Јасно е дека изборот бил вршен врз база на нивната јавно искажувана македонска ориентација, - рече на крајот, нашиот соговорник Коле Чашуле, инаку судија-поротник на судењето на Методија Андонов во 1946 година во Скопје.

Никола Вражалски, тогашен јавен обвинител на Македонија:

- Ченто првпат го сретнав на Козјак, кога ги подготвуваа документите за АСНОМ. Ми остави впечаток на еден чист, народен, директен човек, кој никому не му правеше политика.

- Што мислите за обновувањето на судскиот процес?

- Има место во ова време и во оваа клима и мислам дека веќе никој не може да стави вето на тоа, - смета Вражалски.

Крсте Црвенковски: - Се што се изнесе во расветлувањето на “случајот Ченто” говори дека е тој земен од органите на УДБА од дома, а не како што со години се тврдеше дека е фатен на југословенско-грчката граница при бегство и тоа со декларација во џебот, со која сакал во ОН да го иницира прашањето за создавање самостојна обединета Македонија. Потоа, монтиран му е политички процес на кој е осуден на долгогодишна робија. Ченто беше цврст и во своите убедувања постојан човек. Уште од пред војната имаше голем углед на достоен борец за национални права, а иако не беше комунист, тој беше македонски патриот.

Во годините по војната кога настапивме со планови за болшевизација на општеството и најавивме борба до истребување на занаетчиите, ситните трговци и поимотните селани. Ченто се почувствува измамен и се стави во нивна одбрана. Таквиот став, ние комунистите во тој период го сметавме за ерес и дојде до политичка разврска со Ченто која заврши со негова смена од местото претседател на Президиумот на АСНОМ (прв претседател на македонската република). Ченто навистина имаше и неколку судири со раководството на македонската партија. На пример, есента 1943 година кога во Кичево Главниот штаб поведе разговор со кого да бидат разменети неколкутемина германски офицери што беа заробени, Темпо на листата први ги набележа Лазар Колишевски и Мара Нацева, а Венко Марковски предложи прв на листата да биде Павел Шатев, во што го поддржа и Ченто. Тука настанаа првите кавги.

Натаму и во деновите кога се подготвуваше заседанието на АСНОМ, Ченто кога го одби Темповиот предлог Видое

Смилевски да влезе во Одборот, и кога побара од Смилевски национално да се изјасни бидејќи дошол од Србија, за претседател на Комисијата што се формира за да го сослуша и да го казни Ченто, Темпо го одредува токму Смилевски. Последниот инцидент се случува во врска со донесувањето на првиот Устав на ФНРЈ во кој М. Андонов барал да се внесе Лениновиот принцип за правото на народите на самоопределување до отцепување. Бидејќи ЦК КПМ тоа не го прифати, Колишевски го води Ченто кај Кардељ на разговори во Белград. На крајот е најдена солуција Ченто да може да ја напушти салата на Собранието на Југославија и да не гласа за Уставот. Откако тоа се случи, на Ченто му е наметната етикета сепаратист.

По сето ова сметам дека е потребно на државен план да се расчисти целиот случај, од Ченто да се симнат сите анатеми и тој да се врати во нашата историја, како прв претседател на Македонија. Не сме толку богати со личности за да можеме толку лесно да ги отпишуваме, - вели Црвенковски.

Киро Глигоров: - Трагична е судбината на Методија Андонов Ченто зашто станува збор за една извонредна личност, автентична и народна, за голем Македонец, за патриот, за човек со сопствени ставови и сопствен грб.

Долг е на денешното време да се изнесе сета вистина за него. Во тој случај тоа ќе биде и негова вистинска рехабилитација. Ништо нема да се загуби, а ќе се отстрани една толку црна дамка од новата македонска историја.

## ИСТОРИЈАТА НИКОМУ НЕ ПРОСТУВА

*Сценариото за бегството, процесот, пресудата и побијата- прецизно исмислени*

*Ченто не можел да биде апсен и осуден без знаење на највисоките раководства на Македонија и Југославија*

*Кому му пречеше Методија Андонов*

По сите овие страници, на крајот да го додадеме и следново:

Отворањето на досието на Методија Андонов Ченто од оваа временска дистанца и во оваа 1990 година беше своевиден предизвик: кога не можат да поколебаат ниту затворените и испразнети архиви, ниту ѕидот на молчаливите, ниту дочекувањето со сомничави погледи и испраќањето со “добронамерните” одвраќања од олку “тешки” теми. Голема беше настојчивоста упорно да се трага за да може чесно да се отвори, да се открие и заокружи, конечно така и да се почнуди макар дел од вистината за Ченто. Се разбира, толку колку што дозволуваа сведоштвата зад седум катинари, толку колку што подадоа рака да помогнат отворајќи ја душата да проговорат дел од оние најповикани негови современици; директни и индиректни учесници, блиски и далечни, познати и непознати.

Табу-темата Ченто веќе не е она што беше вчера. Конспиративноста се надеваме дека останува во аналите на едно минато време, и конечно, поприлично е откриен превезот под кој повеќе од четири децении беше затскриено многу непознато, замолчано, исконструирано и рашомонско за првиот претседател на Република Македонија.

И тоа од годините на неговата младост, низ работничко-дуќанџиските децении: како видна личност на прилепската чаршија; како силно немирлив со режимските капи и деспоти. Натаму, неговото излегување во редовите на НОВ и членувањето во Главниот штаб, изборот за претседател на Иницијативниот одбор, а потоа и за претседател на Президиумот на АСНОМ – воздигнувањето до тронот – прв претседател на Македонија, се до заминувањето од политичкиот живот, неговото апсење, судење и неговите единаесет затворски години, кое се заедно, не малку наши соговорници ги нарекоа и оквалификуваа како монтирани, предлагајќи рехабилитација на Ченто и негово враќање во страниците на нашата историја, во кои тој и припаѓал.

По се ова забележано и понудено, логично останува неминовното прашање – колку, како и дали е воопшто виновен Методија Андонов Ченто?

Одговорот ќе го извлечат и самите читатели, а чекор натаму и своевидна, би рекле разврска и сатисфакција, секако е тоа што Боречката организација од Прилеп, формирајќи посебна комисија, побара да се симнат табуата и, најпосле, вистината за Методија Андонов да излезе на видело. И семејството Андонови упати барање до Окружниот суд во Скопје, кое е проследено до Јавното обвинителство на Македонија за повторување на постапката и за обновување на судскиот процес од 1946 година, за да може денес пред лицето на правдата и пред лицето на јавноста да се отвори и да се расчисти случајот Ченто.

Историјата ја пишуваат историчарите. По правдата трагаат правниците. Ние низ овие страници имавме единствена намера и желба, публицистички што поодблизу да го отвориме досието за Методија Андонов, доближувајќи му ја на читателот оваа необична, значајна фигура на поблиското македонско минато и потоа.

**КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| АФЖ | АНТИФАШИСТИЧКИ ФРОНТ НА ЖЕНИТЕ |
| ГШ | ГЛАВЕН ШТАБ |
| ДАГ | ДЕМОКРАТСКА АРМИЈА НА ГРАЦИЈА |
| ЕАМ | НАЦИОНАЛЕН ОСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ |
| ЕДА | ГРЧКА ДЕМОКРАТСКА ЛЕВИЦА |
| ЕЛАС | ГРЧКАНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА АРМИЈА |
| ПОН | НАЦИОНАЛНА СЕГРЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЛАДИТЕ |
| ПГ | ЗЕМЈОДЕЛСКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА |
| ИБ | ИНФОРМБИРО |
| ЕППЕ | ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ НА ПОЛИТИЧКИТЕ БЕГАЛЦИ ОД ГРЦИЈА |
| КЗ | КРИВИЧЕН ЗАКОН |
| КОЕМ | КОМУНИСТИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕ ДОНЦИТЕОД ЕГЕЈСКА МАКЕДОНИЈА |
| КПГ | КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ГРЦИЈА |
| КПЈ | КОМУНИСТИЧКА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА |

КПМ КОМУНИСТИЧКАПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
МАИ ЕДИНИЦИ ЗА ЗАШТИТА НА ВНАТРЕШНОСТА
НРМ НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
НОВ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈСКА
НОД НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ
НОМС НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН МЛАДИНСКИ СОЈУЗ
НОФ НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
ООН ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ
ПБ ПОЛИТБИРО
ПДВ ПРИВРЕМЕНА ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА НА ГРЦИЈА ФОРМИРАНА 1947 ГОДИНА НА ГРАМОС, КОЈА НИКОЈ ДРУГ НЕ ПРИЗНАВА ОСВЕН ТАА САМАТА СЕБЕСИ.
ПЕЕА ПОЛИТИЧКИ КОМИТЕТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕ
ПЗ ПРИНУДЕН ЗАКОН
СНОФ СЛАВЈАНОМАКЕДОНСКИНАРОДНООСЛОБОДИТЕЛЕН ФРОНТ
УДБ УПРАВА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
ЦК ЦЕНТРАЛЕН КОМИТЕТ
ЦС ЦЕНТРАЛЕН СОВЕТ.